# ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13 -ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW НА ДЕЛОВИ ОД КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО НЕГОТИНО - ОПШТИНА НЕГОТИНО

Скопје, 2025 година

# ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНКА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**Плански документ:**

**Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на делови од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино, општина Неготино**

Подготвено од:
МАНЕКО Солушнс ДООЕЛ Скопје

Скопје, 2025 година

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ

| | |
|---|---|
| Документ: | Финален извештај за стратегиска оценка на животната средна<br>Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на делови од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино, општина Неготино |
| Изработил: | Друштво за консалтинг за животна средина Манеко Солушнс ДООЕЛ Скопје |
| Доносител на планскиот документ: | Министерство за транспорт и врски |
| Планскиот документ го подготвил: | Друштво за урбанизам, проектирање и инженеринг ТЕКТОН ДООЕЛ Скопје |
| Датум на изработка | Скопје, 2025 година |
| Надлежен орган: | Министерство за животна средина и просторно планирање |

**Одговорно лице за изработка на документот**

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | М-р Марјан Михајлов, дипл.инж. за животна средина |



| | |
|---|---|
| Учесник: | Надежда Петрушевски, дипломиран еколог |

**МАНЕКО СОЛУШНС**
**Друштво за консалтинг за животна средина**

Адреса: Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 96-1/25
Контакт: 02 6142 209, 076 298 297

www.maneko.com.mk
contact@maneko.com.mk

**MANEKO SOLUTIONS**
**Environmental Consulting Company**

Address: Mitropolt Teodosij Gologanov 96-1/25
Contact: +389 2 6142 209, +389 76 298 297

www.maneko.com.mk
contact@maneko.com.mk

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД .......... 7**

**1 | ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКА ОЦЕНКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА .......... 9**

**2 | КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКА СО ДРУГИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ .......... 16**

2.1 | Вовед .......... 16
2.2 | Главни цели на планскиот документ .......... 17
2.3 | Опис на планскиот документ .......... 17
2.4 | Врска со други плански документи .......... 41

**3 | СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И АЛТЕРНАТИВИ 48**

**4 | СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА .......... 50**

4.1 | Географска положба на планскиот опфат .......... 50
4.2 | Климатско-метеоролошки карактеристики .......... 50
4.3 | Релјефни карактеристики .......... 51
4.4 | Геолошки и тектонски карактеристики .......... 51
4.5 | Хидрогеолошки карактеристики .......... 53
4.6 | Демографски карактеристики .......... 54
4.7 | Природни ресурси .......... 54
4.8 | Употреба на земјиште .......... 54
4.9 | Инфраструктура .......... 55
4.10 | Културно и историско наследство .......... 56
4.11 | Хидролошки карактеристики и квалитет на водите .......... 57
4.12 | Биодиверзитет и предел .......... 61
4.13 | Квалитет на амбиентен воздух .......... 64
4.14 | Управување со отпад .......... 66
4.15 | Бучава .......... 67

**5 | ЦЕЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА .......... 69**

5.1 | Цели поставени во законодавството за животна средина .......... 69
5.2 | Релевантни СОЖС цели .......... 70
5.3 | Цели на национално ниво релевантни за планскиот документ .......... 72
5.4 | Цели релевантни за планскиот документ на регионално ниво .......... 75
5.5 | Цели релевантни за планскиот документ на локално ниво .......... 75

**6 | АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ .......... 76**

**7 | ВЕРОЈАТНО ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА .......... 77**

7.1 | Влијанија врз население, човеково здравје, институционални аспекти .......... 77
7.2 | Влијанија врз социо-економската состојба .......... 78
7.3 | Влијанија врз квалитетот на амбиенталниот воздух .......... 78
7.4 | Влијанија врз квалитетот на површинските и подземните води и почвата .......... 79
7.5 | Влијание поврзано со управување со отпадот .......... 81
7.6 | Влијание од бучава .......... 82
7.7 | Влијание врз природното наследство, биолошката и пределската разновидност .......... 83
7.8 | Влијание врз културно и историско наследство .......... 83
7.9 | Влијание од несреќи и хаварии .......... 83
7.10 | Прекугранично влијание .......... 83

**8 | ПРЕДВИДЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И НЕУТРАЛИЗИРАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА ... 84**

8.1 | Мерки за намалување на влијанија врз население, човеково здравје и институционални аспекти ... 84
8.2 | Мерки за намалување на влијанија врз социо-економската состојба ... 85
8.3 | Мерки за намалување на влијанија врз квалитетот на амбиенталниот воздух ... 85
8.4 | Мерки за намалување на влијанија врз квалитетот на површинските и подземните води и почвата ... 86
8.5 | Мерки за намалување на влијание поврзано со управување со отпадот ... 87
8.6 | Мерки за намалување на влијание од бучава ... 88
8.7 | Мерки за намалување на влијание врз природното наследство, биолошката и пределската разновидност ... 89
8.8 | Мерки за намалување на влијание врз културно и историско наследство ... 89
8.9 | Мерки за намалување на влијание од несреќи и хаварии ... 89
8.10 | Мерки за намалување на прекугранично влијание ... 90

**9 | ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ... 91**

**10 | УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО СОЖС ... 95**

**11 | НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ ... 98**

**12 | КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА ... 101**

**13 | ПРИЛОЗИ ... 102**

## Вовед

Подготвен е **ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СТРАТЕГИСКА ОЦЕНА** на животната средина за урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на делови од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино, општина Неготино.

Изработката на извештајот е согласно обврската на доносителот на планскиот документ за спроведување на постапка за оцена на влијанието од планскиот документ врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето, дадена во глава X од Законот за животна средина и согласно Одлуката за спроведување на стратегиска оцена на доносителот на планскиот документ, Министерство за транспорт и врски (арх. бр. 67-2379/2 од 08.05.2025 год.). Согласно точка 13 (Планирање на просторот и користење на земјиштето), член 3 од *Уредбата за стратегии, планови програми, вклучувајќи и нивните промени, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето*, планскиот документ претставува документ за кој треба да се спроведе стратегиска оцена на животната средина.

Целта на овој извештај е да изврши идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина од имплементацијата на предвидениот плански документ, да осигура дека еколошките последици од стратешките одлуки се идентификувани уште во фазата на неговата подготовка и планирање и да предложи соодветни мерки за спречување, контрола и/или компензација на влијанијата. Постапката треба да обезбеди рамка за јавна дебата за последиците, опциите и обврските, разгледување на коментарите и нивно вклучување во носењето на одлуките.

Извештајот е изработен согласно содржината на извештајот пропишана во *Уредбата за содржина на извештајот за стратегиска оцена на животната средина* (Сл. весник на РМ бр.153 од 20.12.2007 год.).

Одговорен за изработката на Извештајот за стратегиска оцена е м-р Марјан Михајлов, експерт за стратегиска оцена на животната средина (Уверение бр. 12-7887/2 од 30.11.2022 год.).

**МАНЕКО Солушнс**
**Друштво за консалтинг за животна средина**
**Управител,**

**М-р Марјан Михајлов**

Друштво за консалтинг за животна средина
МАНЕКО СОЛУШНС ДООЕЛ
СКОПЈЕ

**Уверение за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за СОЖС**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Број 12-7887/2
Датум: 30-11-2022 година

## УВЕРЕНИЕ

за положен стручен испит за стекнување на
статус експерт за стратегиска оцена на животната средина

**Марјан Иван Михајлов** роден на 29.03.1978 година во Скопје, дипломирал на ден 15.05.2002 година на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, на Машински факултет, го положи **стручниот испит за стратегиска оцена на животната средина** на ден 12.03.2010 година, се стекна со **статус на експерт за стратегиска оцена на животната средина**, ги исполнува условите утврдени во член 23 став (3), член 72 став (1), а во врска со член 27 став (2) и (3) од измените и дополнувањето на Законот за животна средина („Службен весник на РСМ“ бр. 89/22), и се стекна со правото да биде вклучена во Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина што ја води Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

Министерство за животна средина и
просторно планирање

Министер
**Naser Nuredini**

# 1 | ВОВЕД ВО СТРАТЕГИСКА ОЦЕНКА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Вовед и методологија**

Стратегиската оценка на животната средина (СОЖС) е систематски, тековен процес на информирање на ивеститорите, надлежните органи и засегнатата јавност за одржливоста на стратешките политики, плановите и програмите кои може да имаат влијание врз животната средина, барајќи ги најдобрите алтернативи и обезбедување на целосна интеграција на релевантните биофизички, економски, социјални и политички фактори во процесот на планирање.

СОЖС е процес на прелиминарна идентификација и разгледување на можното негативно влијание врз животната средина и човековото здравје предизвикани од спроведувањето на кој било план, програма или друг стратешки документ.

Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) е алатка која се користи за да се разгледаат потенцијалните влијанија на планските документи врз животната средина.

СОЖС извештајот треба да им обезбеди на консултантите и надлежните органи информации во врска со еколошките импликации од одреден плански документ.

Како модел на стратешко размислување, СОЖС се применува како стратешка компонента за донесување одлуки на процеси во (i) јавни политики, (ii) секторски развојни планови и програми, (iiiКР) планови за територијален развој и програми (iv), како и на главни структурни инвестициски проекти кои имаат долгорочни стратешки цели.

СОЖС е широко промовирана од страна на меѓународни агенции за развој (Светска банка, 2011, УНЕП, 2009, ОЕЦД, 2006). Сепак, СОЖС е важен инструмент во соочувањето со развојни предизвици генерирани од:

1. адаптација и ублажување на климатските промени;
2. искоренување на сиромаштијата и надминување на социјалните и регионалните нееднаквости;
3. Зајакнување и одржување на вредностите на биолошката разновидност, екосистемските услуги и благосостојбата на луѓето;
4. Социјална и територијална кохезија;
5. промоција на потенцијалот за регионален развој;
6. иновации и културна разновидност на населението;
7. Промовирање на квалитетот на животната средина, пределот и културното наследство и одрживото користење на природните ресурси.

**Цели на СОЖС**

СОЖС, во пристапот за стратешко размислување, има три конкретни цели:

1. Поттикнување на интеграцијата на животната средина и одржливоста (вклучувајќи биофизички, социјални, институционални и економски аспекти), поставувајќи услови кои овозможуваат гнездење на идни предлози за развој;
2. Донесување на одлуки, дискутирање за можностите и ризиците од можностите за развој и претворање на проблемите во можности;
3. Менување на мислења и создавање на стратешка култура во донесувањето на одлуки, промовирање на институционална соработка и дијалози, избегнувајќи конфликти.

Со овие цели, СОЖС може да придонесе до:

- обезбедување на стратешка, системска и широка перспектива во однос на прашањата поврзани со животната средина во рамките на одржливоста;
- идентификување, избор и дискусија за главните развојни опции кон поодржливи одлуки (биофизички, социјални, институционални и економски прашања);
- Откривање на стратешките можности и ризици во опциите кои се анализирани и олеснување на разгледувањето на кумулативните процеси;
- предложување на програми, преку стратешки менаџмент и мониторинг;

- обезбедување на партиципативни и транспарентни процеси кои ги вклучуваат сите релевантни чинители преку дијалози и
- поттикнување на повеќе интегрирани одлуки во врска со низа релевантни гледишта.

За да се обезбеди ефективност на процесот на СОЖС, од суштинско значење е разгледувањето на неколку алтернативни опции за постигнување на утврдените цели. Во овој случај СОЖС им овозможува на носителите на одлуки да ја разгледаат можноста за повеќе еколошки опции.

**Принципи на СОЖС**

Главните принципи на СОЖС се:

- Промовирање на одржлив развој - Процесот треба да ја олесни идентификацијата на развојните опции и предлози кои се еколошки одржливи.
- Интегративност - препознавање на меѓусекторските аспекти на квалитетот на животната средина со социјалните и економските проценки, земајќи ги во предвид и другите планови и програми за да се избегне дуплирање и да се идентификува синергија.
- Реалност – ги зема во предвид и намерата и испорачливоста на планскиот документ.
- Вклученост - Рано и тековно вклучување на заинтересираните органи и јавноста.
- Креативност - Потенцијал за иновативен развој на алтернативи и ангажирање на заинтересираните страни.
- Итеративност - Процесот на СОЖС треба да се интегрира во процесот на креирање планови и програми.
- Фокус - Обработка на значајни еколошки прашања од особено значење за планскиот документ.

Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој.

СОЖС треба да:

- претставува средство за подобрување на активноста;
- го промовира учеството на јавноста во процесот на донесување одлуки;
- се фокусира на клучните еколошки/одржливи ограничувања;
- помогне при идентификувањето на најдобрата опција;
- го минимизира негативното влијание и оптимизира позитивното и да компензира за загубата на вредни карактеристики и придобивки;
- осигура дека активноста не ги надминува границите кои може да доведат до појава на иреверзибилна штета.

СОЖС претставува важен инструмент за помош за постигнување на одржлив развој во јавното планирање и креирање на политики. Придобивките од СОЖС вклучуваат:

- поддршка на одржливиот развој;
- подобрување на базата на податоци за донесување на стратегиски оценки;
- договарање на консултации помеѓу засегнатите страни;
- насочување кон други процеси, како што е оценката на влијанието врз животната средина врз поединечни развојни проекти.

Различни модели за тоа како СОЖС и процесот на креирање политики / планирање може да бидат поврзани беа идентификувани пред неколку години (Партидарио, 2004) и служат како илустрација за можни врски.

Првите два модели (1 и 2) поблиску се однесуваат на ОВЖС пристапите за СОЖС, при што паралелниот модел (2) е најчесто користени. Моделите 3 и 4 се однесуваат на поинтегрирани и стратешки пристапи во СОЖС.

Додека интегрираниот модел (3) на крајот може да го претставува најдобриот модел на СОЖС на долгорочен план, модел (4) се чини дека е најфлексибилен и прилагодлив.




**Слика** Модели на поврзување на СОЖС со процесот на донесување одлуки

Процесот на стратегиска оцена опфаќа:

- Утврдување на потребата од спроведување на стратегиска оценка на животната средина.
- Одредување на опсегот на прашања од областа на животната средина кои треба да бидат опфатени во извештајот за стратегиска оценка на животната средина.
- Подготовка на извештај за стратегиска оценка на животната средина.
- Консултации со јавноста.
- Интеграција на еколошките акпекти во планот или програмата.
- Објавување на одлука за профаќање на планскиот документ.

Процесот на стратегиска оцена претставен по фази е даден на следниот дијаграм.




**Слика** Процедура на постапката на стратегиска оцена на животната средина

Спроведувањето на постапката следува по утврдување на потребата за спроведување СОЖС по пат на скрининг процедура каде врз основа на пропишани критериуми и документи се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето. Врз основа на тоа, органот што го подготвува планскиот документ е должен да донесе одлука за спроведување или не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите утврдени во прописот.

Согласно одредбите, доносителот на предметниот плански документ, Министерство за транспорт и врски (МТВ) врз основа на претходно подготвен СОЖС формулар, донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена (арх. бр. 67-2379/2 од 08.05.2025 год., Прилог 1) по што Одлуката и Формуларот се објавени на интернет страната на доносителот на планскиот документ.

Согласно СОЖС процедурата, а врз основа на доставените СОЖС формулар и Одлука, министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) достави известување до доносителот на планскиот документ со кои одлуката се прифаќа (арх.бр. 15-2243/2 од 03.06.2025 год, Прилог 2).

**Поставување на контекстот за СОЖС**

Контекстот на планскиот документ го определува обемот на СОЖС: кои прашања се важни, кои цели се реалистични, кои можни решенија може да ги обезбеди планот и кои информации се потребни за да се направат неопходните избори.

Обемот на Извештајот за стратегиска оцена определено е да ги опфати следните аспекти: заштита на медиумите на животната средина (почва, води, воздух), управување со квалитет на амбиентен воздух, површински и подземни води, заштита на почви, заштита од бучава, употреба на земјиштето, управување со отпад, биолошка и пределска разновидност, социо-економски

развој на општината Неготино, населението и човековото здравје, културното и историското наследство, заштита од несреќи и хаварии.

**Утврдување на потребата од спроведување на СОЖС**




**Слика** Утврдување на потребата од спроведување на СОЖС

**Идентификување на рамката на СОЖС**

Во оваа фаза:

- се идентификуваат сите политики, закони и други планови и програми кои може да го засегаат планот за управувањето со дадената област.
- се анализираат последиците од истите по планот за управување. Други политики можеби диктираат одредени цели или ги ограничуваат можните решенија.

Рамката на СОЖС и врската на планскиот документ со други релевантни документи е дадено во поглавје 2.4 од овој извештај.

**Информации за појдовната состојба**

За да се идентификуваат прашањата и трендовите за животната средина што се однесуваат на подрачјето засегнато со планскиот документ, потребно е да се соберат доволно информации. Појдовната состојба и показателот на тековните трендови ќе ги дадат информациите кои се потребни за:

- идентификување на проблемите (кои се меродавни за планот) и веројатното идно развивање на тие проблеми,
- утврдување на референтната ситуација која ќе се искористи за споредување на алтернативите на ниво на остварување на целите и влијанието врз животната средина.

Во оваа фаза потребно е:

- да се анализираат проблемите кои се меродавни за планот за управувањето и да се одреди нивната итност,
- да се идентификуваат изворите и механизмте кои ги предизвикуваат овие проблеми и да се опишат несигурностите,
- да се дискутираат проблемите, изворите и несигурностите со засегнатите страни и заедно да се определи контекстот на планот (и на СОЖС). Ова е појдовната точка за фокусирање на работата во фазата на утврдување на обемот: дефинирање на целите и определување на алтернативите.

Појдовната состојба релевантна за предметниот плански документ е определена во поглавје 4 од овој извештај.

**Спроведување на СОЖС за планови, програми и политики**

Неопходно е да се изврши прелиминарно скенирање за да се утврди дали спроведувањето на планот, програмата или политиката имаат значително влијание врз животната средина. Прелиминарното скенирање е всушност брзо идентификување на потенцијалните значајни влијанија врз животната средина и нивно маркирање како позитивни или негативни. При спроведување на прелиминарното скенирање се користат следните прашања:

- Која е содржината на проектот?
- На која област или сектор се однесува проектот?
- Дали проектот е познато дека има или може да има влијанија врз животната средина?
- Дали постојат компоненти кои можат да имаат кумулативно или долгорочно влијание врз животната средина?
- Дали проектот се однесува на активности кои имаат директно влијание врз животната средина или имаат мали или никакви влијанија врз животната средина?

Доколку прелиминарното скенирање покаже дека имплементацијата на проектот може да има влијанија врз животната средина, без разлика дали тие влијанија се позитнивни или негативни, потребно е спроведување на СОЖС.

**Учество на јавноста**

Уште еден важен аспект е дека СОЖС е транспарентен процес базиран на учество на јавноста. Лица, чии животни услови и здравје може да бидат под влијание на спроведувањето на планот и програмата, имаат право да ги изразат своите интереси и нивните мислења треба да бидат земени во предвид во процесот на донесување одлуки. Освен тоа, општеството е неисцрпен извор на идеи не само за јавните власти, туку и за експертите. На тој начин, експертите за СОЖС може да имаат корист од предлозите дадени од засегнатите граѓани.

**Придобивки**

СОЖС има за цел да обезбеди рамка за дејствување врз процесот на одлучување уште во најрана фаза кога планските документи (кои пак најчесто предвидуваат индвидуални проекти) се подготвуваат.

СОЖС мора да биде флексибилен и прилагодлив процес на специфични контексти. При спроведувањето на СОЖС мора да се обезбедат четирите компоненти: технички, процес,

институционална и комуникација / ангажман, како и нејзините три функции: интеграција, проценка и валидација.

Клучните придобивки од СОВЖС се:

- СОЖС обезбедува средства за систематско инкорпорирање на еколошки, социјални и економски размислувања во политики, планови и програми.
- СОЖС овозможува разгледување на кумулативни и синергистички ефекти. Како таква, кумулативното влијание на серија помали проекти врз животната средина може подобро да се разбере преку СОЖС.
- СОЖС ја олеснува имплементацијата на повеќе еколошки одржливи проекти. СОЖС помага да се идентификуваат најпрактичните алтернативи за постигнување на позитивни резултати и минимизирање на потенцијално негативните ефекти од политиките, плановите и програмите, а со тоа резултира со имплементација на повеќе еколошки одржливи проекти.
- СОВЖС ги зајакнува политиките, плановите и програмите при донесување одлуки.
- СОВЖС може да ги намали барањата за детална студија за оценка на влијание врз животната средина за индивидуален проект за ОВЖС.

Стратегиската оцена има за цел да обрне внимание и предупреди за големи и кумулативни ефекти од имплементацијата на планскиот документ, вклучувајќи го и влијанието од помалите индивидуални проекти вклучени со планот, а кои според својот праг не се опфатени со СОЖС постапката.

Табела Преглед на активностите по процедура (подготовка на плански документ / спроведување на стратегиска оцена)

| Фаза | ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТ | СОЖС |
|---|---|---|
| Првичен преглед | Подготовка на работни документи за клучните прашања | Определување на потреба од спроведување на СОЖС; Донесување на Одлука за спроведување на СОЖС |
| Првични консултации со јавноста | Објавување на одлука за намера за подготовка на плански документ | Определување на обем и деталност на Извештајот |
| Подготовка на документација | Подготовка на нацрт плански документ | Подготовка на Извештај за стратегиска оцена |
| Консултации со јавноста | Јавен увид во планскиот документ | Јавен увид во Извештајот |
| | Јавна расправа | Јавна расправа |
| | Разгледување на забелешките | Идентификација на значајни забелешки |
| | Подготовка на извештај за јавната расправа и објава | Подготовка на извештај за јавната расправа и објава |
| Консултации со надлежен орган | Земање предвид на сите релевантни забелешки | Оценка на соодветноста на Извештајот |
| Комплетирање на процесот | Усвојување на планскиот документ и објава на одлука | Објава |
| Пост-фаза | Имплементација | Мониторинг на имплементацијата на планскиот документ |

# 2 | КРАТОК ПРЕГЛЕД НА СОДРЖИНАТА, ГЛАВНИТЕ ЦЕЛИ НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И ВРСКА СО ДРУГИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

## 2.1 | Вовед

Со Просторниот план на Македонија се утврдуваат условите за хумано живеење и работа на граѓаните, рационалното управување со просторот и се обезбедуваат условите за спроведување на мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина и природата, заштита од воени дејствија, природни и технолошки катастрофи. Со донесување на Планот донесен е и Закон за спроведување на Просторниот план на РСМ, со што се уредуваат условите, начините и динамиката на спроведувањето на Просторниот план, како и правата и одговорностите на субјектите во спроведувањето на Планот. Просторниот план се спроведува со изготвување и донесување на просторни планови за региони, за подрачја од посебен интерес, како и со урбанистички планови за села и друга документација за планирање и уредување на просторот, предвидена со закон. Спроведувањето на Планот подразбира задолжително усогласување на соодветните стратегии, основи, други развојни програми и сите видови на планови од пониско ниво, со Просторниот план.

Основна цел на секое општество е да обезбеди здрава и хумана средина за живеење. Реализацијата на просторот се остварува преку урбанистички планови. За да се изработи урбанистички план кој ќе има своја реализација треба да се согледа постојната состојба, плановите од повисок ред, соседни проектни или плански документации и да се даде предлог концепт на организација на просторот кој ќе овозможат негова реализација.

Изработката на предметната урбанистичка документација се темели на одредбите, насоките и решенијата дадени во Условите за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на делови од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино – општина Неготино, што произлегуваат од Просторниот план на РМ, увид на лице место, известувања за постојна и планирана инфраструктура од Јавните претпријатија, одобрена Планска програма, Ажурирана геодетска подлога, а се во согласност со Закон за урбанистичко планирање (Сл.весник бр.32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25) и Правилник за урбанистичко планирање (Сл. весник бр.225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25). Условите за планирање на просторот претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепти и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино се изработува согласно:

- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3038/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. (Тех. Бр. Y 64623, Јануари 2024) и Решение за Услови за планирање на просторот бр. УП1-15 100/2024 од 01.02.2024 од Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ.
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3099/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ (Тех. Бр. Y 64723, Јануари 2024) и Решение за Услови за планирање на просторот бр. УП1-15 215/2024 од 14.02.2024 од Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ.
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3135/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ (Тех. Бр. Y 64823, Јануари 2024) и Решение за Услови за планирање на просторот бр. УП1-15 108/2024 од 05.02.2024 од Министерство за животна средина и просторно планирање на РСМ.

## 2.2 | Главни цели на планскиот документ

На европската соларна мапа, територијата на Македонија покажа импресивни соларни капацитети. Анализите покажуваат дека поголемиот дел на земјата поради поволната географска положба, како и поради оптималната надморска височина (600-800 метри), е подложна на високо ниво на сончево зрачење.

Имајќи во предвид дека Македонија располага со значителен природен потенцијал за производство на соларна електрична енергија, развојот на фотонапонските капацитети е не само национален интерес, туку и интерес на локалната самоуправа, бидејќи на овој начин се овозможува ефективна оптимизација на локалната енергетска инфраструктура, а притоа се намалува ризикот од еколошки катастрофи. Позитивните ефекти од имплементирањето на овие стратегии се темели на ресурсите од овој вид со кои располага државата, економските и енергетските заштеди кои се генерираат, како и позитивниот импакт врз заштитата на човековата околина.

Со изградба на ваква фотоволтаична централа за производство на електрична енергија ќе се постават добри темели за остварување на развојните цели на Македонија во областа на одржливиот развој и намалувањето на емисии на стаклени гасови во атмосферата.

Цел на изработка на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на делови од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино е да се оформат градежни парцели за изградба на фотоволтаична централа за производство на електрична енергија што преставува стратешки потег во обезбедување на енергетска независност како и зачувување на земјиштето од загадување. Фотоволтаичните централи со својот технолошки процес на производство на електрична енергија не влијаат на загадување на човековата околина.

## 2.3 | Опис на планскиот документ

Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење се состои од:

- Документациона основа во која се систематизирани податоци за постојната состојба во рамки на планскиот опфат, анализа на можностите за просторен развој и програмските проекции за подрачјето на планскиот опфат.
- Планска документација во која се презентирани планските решенија и дефинирани сите плански одредби потребни за одобрување на УП.

**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**Географски и геодетски податоци за планскиот опфат и за неговите контактни зони**

Трите плански опфати се наоѓаат во КО Неготино, општина Неготино. До планските опфати се пристапува од некатегоризирани патишта (КП 4195 и КП 4198, КО Неготино).

Планските опфати се надвор од границите на урбанистички планови и урбанистичко плански документации за што општина Неготино има издадено Потврда (бр. 11-1/39 од 23.11.2023). Површина на планскиот опфат 1, дел од КП 3038/1, КО Неготино е 61,01 ha.

Границите на планскиот опфат дадени се во прилог 3.

Извод од просторниот план на РМ за користење на земјиштето даден е во прилог 4.

**Историја на планирање и уредување на подрачјето на планскиот опфат и неговата околина**

Трите плански опфати се надвор од границите на урбанистички планови и урбанистичко плански документации за што општина Неготино има издадено Потврда (бр. 11-1/39 од 23.11.2023). Планските опфати ќе се изработат врз основа на:

- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3038/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. (Тех. Бр. Y 64623, Јануари 2024)
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3099/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. (Тех. Бр. Y 64723, Јануари 2024)
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3135/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. (Тех. Бр. Y 64823, Јануари 2024)

**Студии, елаборати и работни матерјали од сите области релевантни за урбанистичко планирање и за конкретниот плански опфати**

За конкретниот плански опфат има изработено:

- Студија на оправданост за изработка на Урбанистички план за подрачје и градби од државно значење (која е дел од Планската програма – Решение за одобрување бр.67-1438/3 од 26.04.2024)
- Хидрологија на водотеци (Основен проект за Фотонапонска централа (ФНЦ) Неготино со тех.бр.Е010_03/24, Март 2024 изработена од ХИКОНС-Скопје)

**Податоци за природните чинители кои можат да влијат на развојот на подрачјето во рамки на планскиот опфат**

Природните карактеристики на едно подрачје претставуваат збир на вредности и обележја создадени од природата, без учество и влијание на човекот. Тие ги опфаќаат: географски карактеристики, релјефните карактеристики, геолошки состав, хидролошки карактеристики, климатски, сеизмички и др.

**Податоци за создадените чинители кои се релевантни за состојбите во просторот и за просторниот развој**

**Архитектонско-градежни чинители**

Во рамки на трите граници на планските опфати, направена е анализа на постојната состојба намена на земјиште на градежниот фонд, конструкција, спратност и намена на површини.

Плански опфат 1, дел од КП 3038/1, парцела 1.1

Е1.1 – СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ 0,09ха (0%)

НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ 60,92ха (100%)

ПЛАНСКИ ОПФАТ 1 ..........................................................................................61.01ха (100%)

Плански опфат 2. дел од КП 3099/1, парцела 2.1

Е1.1 – СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ 0,29ха (1%)

НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ 46,78ха (99%)

ПЛАНСКИ ОПФАТ 2 ..........................................................................................47.07ха (100%)

Плански опфат 3, дел од КП 3135/1, парцела 3.1

Е1.1 – СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ 0,45ха (2%)

НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ 26,94ха (100%)

ПЛАНСКИ ОПФАТ 3 ..........................................................................................27.39ха (100%)

Во граница на планскиот опфат има неизградено земјиште и земјани некатегоризирани патишта.

Урбани параметри на ниво на плански опфат:

Површината на трите плански опфати 1 354 664 m²

- Плански опфат 1 на дел од КП 3038/1 610 107 m²

- Плански опфат 2 на дел од КП 3099/1 470 673 m²
- Плански опфат 3 на дел од КП 3135/1 273 884 m²

Површина под градби /

Вкупно изградена површина /

Процент на изграденост /

Коефициент на искористеност /

Системот на населби и сообраќајна мрежа даден е во прилог 5.

**Демографски чинители**

Во граници на планскиот опфат нема објекти со намена домување односно нема жители.

**Социо-економски чинители**

Планирањето на изградба на објекти за производство на електрична енергија од обновлив извор ќе допринесе за енергетска стабилност, независнот и економски развој.

**Културни чинители**

Во граници на планските опфати не се евидентирани објекти наменети за култура.

**Здравствени чинители**

Во граници на планските опфати не се евидентирани објекти со намена здравство.

**Образовни чинители**

Во граници на планските опфати не се евидентирани објекти со намена образование.

**Спортско-рекреативни чинители**

Во граници на планските опфати не се евидентирани објекти со намена спорт и рекреација.

**Податоци за заштитено културно наследство**

За три плански опфати доставени се посебни барања за податоци и информации во ПИМ постапка во системот е урбанизам.

За планскиот опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино), согласно мислењето од *Министерството за култура на РСМ – Управа за заштита на културно наследство (бр.17-3631/2 од 28.12.2023)* утврдено е дека на подрачјето на предметниот проектен опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека преставуваат културно наследство.

За планскиот опфат 2 (дел од КП 3099/1, КО Неготино), согласно мислењето од *Министерството за култура на РСМ – Управа за заштита на културно наследство (бр. 17-679/1 од 06.02.2024)* утврдено е дека поширокиот простор од подрачјето на предметниот план се наоѓа поголема концентрација на археолошки локалитети- добра за кои основано се претпоставува дека преставуваат културно наследство. Согладно извештајот до Национална установа - Национален конзерваторски центар-Скопје (бр. 08-78/3 од 26.02.2024), реализацијата на Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3099/1, КО Неготино - општина Неготино не преставува предмет на интерес од аспект на заштита на културното наследство.

За планскиот опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино), согласно мислењето од *Министерството за култура на РСМ – Управа за заштита на културно наследство (бр. 17-683/1 од 06.02.2024),* утврдено е дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека преставуваат културно наследство.

**Податоци за урбано зеленило од зелениот катастар**

Во граници на планските опфати нема евидентирано организирани јавни зелени површини.

**Податоци за вид и степен на загадување на животната средина**

Во граници на планските опфати не постои загадување на животната средина со исклучок на земјоделските машини кој пристапуваат и обработуваат дел од земјиштето во непосредна околина.




**Слика** Намена на земјиште (Извор: документациона основа) Појаснување: Шрафираниот дел укажува на неизградено земјиште

**Водостопански податоци**

За три плански опфати доставени се посебни барања за податоци и информации во ПИМ и добиени се податоците од:

Плански опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)

- АД Водостопанство на РСМ - Скопје (бр.11-2817/2 од 1.04.2024) нема свои објекти и инфратсруктура.
- ЈП ,,Комуналец" Никола Карев (бр.УП I 08-05/2 од 26.02.2024) на посочениот опфат не постои инфраструктура, водовод и канализација од доменот на владение и одржување на ЈП ,,Комуналец" – Неготино.

Плански опфат 2 (дел одКП 3099/1, КО Неготино)

- АД Водостопанство на РСМ - Скопје (бр.11-2819/2 од 1.04.2024) нема свои објекти и инфратсруктура.
- ЈП ,,Комуналец" Никола Карев (бр.УП I 08-07/2 од 26.02.2024) на посочениот опфат не постои инфраструктура, водовод и канализација од доменот на владение и одржување на ЈП ,,Комуналец" – Неготино.

Плански опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино)

- АД Водостопанство на РСМ - Скопје (бр.11-2818/2 од 1.04.2024) нема свои објекти и инфратсруктура.
- ЈП ,,Комуналец” Никола Карев (бр.УП I 08-06/2 од 26.02.2024) на посочениот опфат не постои инфраструктура, водовод и канализација од доменот на владение и одржување на ЈП ,,Комуналец” – Неготино.

**Електроенергетски**

За три плански опфати доставени се посебни барања за податоци и информации во ПИМ постапка во системот е урбанизам Во граници на планските опфат за објекти и инсталации на постојна електроенергетска инфраструктура добиени се податоци од:

Плански опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)

- АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ (бр.08-7832/3 од 26.12.2023): На предметниот плански опфат согласно Префизибилити студијата за Вардарска долина изработена од 2017г. се планирани следните локации на ХЕЦ Криволак 2, ХЕЦ Дуброво 1, ХЕЦ Дуброво 2, ХЕЦ Дуброво 3.
- АД во државна сопственост за производство на електрична енергија-ТЕЦ Неготино во државна сопственост, Неготино с. Дуброво, Неготино (бр.1223/2 од 21.12.2023): Наведената парцела 3038/1 не граничи со опфатот на АД ТЕЦ Неготино.
- МЕПСО (бр.11-7525/1 од 14.12.2023): предметниот плански опфат НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО.
- ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ (бр.10-22/4-558 од14.12.2023): на локацијата располага со 10(20) kV надземна мрежа.

Плански опфат 2 (дел од КП 3099/1, КО Неготино)

- АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ (бр.08-513 од 25.01.2024): На предметниот плански опфат согласно Префизибилити студијата за Вардарска долина изработена од 2017г. се планирани следните локации на ХЕЦ Криволак 2, ХЕЦ Дуброво 1, ХЕЦ Дуброво 2, ХЕЦ Дуброво 3.
- АД во државна сопственост за производство на електрична енергија-ТЕЦ Неготино во државна сопственост, Неготино с.Дуброво, Неготино (бр.08-63/2 од 17.01.2024): Наведената парцела 3039/1 не граничи со опфатот на АД ТЕЦ Неготино.
- МЕПСО (бр.11-7520/1 од 14.12.2023): предметниот плански опфат СЕ ПРЕСЕКУВА со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа: пресек со постоен 110kV далекувод на АД МЕПСО и пресек со постоен 400kV далекувод на АД МЕПСО.
- ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ (бр.10-22/4-557 од 14.12.2023): на локацијата располага со 10(20) kV надземна мрежа.

Плански опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино)

- АД ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – СКОПЈЕ (бр.08-521 од 25.01.2024): На предметниот плански опфат согласно Префизибилити студијата за Вардарска долина изработена од 2017г. се планирани следните локации на ХЕЦ Криволак 2, ХЕЦ Дуброво 1, ХЕЦ Дуброво 2, ХЕЦ Дуброво 3.
- АД во државна сопственост за производство на електрична енергија-ТЕЦ Неготино во државна сопственост, Неготино с. Дуброво, Неготино (бр.08-63/1 од 17.01.2024): Наведената парцела 3135/1 не граничи со опфатот на АД ТЕЦ Неготино.
- МЕПСО (бр.11-7521/1 од 14.12.2023): предметниот плански опфат СЕ ПРЕСЕКУВА со ЕЕ објекти во сопственост на АД МЕПСО и тоа пресек со постоен 110kV далекувод на АД МЕПСО.
- ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ (бр.10-22/4-556 од 14.12.2023): нема електрична мрежа во сопственост на ЕВН.

Префизибилити студијата за Вардарска долина изработена од 2017г. во која се планирани локации на ХЕЦ Криволак 2, ХЕЦ Дуброво 1, ХЕЦ Дуброво 2, ХЕЦ Дуброво 3: Согласно кординатите ХЕ Дуброво 2 е во непосредна близина на планските опфати 2 и 3.

Извод од водостопанска и енергетска инфраструктура даден е во прилог 6.

**Сообраќајни**

До планските опфати се пристапува од некатегоризирани патишта КП 4195 и КП 4198, КО Неготино. Во граници на планските опфати добиени се податоци од:

Плански опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)

- Јавно претпријатие за државни патишта на РСМ (бр.10-12203/2 од 15.12.2023): предметниот опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на ЈПДП.
- Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на РСМ-Скопје (бр.2001-5893/2 од 14.12.2023): планскиот опфат се граничи со железничката пруга Велес - Гевгелија.
- Агенција за цивилно воздухопловство (бр.12-8/1706 од 11.12.2023): нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а планираните објекти не преставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Плански опфат 2 (дел одКП 3099/1, КО Неготино)

- Јавно претпријатие за државни патишта на РСМ (бр.10-12212/2 од 15.12.2023): предметниот опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на ЈПДП.
- Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на РСМ-Скопје (бр.2001-5940/2 од 19.12.2023): планскиот опфат се граничи со железничката пруга Велес - Гевгелија.
- Агенција за цивилно воздухопловство (бр.12-8/1723 од 12.12.2023): нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а планираните објекти не преставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Плански опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино)

- Јавно претпријатие за државни патишта на РСМ (бр.10-12209/2 од 15.12.2023: предметниот опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на ЈПДП.
- Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на РСМ-Скопје (бр.2001-5941/2 од 19.12.2023): проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје
- Агенција за цивилно воздухопловство (бр.12-8/1709 од 11.12.2023): нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а планираните објекти не преставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

**Телекомуникациски**

За три плански опфати доставени се посебни барањеа за податоци и информации во ПИМ и добиени се податоци од:

Плански опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)

- Македонски Телеком АД Скопје (бр.57628 од 14.12.2023): во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ
- А1 Македонија ДООЕЛ, Скопје (бр.11-6536/1 од 11.12.2023): нема постојни подземни/надземни инсталации, но во непосредна близина на предметното подрачје на опфатот има постојни надземни инсталации.

- Агенција за електронски комуникации (бр. 1404-176/2 од 12.01.2024): нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.
- Министерство за внатрешни работи на РСМ – Оддел за информатика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации (бр. 11.133631/2 од 22.12.2023): нема податоци за постоење на инсталации.
- Министерство за одбрана на РСМ – сектор за недвижности (бр.19/2-5/71 од 24.01.2024): не располага со техничка документација за кабелски инсталации.

Плански опфат 2 (дел од КП 3039/1, КО Неготино)

- Македонски Телеком АД Скопје (бр.57641 од 14.12.2023): во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ
- А1 Македонија ДООЕЛ, Скопје (бр.11-6537/1 од 11.12.2023): нема постојни подземни/надземни инсталации.
- Агенција за електронски комуникации (бр. 1404-177/2 од 31.01.2024): нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.
- Министерство за внатрешни работи на РСМ – Оддел за информатика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации (бр. 11.133626/2 од 22.12.2023): нема податоци за постоење на инсталации.
- Министерство за одбрана на РСМ – сектор за недвижности (бр.19/2-5/73 од 24.01.2024): не располага со техничка документација за кабелски инсталации.

Плански опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино)

- Македонски Телеком АД Скопје (бр.57639 од 14.12.2023): во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ
- А1 Македонија ДООЕЛ, Скопје (ПИМ постапка бр. 57639 од 7.12.2023): не се добиени податоци.
- Агенција за електронски комуникации (бр. 1404-178/2 од 12.01.2024): нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.
- Министерство за внатрешни работи на РСМ – Оддел за информатика и телекомуникации – Сектор за телекомуникации (бр. 11.133628/2 од 22.12.2023): нема податоци за постоење на инсталации.
- Министерство за одбрана на РСМ – сектор за недвижности (бр.19/2-5/72 од 24.01.2024): не располага со техничка документација за кабелски инсталации.

**Гасификација**

За три плански опфати доставени се посебни барањеа за податоци и информации во ПИМ постапка и добиени се податоци од:

Плански опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)

- НОМАГАС АД-Скопје (бр.15-5351/2 од 11.12.2023): на наведениот плански опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Плански опфат 2 (дел од КП 3039/1, КО Неготино)

- НОМАГАС АД-Скопје (бр.15-5353/2 од 11.12.2023): на наведениот плански опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

Плански опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино)

- НОМАГАС АД-Скопје (бр.15-5352/2 од 11.12.2023): во близина на наведениот плански опфат проаѓа трасата на гасоводот делница Клечовце-Неготино-Кавадарци која веќе е изградена и 3,5 m лево и десно од оската на гасоводот е извршена трајна експроприација.

**Останата инфраструктура**

За трите плански опфати доставени се посебни барањеа за податоци и информации во ПИМ постапка и добиени се податоци од:

Плански опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)

- Дирекција за заштита и спасување - Сектор за превенција, планирање и развој, Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Неготино (бр.09-3-178/2 од 28.12.2023): нема постоечки инфраструктури а нема друга планирана инфраструктура на плански опфат.
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ- Сектор за регистрирање, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост (бр.40-10605/2 од 13.12.2023): Предметното земјиште на КП 3038/1, мв Скрки, катастарска култура пасиште, катастарска класа 7 со ИЛ 13 за КО Неготино е во приватна сопственост.
- Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор води (бр.11-1264/1 од 05.02.2024): низ планскиот опфат поминуваат повремени површински водотеци, односно КП 4165, КП 4166 и КП 4167, КО Неготино во електронската евиденција на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени под култура реки или потоци.
- Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор природа (бр.11-696/3 од 19.12.2023): предметна локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја, нема идентификувани Емералд и натура 2000 подрачја.

Плански опфат 2 (дел од КП 3039/1, КО Неготино)

- Дирекција за заштита и спасување - Сектор за превенција, планирање и развој, Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Неготино (бр.09-3-176/2 од 28.12.2023): нема постоечки инфраструктури а нема друга планирана инфраструктура на плански опфат.
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ - Сектор за регистрирање, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост (бр.40-10600/2 од 13.12.2023): Предметното земјиште на КП 3099/1, мв Скрки, катастарска култура пасиште, катастарска класа 7 со ИЛ 13 за КО Неготино е во приватна сопственост.
- Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор води (бр.11-1693/1 од 21.02.2024): низ планскиот опфат поминуваат повремени површински водотеци, односно КП 4161, КП 4163 и КП 4162, КО Неготино во електронската евиденција на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени под култура реки или потоци.
- Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор природа (бр.11-695/3 од 06.02.2024): предметна локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја, нема идентификувани Емералд и натура 2000 подрачја.

Плански опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино)

- Дирекција за заштита и спасување - Сектор за превенција, планирање и развој, Подрачно одделение за Заштита и Спасување-Неготино (бр.09-3-177/2 од 28.12.2023): нема постоечки инфраструктури а нема друга планирана инфраструктура на плански опфат.
- Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РСМ- Сектор за регистрирање, унапредување и продажба на земјоделско земјиште во државна сопственост (бр.40-10603/2 од 13.12.2023): Предметното земјиште на КП 3135/1, мв Скрки, катастарска култура пасиште, катастарска класа 6 со ИЛ 13 за КО Неготино е во приватна сопственост.
- Министерство за животна средина и просторно планирање – Сектор води (бр.11-1156/1 од 01.02.2024): низ планскиот опфат поминуваат повремени површински водотеци, односно КП 4173, КП 4174 и КП 4172, КО Неготино во електронската евиденција на Агенцијата за катастар на недвижности се заведени под култура реки или потоци.
- Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор природа (бр.11-680/3 од 06.02.2024): предметна локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја, нема идентификувани Емералд и натура 2000 подрачја.

Општина Неготино (бр. 11-1/39 од 23.11.2023): КП бр. 3038/1, КП бр.3099/1 и КП бр.3135/1 КО Неготино не се во градежен опфат.

ЈП за стопанисување со пасишта (бр.03-115/2 од 9.04.2024): не може да се произнесе.

Реонизацијата и категоризацијата на просторот за заштита дадена е во прилог 7.

**Анализа на степен на реализација на важечкиот урбанистички план, со анализа на проблеми и состојби во просторот на подрачјето во рамките на планскиот опфат, со аналитички осврт на состојбите од соседните плански опфати**

За планскиот опфат нема важечка урбанистичка документација за што одделението за урбанизам на општина Неготино, има издадено Потврда (бр. 11-1/39 од 23.11.2023). Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино е изработен врз основа на:

- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3038/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. (Тех. Бр. Y 64623, Јануари 2024)
- Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење ќе се почитува намената на земјиштето дозволена со Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3099/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. (Тех. Бр. Y 64723, Јануари 2024)
- Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење ќе се почитува намената на земјиштето дозволена со Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3135/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. (Тех. Бр. Y 64823, Јануари 2024)



**Слика** Ажурирана геодетска подлога

## ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

### Вид на план, назив на подрачје на плански опфат и плански период

Планските опфати се наоѓаат во КО Неготино, општина Неготино, источно од градот Неготино. До планскиот опфат се пристапува од некатегоризирани патишта (КП 4195 и КП 4198, КО Неготино).

Надморска висина во граници на планскиот опфат е од 115 до 195мнв.

Планиран плански период на УППГДЗ е 2024-2034г.

### Прецизен опис на границата на планскиот опфат според границите на катастарските парцели со кои се совпаѓа, регулациони линии, оски на улици или други експлицитни линеарни симболи на геодетската подлога

Во Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино планирани се три плански опфати со површини:

- Плански опфат 1 на дел од КП 3038/1 610 107 m²
- Плански опфат 2 на дел од КП 3099/1 470 673 m²
- Плански опфат 3 на дел од КП 3135/1 273 884 m²

ВКУПНА ПОВРШИНА 1 354 664 m²

**Образложение на планскиот концепт за просторниот развој со кој се постигаат целите на планот, со осврти на сите релевантни аспекти и последици од планираните урбанистички решенија и одредби**

Во граници на трите плански опфати се планира по една градежна парцела. Границата на трите плански опфати е идентична со границата на градежните парцели. Основна намена на трите градежни парцели е Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани.

Комплементарни намени кои се во функција на фотоволтаичната електрана се:

Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,

Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,

Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,

Е1.8 – трансформаторски станици.

Границите на планските опфати се 3 m одалечени од регулацијата на планираните водотеци со што се овозможува одржување на истите.

Во граници на планските опфати има далноводи за кои се планира заштитен појас во кој несмее да се градат објекти. За далновод од МЕПСО со номинален напон од 400 kV се планира заштитен појас од 15м лево и десно од оската на надземниот вод, од 110kV се планира заштитен коридор од 10м лево и десно од оската на надземниот вод. За далноводот од Електродистрибуција со номинален напон од 10(20) kV се планира заштитен појас од 7м лево и десно од оската на надземниот вод.

За гасоводот обезбеден е заштитен појас 20м од осовината на водот.

Пристапот до новоформираните градежни парцели се планира од некатегоризирани патишта кои ќе се испланираат со урбанистички проект на трасата на постојните некатегоризирани патишта што се на КП 4195 и КП 4198, КО Неготино. Непосредно до планскиот опфат 1 е границата на ГУП на Град Неготино со важност 2016- 2026год (Одлука бр.08-562/3 од 6.11.2020), со намени на земјиште В5 – верски институции, Д1- парковско зеленило Г2-лесна индустрија, Г3- сервиси, Г4 – стоваришта, Е1 – сообраќајна и железничка инфраструктура. Непосредно до планските опфати има непостојани водотеци за кој е изготвен Основен проект за Фотонапонска централа (ФНЦ) Неготино - Хидрологија на водотеци со тех. бр.Е010_03/24, Март 2024 изработена од ХИКОНС-Скопје.

***Планскиот опфат 1 (градежна парцела 1.1.1.1 - дел од КП 3038/1, КО Неготино) се граничи со 4 планирани регулации на непостојани водотеци.***

***Првиот водотек*** поминува на југоисточна страна од опфатот.Тој нема сопствена катастарска парцела. Неговата должина е 710,35 m.

***Вториот водотек*** поминува на југоисточна страна над водотек 1 на КП 4167, КО Неготино. Неговата должина е 342,70 m.

***Третиот водотек*** поминува во средишниот дел од опфатот над водотек 2 на КП 4166, КО Неготино. Неговата должина е 530,90 m.

***Четвртиот водотек*** поминува во горниот - северен дел од опфатот на КП 4165, КО Неготино. Тој има три подслива, низ кои поминуваат водотеците 4.1, 4.2 и 4.3.

*Главен собирен водотек 4 -* Неговата должина е 93,19м.

*Водотек 4.1 -* Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 395,10 m.

*Водотек 4.2 -* Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 376,75 m.

*Водотек 4.3 -* Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 238,54 m.

***Планскиот опфат 2 (градежна парцела 2.2.1.1 - дел од КП 3099/1, КО Неготино) се граничи со 3 планирани регулации на непостојани водотеци.***

***Првиот водотек*** поминува на североисточна страна од опфатот на КП 4161, КО Неготино. Тој има два подслива.

*Главен собирен водотек 1*

Неговата должина е 247,33м.

*Водотек 1.1* - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 1 е 370,80м.

*Водотек 1.2* - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 1 е 198,0м.

***Вториот водотек*** поминува на источна страна од планскиот опфат на КП 4162, КО Неготино. Неговата должина е 209,3м.

***Третиот водотек*** поминува во долниот јужен дел од планскиот опфатот на КП 4163, КО Неготино. Тој има два подслива.

*Главен собирен водотек 3*

Неговата должина е 377,60м.

*Водотек 3.1* - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 3 е 469,46м.

*Водотек 3.2* - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 3 е 732,26м.

***Планскиот опфат 3 (градежна парцела 3.3.1.1 - дел од КП 3135/1, КО Неготино) се граничи со 2 планирани регулации на непостојани водотеци.***

***Првиот водотек*** поминува на североисточна страна од опфатот на КП 4174, КО Неготино. Неговата должина е 347,26м.

***Вториот водотек***

Тој има два подслива.

*Главен собирен водотек 2*

Неговата должина е 142,97м.

*Водотек 2.1* - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 2 е 329,25м.

*Водотек 2.1* - Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 2 е 209,11м.

Предвидената моќност на фотоелектричната централа е ~ 99 MW. Приклучувањето на фотоволтаичните електрани на преносната мрежа на АД МЕПСО се планира со 110 kV далекуводна врска од планираната ТС 35/110 kV ФЕЦ Неготино до ТС 110/400 kV Дуброво за кое од АД МЕПСО има Прелиминарна согласност за приклучување на електропреносна мрежа (бр. 11- 1756/1 од 21.02.2024). Кабелската врска помеѓу трите плански опфати односно планираните градежни парцели наменети за Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани и планираната ТС 33/110 kV ФЕЦ Неготино.

Фотоелектричната централа ќе произведува електрична енергија директно од сончевото светлинско зрачење (фотоелектричен ефект). Добиената електрична енергија од фотоволтаичните панели е со еднонасочен напон. Истиот преку соодветни претворачи (т.н. инвертори) се претвора во наизменичен напон и се дистрибуира. По оваа трансформација електричната енергија ќе се испорачува во електродистрибутивната мрежа.

Фотоволтаичните панели може да бидат поставени на метални конструкции кои треба да бидат соодветно заштитени најчесто со процес на галванизација како и комбинација на алуминиумска и метална конструкција. Начинот на монтажа може да биде на бетонски фундаменти како и со набивање на галванизираните челични профили во земја.

Сите електрични врски на фотоволтаичните панели ќе се изведат со кабелски врски. Каблите ќе бидат поставени во соодветни кабелски канали и ќе се водат до команден орман а инверторите во зависност од проектот може да се поставaт на самата конструкција или пак во соодветна просторија.

Технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели не бара секојдневно присуство на вработени, но секако се планира вработување како централата би добила соодветно одржување.

Атмосферската вода ќе се одведува од градежната парцела.

Предвидено е целиот простор околу фотоелектричната централа да биде ограден.

Со донесувањето на планот земјиштето добива статус на градежно земјиште.




**Слика** План на намена на земјиште, регулационен план, план за парцелизација и план за површини за градба (Извор: Планска документација)

Во граници на градежната парцела се планира зеленило 20% согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20).

**Опис и образложение на планските решенија за изградба, на наменската употреба на градежното земјиште парцелирано за изградба, на градежното земјиште за општа употреба, сообраќајната и комуналната инфраструктура**

**НАМЕНСКАТА УПОТРЕБА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ПАРЦЕЛИРАНО ЗА ИЗГРАДБА**

**Површина на плански опфати на ниво на УППГДЗ**

Планскиот опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)..............................................61.01ха (45%)
Планскиот опфат 2 (дел од КП 3099/1, КО Неготино)..............................................47.07ха (35%)
Планскиот опфат 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино)..............................................27.39ха (20%)

**ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТИ 135.47ха (100%)**

**Намена на земјиште на ниво на плански опфат**

**ИНФРАСТРУКТУРА (Е) ...................................................................... 135,47 ha (100%)**

***Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи 135,47ха (100%)***

- Плански опфат 1 ≡ Блок 1 ≡ градежна парцела 1.1.1.1 61.01 ха
- Плански опфат 2 ≡ Блок 1 ≡ градежна парцела 2.2.1.1 47.07 ха
- Плански опфат 3 ≡ Блок 1 ≡ градежна парцела 3.3.1.1 27.39 ха

**ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТИ 135,47 ха**

**Урбани параметри по намена на земјиште и градби**

Нумерација на градежна парцела:

Првиот број е нумерација на плански опфат, вториот број е нумерација на блок, третиот број е нумерација на парцела.

***Градежна парцела 1.1.1.1***

***Основна класа на намена***

***Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи***

*Комплементарна намена*

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

*Урбани параметри*

- Површина на градежна парцела 610 107 м²
- Површина на земјиште под градба 488 086 м²
- Вкупно изградена површина 488 086 м²
- Процент на изграденост на ниво на градежна парцела 80%
- Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела 0,80
- Катност П
- Висина на градење (мах) 12,0м

Градежна парцела 2.2.1.1

Основна класа на намена

Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи

Комплементарна намена

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,

- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

Урбани параметри

- Површина на градежна парцела 470 673 м²
- Површина на земјиште под градба 376 538 м²
- Вкупно изградена површина 376 538 м²
- Процент на изграденост на ниво на градежна парцела 80%
- Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела 0,80
- Катност П
- Висина на градење (мах) 12,0м

Градежна парцела 3.3.1.1

Основна класа на намена

Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи

Комплементарна намена

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

Урбани параметри

- Површина на градежна парцела 273 884 м²
- Површина на земјиште под градба 219 107 м²
- Вкупно изградена површина 219 107 м²
- Процент на изграденост на ниво на градежна парцела 80%
- Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела 0,80
- Катност П
- Висина на градење (мах) 12,0м

Урбани параметри на ниво на плански опфат

Површината на планскиот опфат 1 354 664 м²

Површина под објект 1 083 731 м²

Вкупно изградена површина 1 083 731 м²

Процент на изграденост 80%

Коефициент на искористеност К=0,80

- Катност П
- Висина на градење (мах) 12,0м

Зеленило – Во граници на градежните парцели се планира 20% од површината да биде наменета за зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20).

За секоја градежна парцела ќе се изработи Урбанистички проект согласно член 58, став 2 од Законот за урбанистичко планирање(Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24 и 40/25).

**Сообраќајна инфраструктура и нивелациско решение**

**Моторен сообраќај**

Согласно податоците од *Јавно претпријатие за државни патишта на РСМ (бр.10-12203/2 од 15.12.2023, бр.10-12212/2 од 15.12.2023 и бр.10-12209/2 од 15.12.2023)* планските опфати не граничат со државен пат. Сообраќајно поврзување на планираните градежни парцели

со мрежата на државни патишта е предвидено преку некатегоризирани патишта кој ќе се испланираат со урбанистички проект во трасата на КП 4195 и КП 4198, КО Неготино кои се наменети за пат кои на запад се поврзани со Р1137, врска со Р1102- Војшанци – Корешница – Д.Капија.

**Паркирање**

Паркирањето на моторните возила се предвидува да се решава во градежните парцели.

**Железнички сообраќај**

Согласно податоците од *Јавно претпријатие за железничка инфраструктура Железници на РСМ-Скопје (бр.2001-5893/2 од 14.12.2023, бр.2001-5940/2 од 19.12.2023 и бр.2001- 5941/2 од 19.12.2023)* планскиот опфат 1 и плански опфат 2 се граничат со железничката пруга Велес-Гевгелија.

**Воздушен сообраќај**

Согласно податоците доставени од Агенцијата за цивилно воздухопловство *(бр.12-8/1706 од 11.12.2023,бр.12-8/1723 од 12.12.2023 и бр.12-8/1709 од 11.12.2023)* во граници на трите плански опфати нема објекти, инсталации, уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, а планираните објекти не преставуваат препрека и нема да влијаат на безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, поради што истиот може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

**КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА**

**Хидротехничка инфраструктура**

Согласно податоците доставени од *ЈП ,,Комуналец"Никола Карев (бр.УП I 08-05/2 од 26.02.2024, бр.УП I 08-07/2 од 26.02.2024 и бр.УП I 08-06/2 од 26.02.2024)* на посочените опфати не постои инфраструктура, водовод и канализација од доменот на владение и одржување на ЈП ,,Комуналец" – Неготино

***Водоводна мрежа***

За технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели нема потреба од водоснабдување. За објектите кој ќе се изградат за престој на вработените ќе се користи бунарска вода за санитарни потреби. За пиење ќе се користи флаширана вода.

***Фекална канализација***

За технолошкиот процес на производство на електрична струја преку соларни панели нема потреба од водоснабдување со што нема ни отпадни води кој треба да се дистрибуираат. За објектите кој ќе се изградат за престој на вработените ќе се испланира непропусна септичка јама или пречистителни станици со попивателни бунари.

***Атмосферска канализација***

Атмосферската вода се одведува во градежните парцели. Во граници на планските опфати согласно податоците добиени од *АД Водостопанство на РСМ - Скопје (бр.11-2817/2 од 1.04.2024, бр.11-2819/2 од 1.04.2024 и бр.11-2818/2 од 1.04.2024) за* Урбанистички план за подрачје и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1, 3135/1, КО Неготино – општина Неготино, нема свои објекти и инфратсруктура.

На основа на доставениот Основен проект за Фотонапонска централа (ФНЦ) Неготино - Хидрологија на водотеци со тех. бр.Е010_03/24, Март 2024 изработена од ХИКОНС-Скопје утврдено е дека до трите плански опфати има непостојани водотеци. За нив е направена хидролошка пресметка каде е земен влезен параметар на 50 годишна вода. Рецепиентот на непостојните водотеци е реката Вардар.

***Планскиот опфат 1 (градежна парцела 1.1.1.1 - дел од КП 3038/1, КО Неготино) се граничи со 4 планирани регулации на непостојани водотеци.***

***Првиот водотек*** поминува на југоисточна страна од опфатот.Тој нема сопствена катастарска парцела. Неговата должина е 710,35м. Има максимален проток од 0,85(м³/сек).

***Вториот водотек*** поминува на југоисточна страна над водотек 1 на КП 4167, КО Неготино. Неговата должина е 342,70м. Има максимален проток од 0,69(м³/сек).

***Третиот водотек*** поминува во средишниот дел од опфатот над водотек 2 на КП 4166, КО Неготино. Неговата должина е 530,90м. Има максимален проток од 0,60(м³/сек).

***Четвртиот водотек*** поминува во горниот - северен дел од опфатот на КП 4165, КО Неготино. Тој има три подслива, низ кои поминуваат водотеците 4.1, 4.2 и 4.3.

***Главен собирен водотек 4***

Неговата должина е 93,19м.Има максимален проток од 0,96(м³/сек).

***Водотек 4.1***

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 395,10м. Има максимален проток од 0,28(м³/сек).

***Водотек 4.2***

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 376,75м.Има максимален проток од 0,56(м³/сек).

***Водотек 4.3***

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 4 е 238,54м.Има максимален проток од 0,25(м³/сек).

***Планскиот опфат 2 (градежна парцела 2.2.1.1 - дел од КП 3099/1, КО Неготино) се граничи со 3 планирани регулации на непостојани водотеци.***

***Првиот водотек*** поминува на североисточна страна од опфатот на КП 4161, КО Неготино. Тој има два подслива.

***Главен собирен водотек 1***

Неговата должина е 247,33м. Има максимален проток од 0,55(м³/сек).

***Водотек 1.1***

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 1 е 370,80м.

***Водотек 1.2***

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 1 е 198,0м.

***Вториот водотек*** поминува на источна страна од планскиот опфат на КП 4162, КО Неготино. Неговата должина е 209,3м.

***Трвиот водотек*** поминува во долниот јужен дел од планскиот опфатот на КП 4163, КО Неготино. Тој има два подслива.

***Главен собирен водотек 3***

Неговата должина е 377,60м. Има максимален проток од 1,89(м³/сек).

***Водотек 3.1***

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 3 е 469,46м. Има максимален проток од 0,63(м³/сек).

***Водотек 3.2***

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 3 е 732,26м. Има максимален проток од 1,31(м³/сек).

***Планскиот опфат 3 (градежна парцела 3.3.1.1 - дел од КП 3135/1, КО Неготино) се граничи со 2 планирани регулации на непостојани водотеци.***

***Првиот водотек*** поминува на североисточна страна од опфатот на КП 4174, КО Неготино. Неговата должина е 347,26м.Има максимален проток од 0,38(м³/сек).

***Вториот водотек***

Тој има два подслива.

***Главен собирен водотек 2***

Неговата должина е 142,97м.Има максимален проток од 0,49 (м³/сек).

***Водотек 2.1***

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 2 е 329,25м.Меродавна количина на голема вода би изнесувала 0,25 (м³/сек).

***Водотек 2.1***

Неговата должина на регулација до влив во главниот водотек 2 е 209,11м. Меродавна количина на голема вода би изнесувала 0,25 (м³/сек).

**Посебни услови за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите**

Посебните услови за изградба се однесува за секоја градежна парцела посебно во трите плански опфати.

**ПЛАНСКИ ОПФАТ 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)**

***Градежна парцела 1.1.1.1***

**Вид и начин на употреба на планската единица:** градежна парцела наменета за Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани

**Намена на земјиштето и градбите:**

*Основна класа на намена*

- Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани

*Комплементарна намена*

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

*Урбани параметри*

- Површина на градежна парцела 610 107 м²
- Површина на земјиште под градба 488 086 м²
- Вкупно изградена површина 488 086 м²
- Процент на изграденост на ниво на градежна парцела 80%
- Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела 0,80

**Дозволена висина на градење:** Н=12,00 м

**Максимален број на спратови:** П

**Висина и форма на кровна конструкција:** Формата и висината на кровoвите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот.

Дозволено е формирање на два типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°

- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

**Режим на градење над котата на горниот венец:** дозволено е поставување на громобранска инсталација и вентилациони канали.

**Кота на нулта плоча во однос на нивелета на пристапна сообраќајница:** максимум 1.2м од кота на пристапен тротоар.

**Сообраќај:** Пристап со моторни возила до градежната парцела е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4198 и КП 4195, КО Неготино (со УП). Паркирање е во градежна парцела. Да се обезбедат 4 паркинг места.

**Режим на градење под земја:** дозволено е градење во граница на површината за градба. Надвор од површината за градба се дозволува подземно водење на инфраструктура.

**Водови и објекти на инфраструктура:** приклучок за градбите е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4198 и КП 4195, КО Неготино (со УП) во кој се планира и инфраструктура.

**Начинот на обработката на партерот:** колски пристапи, заштитен тротоар, пешачки патеки, паркинг простор, зеленило

**Подигање на урбаната зелена инфраструктура:** Во граници на градежната парцела се планира 20% зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр 42/20).

**Мерки за заштита:** Согласно намената на просторот – фотоволтаична електраната да се предвидат мерки за заштита на опремата и да се обезбедат услови за нејзино непречено функционирање.

**Статус на земјиштето:** Со донесување на планот земјиштето добива статус на градежно земјиште

**ПЛАНСКИ ОПФАТ 2 (дел од КП 3099/1, КО Неготино)**

***Градежна парцела 2.2.1.1***

**Вид и начин на употреба на планската единица:** градежна парцела наменета за Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани

**Намена на земјиштето и градбите:**

*Основна класа на намена*

- Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани

*Комплементарна намена*

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

*Урбани параметри*

- Површина на градежна парцела 470 673 м²
- Површина на земјиште под градба 376 538 м²
- Вкупно изградена површина 376 538 м²
- Процент на изграденост на ниво на градежна парцела 80%
- Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела 0,80

**Дозволена висина на градење:** Н=12,00 м

**Максимален број на спратови:** П

**Висина и форма на кровна конструкција:** Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. Дозволено е формирање на два типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:
- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°
- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

**Режим на градење над котата на горниот венец:** дозволено е поставување на громобранска инсталација и вентилациони канали.

**Кота на нулта плоча во однос на нивелета на пристапна сообраќајница:** максимум 1.2м од кота на пристапен тротоар.

**Сообраќај:** Пристап со моторни возила до градежната парцела е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4195, КО Неготино (со УП). Паркирање е во градежна парцела. Да се обезбедат 4 паркинг места.

**Режим на градење под земја:** дозволено е градење во граница на површината за градба. Надвор од површината за градба се дозволува подземно водење на инфраструктура.

**Водови и објекти на инфраструктура:** приклучок за градбите е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4198, КО Неготино (со УП) во кој се планира и инфраструктура.

**Начинот на обработката на партерот:** колски пристапи, заштитен тротоар, пешачки патеки, паркинг простор, зеленило

**Подигање на урбаната зелена инфраструктура:** Во граници на градежната парцела се планира 20% зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр 42/20).

**Мерки за заштита:** Согласно намената на просторот – фотоволтаична електраната да се предвидат мерки за заштита на опремата и да се обезбедат услови за нејзино непречено функционирање.

**Статус на земјиштето:** Со донесување на планот земјиштето добива статус на градежно земјиште

**ПЛАНСКИ ОПФАТ 3 (дел од КП 3135/1, КО Неготино)**

***Градежна парцела 3.3.1.1***

**Вид и начин на употреба на планската единица:** градежна парцела наменета за Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани

**Намена на земјиштето и градбите:**

*Основна класа на намена*

- Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани

*Комплементарна намена*

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

*Урбани параметри*

- Површина на градежна парцела 273 884 м²
- Површина на земјиште под градба 219 107 м²
- Вкупно изградена површина 219 107 м²
- Процент на изграденост на ниво на градежна парцела 80%
- Коефициент на искористеност на ниво на градежна парцела 0,80

**Дозволена висина на градење:** Н=12,00 м

**Максимален број на спратови:** П

**Висина и форма на кровна конструкција:** Формата и висината на крововите се определува во зависност од предложената архитектура на дадениот објект и од намената на истиот. Дозволено е формирање на два типа на покриви како и комбинација помеѓу нив:

- коси покриви со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 35°
- рамен покрив со максимален агол на косина на кровната конструкција од најмногу 5%.

**Режим на градење над котата на горниот венец:** дозволено е поставување на громобранска инсталација и вентилациони канали.

**Кота на нулта плоча во однос на нивелета на пристапна сообраќајница:** максимум 1.2м од кота на пристапен тротоар.

**Сообраќај:** Пристап со моторни возила до градежната парцела е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4198, КО Неготино. Паркирање е во градежна парцела. Да се обезбедат 4 паркинг места.

**Режим на градење под земја:** дозволено е градење во граница на површината за градба. Надвор од површината за градба се дозволува подземно водење на инфраструктура.

**Водови и објекти на инфраструктура:** приклучок за градбите е од планиран некатегоризиран пат кој е со траса во КП 4198, КО Неготино (со УП) во кој се планира и инфраструктура.

**Начинот на обработката на партерот:** колски пристапи, заштитен тротоар, пешачки патеки, паркинг простор, зеленило

**Подигање на урбаната зелена инфраструктура:** Во граници на градежната парцела се планира 20% зеленило согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр 42/20).

**Мерки за заштита:** Согласно намената на просторот – фотоволтаична електраната да се предвидат мерки за заштита на опремата и да се обезбедат услови за нејзино непречено функционирање.

**Статус на земјиштето:** Со донесување на планот земјиштето добива статус на градежно земјиште.




**Слика** Сообраќаен и инфраструктурен план (Извор: Планска документација)

## НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино кој е составен од 3 плански опфати се наоѓа источно од градот Неготино.

До планските опфати се пристапува од некатегоризиран пат КП 4195 и КП 4198, КО Неготино.

Површина на планските опфати е 135,47 ha.

Во граници на планските опфат има неизградено земјиште кое не се обработува и земјани патишта

Планиран плански период на УППГДЗ е 2024-2034г.

Површина на плански опфати на ниво на УППГДЗ

Планскиот опфат 1 (дел од КП 3038/1, КО Неготино)..............................................61.01 ha (45%)

Планскиот опфат 1 (дел од КП 3099/1, КО Неготино)..............................................47.07 ha (35%)

Планскиот опфат 1 (дел од КП 3135/1, КО Неготино)..............................................27.39 ha (20%)

ВКУПНО ПЛАНСКИ ОПФАТИ 135.47 ha (100%)

Намена на земјиште на ниво на плански опфат ( документациона основа)

Плански опфат 1 , дел од КП 3038/1, парцела 1.1

Е1.1 – СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ 0,09 ha (0%)

НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ 60,92 ha (100%)

ПЛАНСКИ ОПФАТ 1 ..........................................................................................61.01 ha (100%)

Плански опфат 2 , дел од КП 3099/1, парцела 2.1

Е1.1 – СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ 0,29 ha (1%)

НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ 46,78 ha (99%)

ПЛАНСКИ ОПФАТ 2 ..........................................................................................47.07 ha (100%)

Плански опфат 3, дел од КП 3135/1, парцела 3.1

Е1.1 – СООБРАЌАЈНИ ПАТНИ ИНФРАСТРУКТУРИ 0,45 ha (2%)

НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ 26,94 ha (100%)

ПЛАНСКИ ОПФАТ 3 ..........................................................................................27.39 ha (100%)

Урбани параметри на ниво на плански опфат (документациона основа):

Површината на трите плански опфати 1 354 664 m²

- Плански опфат 1 на дел од КП 3038/1 610 107 m²
- Плански опфат 2 на дел од КП 3099/1 470 673 m²
- Плански опфат 3 на дел од КП 3135/1 273 884 m²

Површина под градби /

Вкупно изградена површина /

Процент на изграденост /

Коефициент на искористеност /

Во граници на трите планските опфати се планираат по една градежна парцела во секој плански опфат. Градежната парцела е идентична со планскиот опфат и блокот.

Намена на земјиште на ниво на плански опфат (планска документација)

ИНФРАСТРУКТУРА (Е)........................................................................... 135,47 ha (100%)

Е1 – сообраќајни, линиски и др. инфраструктури

Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични централи 135,47 ха (100%)

- Плански опфат 1 ≡ Блок 1.1 ≡ градежна парцела 1.1.1.1 61.01 ha
- Плански опфат 2 ≡ Блок 2.1 ≡ градежна парцела 2.2.1.1 47.07 ha
- Плански опфат 3 ≡ Блок 3.1 ≡ градежна парцела 3.3.1.1 27.39 ha

ПЛАНСКИ ОПФАТИ 135,47 ha

Во граници на планскиот опфат планирани се три градежни парцели со:

Основна класа на намена

- Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани

Комплементарна намена

- Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,
- Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,
- Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,
- Е1.8 – трансформаторски станици.

| **Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на делови од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино** | | | | | | | | | **Планска документација** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бр. на плански опфат | Бр. на градежна парцела | Површина на градежна парцела | Површина под градба | Процент на изграденост | Вкупно изградена површина | Коефициент на искористеност | Основна класа на намена | Височина на градба (max) | Катност | Паркинг места |
| | | $m^2$ | $m^2$ | % | $m^2$ | k | | m | | бр. |
| 1 | 1.1.1.1 | 610 107 | 488 086 | 80 | 488 086 | 0,80 | Е1.13 | 12.00 | П | 4 |
| 2 | 2.2.1.1 | 470 673 | 376 538 | 80 | 376 538 | 0,80 | Е1.13 | 12.00 | П | 4 |
| 3 | 3.3.1.1 | 273 884 | 219 107 | 80 | 219 107 | 0,80 | Е1.13 | 12.00 | П | 4 |
| | ВКУПНО | 1354644 | 1083731 | 80 | 1083731 | 0,80 | | | | |

### Урбани параметри на ниво на плански опфат (планска документација)

- Површината на планскиот опфат 1 354 664 m²
- Површина под објект 1 083 731 m²
- Вкупно изградена површина 1 083 731 m²
- Процент на изграденост 80%
- Коефициент на искористеност К=0,80
  - Катност П
  - Висина на градење (мах) 12,0 m

### БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ

| **Билансни показатели за нимерички вредности на ниво на планскиот опфат** | | | |
|---|---|---|---|
| | | Документациона основа (2024) | Планска документација (2024-2034) |
| 1 | Плански опфат | 1 354 664 $m^2$ (100%) | 1 354 664 $m^2$ (100%) |
| 2 | Е-Инфраструктура | | 1 354 664 $m^2$ (100%) |
| 3 | Е1-Комунална инфраструктура | | 1 354 664 $m^2$ (100%) |
| 3.1 | Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични централи | | 1 354 664 $m^2$ (100%) |
| 3.2 | Е1.1 – Сообраќајни патни инфраструктури | | / |
| 5 | НЗ – Неизградено земјиште | | / |
| 6 | Површина на земјиште под градба | 8357 $m^2$ (0,62%) | 1 083 731 $m^2$ |
| 7 | Вкупно изградена површина | 1 346 307 $m^2$ (99,38%) | 1 083 731 $m^2$ |
| 8 | Катност на градба | / | П |
| 9 | Висина на градење (max) | / | 12 m |
| 10 | Процент на изграденост на ниво на плански опфат | / | 80% |
| 11 | Коефициент на искористеност на ниво на плански опфат | / | 0,8 |

## 2.4 | Врска со други плански документи

Во насока на анализа на врската на имплементацијата на планскиот документ со други повисоки и поврзани стратешки документи и нивна усогласеност, анализирани се повеќе релевантни планови и програми на локално, регионално и национално ниво. Во прилог се дадени детали за нивната врска со реализацијата на планскиот документ.

**Табела** Врска на Програмата со релевантни плански документи

| Плански документ | Цели на планскиот документ | Врска |
|---|---|---|
| **Просторен План на Република Македонија (2002-2020)** | Просторниот план на РМ претставува стратегија за просторен развој на земјата, кој дава насоки за намената, користењето, заштитата, организацијата, уредувањето и управувањето со просторот, преку:<br>– Зголемување на вработеноста и постојано подобрување на материјалните, културните, општествените и другите услови за живот и работата на граѓаните;<br>– Остварување на порамномерен регионален развој, со побрз развој на стопански недоволно развиените краишта;<br>– Остварување на рационално користење, организирање и уредување на просторот со рационално разместување на производните сили;<br>– Подобрување на степенот на искористеноста на енергетскиот систем и зголемување на неговата флексибилност и сигурност;<br>– Подобрување на енергетската ефикасност-употреба на поквалитетни горива и пречистување на гасовите пред испуштањето во средината;<br>– Заштеда на енергија од индустриско производство, аграр, енергетика и комунални дејности; -Обезбедување доволно количини квалитетна вода за пиење и ревитализација и модернизација на системите за наводнување и водоснабдување;<br>– Транспортен систем со минимални штетни влијанија на транспортот врз животната средина;<br>– Утврдување на програмски индикатори и мониторинг за следење на здравствената состојба на населението, во релација со квалитетот на средината;<br>– Зачувување и заштита на сите простори (места) со исклучиви и неповторливи природни вредности од значење за научната, културно образовната, воспитната, рекреативната и други функции. | Изработката на УППГДЗ се темели на основните принципи, развојни цели и одредби, дефинирани во Просторниот план на Република Македонија во однос на просторниот и социо-економскиот развој, користењето и намената на земјиштето, искористувањето на ресурсите, заштита на животната средина и сл.<br>Имплементацијата на Планот ќе придонесе за создавање услови за реализација на националните интереси во планското подрачје, при што урбанизацијата ќе се темели на принципите на одржливиот развој. |
| **Стратегија за развој на енергетиката на** | – Одржување, ревитализација и модернизација на постојната и изградба на нова, современа инфраструктура за | Со реализација на планот ќе се реализираат зацртаните цели за зголемено искористување на |

| Плански документ | Цели на планскиот документ | Врска |
|---|---|---|
| **Република Северна Македонија до 2040 година** | потребите на производство и користење на енергијата,<br>– Подобрување на енергетската ефикасност во производството, преносот и користењето на енергијата,<br>– Користење на домашните ресурси (резервите на лигнит, хидроенергетскиот потенцијал, ветерната и сончевата енергија) за производство на електрична енергија,<br>– Зголемување на користењето на обновливите извори на енергија,<br>– Воспоставување на економска цена на енергијата,<br>– Интегрирање на енергетскиот сектор на Република Македонија во регионалниот и европскиот пазар на електрична енергија и природен гас со изградба на нови конекции и со усогласување на законодавството со постојната правна регулатива на Европската унија (acquis communautaire) за енергија, животна средина, конкуренција и за обновливи извори на енергија. | обновливите извори на енергија, односно производство на енергија со искористување на потенцијалот на сончевата енергија. намалување на зависноста од увоз на енергија, намалување на употребата на фосилни горива како енергенс, намалување на емисиите на стакленички гасови на национално ниво, ефикасно снабдување со електрична енергија и сл. |
| **Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија во Република Македонија** | - Главна цел на оваа стратегија е да се добијат информации за потенцијалот и можната експлоатација на обновливи извори на енергија во РС Македонија.<br>- Заштита на животната средина и намалување на емисиите на стакленички гасови, намалување на увозната зависност на Македонија од енергија, како и потребата за обезбедување на поголема разнообразност и со тоа и сигурност во снабдувањето со енергија што неминовно наметнуваат зголемено учество на обновливите извори во финалната потрошувачка на енергија. | Целите на Планот се во корелација со целите на Стратегија, бидејќи со планските содржини ќе се обезбеди производството на електрична енергија од обновливи извори (сончева енергија) со што ќе се намалат емисиите на стакленички гасови. |
| **Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија (2009-2030)** | Стратешка определба бр. 2: Зголемување на свеста и посветеноста за одржлив развој<br>Стратешка определба бр. 5: Насочување на финансискиот сектор кон одржлив развој<br>Стратешка определба бр. 6: Насочување на приватниот сектор кон одржлив развој<br>Стратешка определба бр. 7: Имплементирање на пилот и демонстрациски проекти за одржлив развој | Стратешка акција број 2.1.: Подготовка на сеопфатна проценка на свеста и посветеноста кон одржливиот развој која би ги опфаќала сите сфери на животот во Република Македонија.<br>Стратешка акција бр. 5.4: Создавање на меѓусекторска имплементациска рамка, за имплементирање проекти и активности на одржлив развој, вклучувајќи поголем број пилот и демонстрациски проекти кои би имале големо влијание, би послужиле како добри примери и понатаму би можеле да се реплицираат.<br>Стратешка акција бр. 6.2: Во тесна соработка со приватниот сектор, да се изврши |

| Плански документ | Цели на планскиот документ | Врска |
|---|---|---|
| | | идентификација на главните недостатоци а особено да се дефинира насоката на движење во поглед на потребните капацитети за одржлив развој во приватниот сектор.<br>Стратешка акција бр.7.5: Зајакнување на капацитетите на постоечките организации за имплементирање и мониторинг на пилот проекти за одржлив развој. |
| **Национална стратегија за води на Република Македонија (2012-2042)** | Стратегијата за води ги утврдува долгорочните чекори за управување со водите, кои вклучуваат:<br>- одржлив развој на водните ресурси за задоволување на потребите на сите корисници;<br>- рационално и економично користење на водата;<br>- заштита на водата и мерки за спречување на загадувањето;<br>- заштита и подобрување на водните екосистеми, и<br>- заштита од штетните ефекти на водите. | Во Планот се предвидени мерки во однос на управувањето со водите.<br>Заштита на водотеци преку избегнување на водотеци и постапување на границите на планските опфати на 3 m одалечени од регулацијата на планираните водотеци.<br>Исто така во Планот дадени се предлози за водоснабдување, одведување на отпадните води, во согласност со законските прописи.<br>Начинот на водоснабдување треба да се дефинира на ниво на Основен проект. |
| **Национален план за заштита на амбиентен воздух на Република Македонија (2013 – 2018)**<br>***со изминат рок*** | - Дефинира генерални и конкретни мерки за подобрување на квалитетот на воздухот (по сектори) на целата територија на РМ, воедно ги наведува и сите релевантни институции одговорни за имплементација на мерките со цел подобрување на квалитетот на воздухот на локално и глобално ниво. | Со реализација на планскиот документ ќе се намалат емисиитеназагадувачки материи во воздухот. |
| **Национална стратегија за управување со отпад 2024-2032** | - Собирање на 90% од создадениот комунален отпад и опслужување на 95% од населението.<br>- Изградба на регионални депонии во 6-8 региони.<br>- Зголемување на капацитети за третман на опасен отпад.<br>- Спроведување на повторувачки кампањи за подигање на јавната свест и информации насочени кон домаќинствата, како и кон оние што не создаваат отпад од домаќинствата.<br>- Затворање и санација на несоодветни и нелегални места за отстранување каде што е утврдено присуство на опасен отпад.<br>- Регионалните претпријатија обезбедуваат услуги за управување со отпад на општини од најмалку 6 од 8 региони. | Во рамките на планскиот опфат ќе бидат преземени сите неопходни мерки за соодветно управување со отпадот. Во зависност од видот и количините на генериран отпад ќе се преземат мерки за управување со отпад односно мерки за селектирање, рециклирање, реупотреба и финално одложување на различни фракции отпад. |
| **План за управување со отпадот на Република Северна** | Управувањето со отпадот, заради поголема ефикасност на ресурсите има за цел:<br>– Да се управува со отпадот како со ресурс, | |

| Плански документ | Цели на планскиот документ | Врска |
|---|---|---|
| **Македонија 2021-2031** | – Отпадот кој се создава по глава на жител да се намалува,<br>– Да се изнајдат економски опции за повторна употреба и рециклирање,<br>– Поголемо рециклирање на материјалите согласно висококвалитетни стандарди,<br>– Преработката за добивање енергија да биде лимитирана на материјали кои не може да се рециклираат,<br>– Депонирањето да биде сведено на минимум,<br>– Да нема повеќе незаконски пратки на отпад. | |
| **Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027** | Главни цели на Националната стратегија за заштита на природата е идентификација, проучување, заштита и перманентен мониторинг на имплементацијата во заштитата на објектите и појавите од интерес за заштита во областа на геодиверзитетот и геолошкото наследство на Република Македонија и другите компоненти на природата (биолошка и пределска разновидност).<br>Посебни цели:<br>- зачувување на природните целини од аспект на геолошките и геоморфолошките својства на природата,<br>- рационално користење на минералните суровини,<br>- обезбедување на одржливо користење на дивите видови и екосистемите,<br>- зајакнување и унапредување на ситемот на заштитени подрачја,<br>- зачувување на пределската разновидност согласно барањата на Конвенцијата за пределот,<br>- зајакнување на институционалните капацитети за заштита на природата на централно и локално ниво,<br>- воспоставување и развој на еколошки мрежи за ефективна заштита и управување со природното наследство,<br>- усогласување на Стратегијата за заштита на природата со други стратешки развојни документи од другите сектори (шумарство, земјоделие, сточарство, рибарство, транспорт, енергетика, индустрија, рударство, туризам, градежништво и др.) преку интегрирање на политиката за заштита на природата,<br>- постигнување на интегрирана заштита на природата преку промовирање на холистички пристап во заштитата на биолошката разновидност, геодиверзитетот и пределската разновидност | Намената и активноста предвидена во планскиот опфат подразбира пренамена на површини и поради што се потребни истражувања на биодиверзитетот во планскиот опфат и компензација на загубите.<br>Избегнување на значајни биолошки подрачја. |
| **Националната стратегија за земјоделство и** | Стратешки цели:<br>– подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехрамбениот сектор, | Со планските содржини ќе се овозможи обезбедување на електрична енергија која треба да придонесе за економски |

| Плански документ | Цели на планскиот документ | Врска |
|---|---|---|
| **рурален развој (2021- 2027)** | економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства,<br>– примена на еколошки практики во производството кои водат кон намалување на влијанието на климатските промени и прилагодување кон истите и<br>– обезбедување на одржлив развој на руралните средини. | развој на подрачјето а, со тоа и на развој на руралните средини.<br>Избегнување на вредни, т.е. повисоки класи на земјиште. |
| **Четврт Национален План на Република Македонија кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (2020)** | Преку својот национално определен придонес (НОП), Македонија се обврза „да ги намали емисиите на CO2 од согорувањето на фосилните горива за 30%, односно за 36% на повисоко ниво на амбиција, до 2030 година во споредба со вообичаено сценарио (BAU)."<br>Засилениот НОП на Македонија ги зајакна своите цели за стакленички гасови до 2050 година на 53% намалување на емисиите во однос на 1990 година, што е 82% нето намалување на емисиите на стакленички гасови. Заложбата на Македонија за исполнување на нејзините меѓународни обврски според UNFCCC е претставена во овој четврт национален извештај.<br>Овој извештај дава позадина на националните околности и политиката и институционалната рамка на земјата за климатските промени. Ги вклучува резултатите од новата евиденција на стакленички гасови за 2019 година и обезбедува планови и мерки за намалување на емисиите во клучните сектори. Овој национален извештај го прикажува и климатскиот профил на земјата, истакнувајќи ги секторите и регионите најранливи на влијанијата од климатските промени, истовремено обезбедувајќи анализа на потенцијалните мерки за адаптација.<br>Просторното планирање исто така има клучна улога во префрлањето кон нискојаглеродна иднина и во прилагодувањето кон климатските промени. За сè ова, просторното планирање мора да развие и имплементира нови пристапи.<br>Агенцијата за просторно планирање во Министерството за животна средина и просторно планирање има задолжение да развие просторни планови за Македонија. Клучните цели на просторното планирање вклучуваат:<br>– Координација на просторните димензии и ефекти на другите секторски политики,<br>– Воспоставување на интегрирана и функционална организација на употребите на земјиштето и нивна регулација, | Во УППГДЗ се предвидува изградба на комплекс во кој ќе се поставаат фотоволтаични електроцентрали за искористување на сончевата енергија за производство на електрична енергија, што ќе допринесе за намалување на емисиите на стакленички гасови на национално ниво. Производството на енергија од обновливи извори и намалување на стакленичките гасови оди во прилог на ублажување на климатските промени, а исто така претставува една од мерките за адаптација на биолошката разновидност и водните ресурси кон климатските промени. |

| Плански документ | Цели на планскиот документ | Врска |
|---|---|---|
| | – Урамнотежување на потребата за социоекономски развој со потребата за заштита на животната средина | |
| **Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција (2005)** | Владината политика за оваа Стратегија е да спроведе детална анализа за статусот на имплементација на Конвенцијата, да обезбеди насоки и препораки за надминување на проблемите кои произлегуваат од имплементацијата на Конвенцијата и да препорача акционен план за спроведување на предложените мерки и следење на дадените насоки. | Обезбедување на информации за јавноста за планскиот документи овозможување на дискусија за истиот.<br>Во постапката на усвојување на Планот и подготовката на Извештајот за СОЖС ќе биде обезбедено учество на јавноста што ќе придонесе во процесот на одлучување и донесување на одлуки. |
| **Програма за развој на вардарски плански регион 2021-2026** | Среднорочна цел бр. 1: Унапредување на инфраструктурата во регионот<br>Среднорочна цел бр. 2: Унапредување на економскиот развој во регионот<br>Среднорочна цел бр. 3: Заштита на животна средина во регионот<br>Среднорочна цел бр. 5 - Задржување на младите во Регионот | 1.2 Унапредување и модернизација на енергетска инфраструктура<br>1.3 Развој на инфраструктура за подобар економски развој<br>2.1 Зголемена конкурентност и промоција на еколошките производи во земјоделието<br>3.1 Зголемено искористување на обновливите и чисти извори на енергија и инвестиции во енергетска ефикасност<br>3.4 Заштита на луѓето од разни загадувања<br>3.5 Заштита на природата и одржливо управување со природни ресурси<br>5.1 Создавање на услови за работа и пристоен живот на младите во регионот |
| **Стратегија за локален економски развој на општина Неготино** | 1. Поттикнување на вработливоста преку развој на вештини на човечкиот капитал за потребите на постоечкиот пазар на трудот како и можностите за претприемништво и самовработување;<br>2. Подобрување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура<br>3. Поттикнување и привлекување на странски директни и домашни инвестиции<br>4. Понатамошен развој и унапредување на земјоделското производство и поттикнување на пчелното производство;<br>5. Подобрување на енергетската ефикасност во јавните установи на Општината.<br>6. Развој на транзитен туризам преку различни алтернативни форми кои ќе се базираат на природните, културните и реципитивните капацитети на Општината. | – Создавање на база на податоци за пазарот, социо-економските карактеристики на општината и расположливите ресурси, која ќе биде на располагање на постојните и потенцијалните претприемачи и домашни и странски инвеститори.<br>– Развој на јавна инфраструктура во руралните средини.<br>– Формирање на контакт точка во општината за потенцијалните домашни и странски инвеститори;<br>– Организирање на обуки за нови технологии на земјоделско производство, добра земјоделска пракса, добра хигиенска пракса и органско производство |

| Плански документ | Цели на планскиот документ | Врска |
|---|---|---|
| | | – Производство на енергија од био-маса (лозови прачки)<br>– Гасификација на општината<br>– Поголема локална и меѓународна промоција на Општината како туристичка дестинација за транзитен туризам, вински туризам и агротуризам |

# 3 | СОСТОЈБА БЕЗ ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ И АЛТЕРНАТИВИ

Постапката за стратегиска оцена генерално треба да помогне во идентификацијата на долгорочни одржливи алтернативни решенија, да ги идентификува и процени влијанијата врз животната средина/одржливиот развој за да ја информира јавноста, да даде подршка во изборот на алтернативи и да објасни како тие алтернативи биле избрани. Со други зборови СОЖС треба да го направи процесот на донесување на одлуки поактивен, пострастегиски, поодржлив и помалку политички. СОЖС исто така може да обезбеди дека во рамките на ограничувањата со кои се соочуваат носителите на одлуки, тие не пропуштиле некои други подобри алтернативи.

"Business as usual", "do nothing" и "do minimum" алтернативите се прилично слични помеѓу себе. "Business as usual" се однесува на продолжување на статус кво ситуацијата. "Do nothing" алтернативата се залага за непревземање на никаква активност во планскиот опфат. Кога станува збор за нова активност, тогаш "business as usual" и "do nothing" се едно исто. Кога активноста веќе постои и кај истата се вршат измени, "do nothing" алтернативата е изводлива. "Do minimum" опцијата претставува ситуација на минимално одржување на постоечките ресурси, со минимални заложби во планскиот опфат.

"Do-nothing" сценарио - проценка за тоа како условите во животната средина ќе се променат со текот на времето без имплементација на планот, т.е. како воопшто и да немало план. Целта е да се идентификува моменталната состојба во животната средина, против која веројатните ефекти од имплементацијата на планот може да се проценат. Влијанието на планот може да се процени како разлика во условите во животната средина со или без имплементација на планот. "Do-nothing" сценариото претставува продолжување на сегашните трендови без никакви промени во политиката или инфраструктурни подобрувања - кои може да бидат предложени во нацрт планот. Тоа ја формира основата за споредба наспроти која ефектите од планскиот документ врз животната средина може да се утврдат.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на потесното и поширокото подрачје на планскиот документ, посредно и непосредно засегнати со реализацијата на планот, без имплементација на планираните активности од планскиот документ, односно продолжување на актуелната состојба онаква каква што е сега во моментот во планското подрачје.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на подрачјето на планскиот документ без имплементација на планираните активности од планскиот документ, односно продолжување на актуелната состојба онаква каква што е сега во моментот.

Нереализацијата на планскиот документ може да придонесе кон веќе досега идентификуваните социо – економски проблеми и закани[1]:

- Неискористеност на потенцијалот за производство на енергија од обновливи извори, со што нема да се намалат емисиите на загадувачки материи и стакленички гасови во воздухот, односно нема да се ублажат негативните влијанија врз животната средина и климатските промени.
- Продолжување на трендот на употреба на фосилни горива, за производство на електрична енергија, кои предизвикуваат нарушување на квалитетот на медиумите и областите од животната средина;
- Состојбите со материјалните добра нема да се примени,
- Зависност на пазарот од увоз на енергија и продолжување на трендот за производство на енергија од фосилни горива;
- Намалување на можностите за вработување на невработеното население во градежната фаза;
- Намалени приходи во општинскиот и државниот буџет.

[1] Идентификувани во релевантните локални и регионални плански документи, Поглавје 2.4

Неимплементацијата на планскиот документ од аспект на животна средина би подразбирало статус кво по однос на квалитетот на медиумите на животната средина во двете општини.

Подготовката на плански и програмски документи со кои се планира имплементација на плански документи, предвидува и разгледување на алтернативи. Разгледувањето на алтернативите може да се однесуваат на различни аспекти, од локација, опфат, обем итн. Алтернативите подразбираат разгледување и на аспекти како економска/ финансиска оправданост, технички можности и заштита на животната средина.

Согласно барањата на директивата за стратегиска оцена СОЖС извештајот за животната средина треба да ги земе во предвид "разумните алтернативи" и географскиот опсег на планот или програмата и ефектите врз животната средина од избраните алтернативи.

Колку е повисоко нивото на планот, толку повеќе стратешки се опциите што најверојатно ќе бидат достапни. Спротивно на тоа, колку на пониско ниво е планот, стратешките опции се ограничени. Алтернативите треба да бидат реални и спроведливи и треба да вклучуваат различни приоди во рамки на законските и оперативните барања на одреден план.

Трите плански опфати се наоѓаат во КО Неготино, општина Неготино. До планските опфати се пристапува од некатегоризирани патишта (КП 4195 и КП 4198, КО Неготино). Планските опфати се надвор од границите на урбанистички планови и урбанистичко плански документации на Неготино за што општина Неготино има издадено Потврда (бр. 11-1/39 од 23.11.2023)

Во Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино планирани се три плански опфати со пвкупна површина од 1 354 664 m². Во граници на трите плански опфати се планира по една градежна парцела. Границата на трите плански опфати е идентична со границата на градежните парцели. Основна намена на трите градежни парцели е Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани.

Условите за планирање на просторот се изработени од страна на Агенцијата за планирање на просторот и за истите е издадено Решение за услови за планирање од страна МЖСПП. Во Условите за планирање на просторот, произлезени од Просторниот План на РМ, акцент се става на намената на земјиштето и бонитетот на земјиштето, заштитата на животната средина, на инфраструктурата, како и на економските основи во Македонија. Опфатот не бил предмет на предходна урбанистичка планска документација.

Планскиот концепт е поставен врз основа анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и Планската програма и потребите на концесионерот. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот согласно намената. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.

За потребите на реализацијата на целите на планскиот документ и пред изработката на самиот урбанистички план, подготвена е студија за оправданост за да обезбеди објективно и информирано одлучување за отпочнување на постапките за донесување на урбанистички план и урбанистички проект, од аспект на просторната, еколошката, финансиската и економската оправданост на градежниот зафат за чиешто градење е потребен урбанистичкиот план.

На ниво на плански опфат, во следната фаза на проектирање инвеститорот врз основа на претходно утврдена состојба на животната средина во опфатот треба да го анализира микропозиционирањето на одделните проектни структури. Дополнително, во анализата на алтернативите и изборот на технички решенија, инвеститорот неопходно е да ги земе законските прописи релевантни за видот на проектот предвиден со планскиот документ.

# 4 | СОСТОЈБА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

## ГЕНЕРАЛНИ АСПЕКТИ

### 4.1 | ГЕОГРАФСКА ПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Планските опфати се наоѓаат во КО Неготино, општина Неготино, источно од градот Неготино и надвор од урбанистички планови и урбанистичко плански документации за што општина Неготино има издадено потврда (бр.11-1/39 од 23.11.2023 год.).




**Слика** Потесно опкружување на планскиот опфат

Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Македонија, во областа на средното Повардарје. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешковардарски регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток граничи со Демир Капија. Граничи со општините: на север со општина Штип, на исток со Конче, на југ со Кавадарци, на запад со Росоман и на северозапад со Градско. Зафаќа површина од 414 $km^2$ и во неа живеат 19.212 жители, во градот Неготино и во други 18 населени места, од кои 4 се целосно раселени. Општина Неготино се наоѓа на просечна надморска височина од 150 m.

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови дадена е во прилог 8.

### 4.2 | КЛИМАТСКО-МЕТЕОРОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

Климатските елементи (температура, влажност, инсолација, облачност, врнежи, ветрови, итн.) и климатските фактори влијаат на развојот и егзистенцијата на живиот свет, на целосната активност на човекот и на одредени процеси во природата, како значаен елемент во биосферата.

Дистрибуцијата на загадувачките материи, покрај другото зависи и од метеоролошките прилики. Се работи за взаемно дејство, бидејќи загадувачките материи влијаат врз промена на климата. Тоа се манифестира како промени во температурата на воздухот, воздушни струења, облачноста, атмосферски талози, влажност на воздухот, неговите физичко хемиски карактеристики, итн.

Областа Тиквеш и Повардарие каде е лоцирана предметната локација се наоѓа под влијание на медитеранска клима која продира од југ преку Демир Каписка клисура и на континентална клима која продира од север преку Велешка котлина.

Судирот на две различни климатски влијанија создава модифицирана медитеранска клима со следни карактеристики: просечна годишна температура на воздухот 13,5°C; највисока

просечна месечна температура - јули, август; најниска просечна месечна температура - јануари 1,4°C; годишна средномесечна температура над 0°C; број на мразни денови (под 0°C) 58,4 дена; средно траење на мразен период - 112 дена; температурна амплитуда 58,6°C, односно апсолутна максимална температура 41,8°C и апсолутна минимална температура - 17,8°C.

Должина на траењето на сончевиот сјај (осончување) годишно за Средно Повардарие изнесува 2230 часови со максимум во месеците јули и август.

Плувиометриските анализи покажуваат дека ова подрачје е лоцирано во најсушното подрачје во РСМ со следни карактеристики: просечна годишна сума на врнежи – 437mm, максимална сума на врнежи по месеци - 61,2mm - октомври, минимална сума на врнежи по месеци - 47,5mm - мај, поројни врнежи од локален карактер - мај до септември, дневен максимум – 97mm. Просечна годишна влажност на воздухот е 71%.

Просечен број на ведри денови е 118 дена, облачни 153 и тмурни 94 дена.

Интензитетот на дневниот максимум условува создавање на големи поројни води кои создаваат посебни проблеми во градот.

Снежниот покривач се јавува од декември до март или вкупно 71 ден просечно годишно, а стварниот број на денови со снежен покривач изнесува 21 ден. Максимално регистрирана висина на снежниот покривач достигнува 93cm.

Воздушните струења имаат најголема честина од насоките северозапад исток и југоисток. Струењата од северозападна насока имаат следни особености: просечна годишна честина 168‰, просечна брзина 2,0 m/s, максимална јачина 7 бофори. Струењата од исток имаат следни карактеристики: просечна годишна честина 142‰, максимална јачина 9 бофори, просечна брзина 3,6m/s. Во пределот најголеми се тишините кои изнесуваат 425‰.

## 4.3 | Релјефни карактеристики

Карактеристиките на релјефот на овој простор, како последица на геолошката структура, тектонските и егзогените процеси, може да се изразат со висински подрачја и експозиција, како индикатори релевантни за валоризација преку користење на земјиштето.

Според висинските зони, теренот може грубо да се подели на три единици:

- зона со надморска височина под 300 m (над 70%, односно 785 km$^2$);
- зона со 300-800 m (297 km$^2$, или околу 27%);
- зона со висини над 800 m (само околу 0,6% или 7 km$^2$).

Во однос на изложеноста, преовладуваат рамничарските терени.

Во структурата на наклонот на теренот доминираат благи косини (до 5% и 5-10%), што позитивно влијае и на придобивките за земјоделското производство (мала деградација на почвата поради процесите на ерозија) и на изградбата на станбени и инфраструктурни објекти. Секако, предноста на градење на терени со наклон под 1% зависи од водопропусноста на подлогата, односно од евентуалната можност за задржување на површинските води во зоната на темелите.

## 4.4 | Геолошки и тектонски карактеристики

Територијата на Македонија претставува мал дел од Балканскиот регион, со површина од 25.713 km$^2$, во која се вклучени неколку тектонски единици од прв ред од АлпскоХималајскиот појас. Врз база на постојните принципи за тектонска реонизација, западниот дел на територијата на Р. Македонија, вклучувајќи го и Повардарието (како географски поим), припаѓа на Динаридите-Хелинидите. Источномакедонските планински терени и котлински депресии се сегменти од средишниот Српско-Македонски масив. Долж границата со Р. Бугарија се издвојува посебна зона позната како Краиштидна зона, која припаѓа на Карпато-Балканидите. Во границите на Динаридите-Хелинидите, на територијата на Р. Македонија се издвоени посебни тектонски зони, кои се карактеризираат со свои тектонски елементи и геолошка еволуција: Цукали-Краста зона, Западно-Македонска зона, Пелагониски хорстантиклинориум, Вардарска зона, Српско-македонската маса и Краиштидна зона.




**Слика** Тектонска реонизација на РСМ

Градот Неготино и неговата непосредно окружување од геолошки аспект припаѓаат на Вардарската геотектонска зона. Оваа единица на исток се граничи со Српско-македонската маса, кои заедно во прекамбриум, а делумно и во стар палеозоик претставувале една целина. Меѓутоа, во текот на стар палеозоик, во почетокот на каледонската орогенеза, Вардарската зона се издвојува од соседните позитивни структури и формира посебна структурна единица. Основата е формирана веројатно со херцинската орогенеза, во текот на интензивни тектонски процеси, кои беа пратени со интрузии на ултрабазични и базични магматски карпи, а со алписката орогенеза преработувана до тој степен што осетно се разликува од соседните позитивни структури. Интензивните тектонски процеси во времето на оваа орогенеза условиле спуштање и издигања на одделни делови во Вардарска зона а со тоа формирање блокови, набрани во линеарно издолжени набори, со појава на раскинување, лушпење и навлекување. Спротивно на нив формирани се подложни грабени.

Геолошкиот состав на земјиштето во граници на планскиот опфат е: делувиум и жолти песочници(а): горна зона на флишот(б)




**Слика** Геолошки карактеристики на локацијата

## 4.5 | Хидрогеолошки карактеристики

Во Вардарската хидрогеолошка провинција (ВХП), во која припаѓа локацијата на предвидената депонија, по долината на реката Вардар, во алувијално-терасните наслаги се акумулирани големи резерви на подземи води, кои при урбанистичкото планирање, плански и успешно можат да бидат експлоатирани за решавање на водоснабдувањето на населбите. Оваа хидрогеолошка провинција, во струтурно-тектонска смисла, претставува еден лабилен грабен, во кој се одиграле интензивни тектонски процеси, кои и денес се сеизмички активни, пропратени со разновременски интрузивен и изливен вулканизам, со различен степен на тектонска оштетеност и испуканост со многубројни појави на кисели, минерални и термоминерални води. Во ВХП се создадени многубројни неотектонски депресии, исполнети со неогени и квартарни седименти со различни хидрогеолошки функции, меѓу кои е и Тиквешката депресија, во која се акумулирани значајни резерви на подземни води од економско значење. Во Вардарската хидрогеолошка провинција се јавуваат сите три типа издани: пукнатински, збиен и карстен. На поширокото подрачје на локацијата е застапен збиен тип на издани, додека самата локација со околината се безводни терени.

### Сеизмички карактеристики

Врз основа на досегашните случени земјотреси, направени се согледувања за можните земјотреси, според кои сеизмогените зони се поклопуваат со досега утврдените, односно целата територија на општината припаѓа на зоната од 8° по Меркалиева скала.

## 4.6 | Демографски карактеристики[2]

Согласно пописот на населението од 2021 година, во општина Неготино живеат вкупно 18 194 жители, од кои 9149 мажи и 9045 жени. Најголем број од жителите во општината се македонци, околу 16000, додека останатите се роми, турци и албанци.

Вкупниот број на домаќинства во општина изнесува 6131, а бројот на станови е 7614.

Вкупниот број на работоспособно население во општината изнесува 15455 лица, од кои 7739 мажи и 7716 жени. Бројот на активно работно население изнесува 7495 лица, од кои 4240 мажи и 3255 жени.

## 4.7 | Природни ресурси

**Еколошки карактеристики и заштитени природни блага**

Законот за заштита на природата ја уредува заштитата на природата преку заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство, во заштитени подрачја и надвор од заштитени подрачја, како и заштитата на природни реткости. Истиот претставува интегрална рамка за заштита на дивите видови, нивните живеалишта и екосистемите со цел да се обезбеди одржливо користење на компонентите на биолошката разновидност и одржување на природната рамнотежа. (Сл. Весник на РМ, Бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13 и 163/13, член 1, став 1). Во согласност со секторската „Студија за заштита на природното наследство" (1999), изработена за потребите на Просторниот План на РМ („Сл. Весник на РМ"бр.39/04), на предметниот плански опфат нема евидентирано природно наследство.

Согласно студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на просторниот план на РМ, на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Неготино, општина Неготино, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.

## 4.8 | Употреба на земјиште

Според информациите во урбанистичкиот план, земјиштето опфатено со планскиот опфат претставува катастарска култура пасишта, со класа 6 или 7 на земјиште. Пасиштата се во сопственост на Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија Скопје – Повардарска Православна Епархија – Манастир Св.Вмч Ѓорѓи, Неготино, со право на користење на ЈП за пасишта[3].

Предметната локација припаѓа на медитерански или повардарски земјоделско стопански реон поделен на јужно медитерански со 2 микрореони и централно медитерански со 10 микрореони.

Според податоците за намена на почвите земени од ЛЕАП-от на општина Неготино, во општина има 32052 ha, од кои 22303 ha се земјоделски површини, 1966 ha се шуми и 1966 ha е неплодна површина. Од земјоделските површини 10000 ha се пасишта, 12000 ha се обработливи почви (од кои најголем дел се ораници и бавчи 7000 ha), 4000 ha се лозови насади, а останатите се овоштарници и ливади.

Во структурата на обработливите почви во најголем дел учествуваат нивите (58.3%), а потоа лозјата (33.3%). Лозовите насади се најзастапени во атарите на селата Долни Дисан, Тимјаник и Курија. Исто така големи површини на лозови насади има во околината на градот Неготино. Почвено-климатските карактеристики поволно влијаат на одгледувањето на сите полјоделски култури: житни, индустриски, градинарски и фуражни, а особено подигање на лозови насади.

Лозовите насади се застапени на просторите на сите населени места, со исклучок на селата Шеоба, Липа, Пештерница, Калањево и Брусник каде што доминираат шумите и пасиштата. Според податоците пак на Заводот за статиските и нивните годишни извештаи (Годишен извештај за полјоделство, овоштарство и лозарство, 2011 год.), во општината има вкупно 7649 ha

[2] https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf
[3] Одговор на барање, ЈП за пасишта, (арх.бр.03-115/2 од 9.04.2024)

земјоделска површина, од кои 7411 се обработлива површина со следната структура: 5528 ha ораници и бавчи, 94 ha овоштарници, 1787 ha лозја и 2 ha ливади; и 238 ha ливади.

## 4.9 | Инфраструктура

**Сообраќај и врски**

Според просторниот план на РМ, автопатската и магистралната патна мрежа релевантна за предметниот простор е:

- М-1- (СР-Табановце-Куманово-Велес-Богородица-ГР).

Врз основа на Одлуката за категоризација на државните патишта, овој магистрален патен правец се преименува со ознаката:

- А1 (М-1) – (граница со Србија-ГП Табановце-Куманово-Велес-Неготино-Демир Капија-Гевгелија-граница со Грција-ГП Богородица и делница Градско-Прилеп-врска со А3).

На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ја сочинуваат патната мрежа на РСМ.

Релевантни регионални патни правци за предметната локација, според ПП на РМ, влегуваат во групата на регионални патишта Р1 и Р2 и се со ознака:

- Р1103 – (Лакавица-врска со А4-Неготно,Кавадарци-Дреново-врска со Р1101).
- Р2137 – (врска со Р1102-Војошанци-Корешница-врска со Демир Капија (Р1102).

Според ПП на РМ, железничката мрежа релевантна за предметниот простор е во групата на магистрални железнички линии од меѓународен карактер:

1. СР-Табановце-Скопје-Гевгелија-ГР...............213,5 km

Локацијата со намена површински соларни и фотоволтаични електрани, КО Неготино, општина Неготино, нема конфликт со постојните и планираните енергетски водови. Постојниот преносен 110kV далновод Бучим – دуброво минува на 0,3 km источно од локацијата.

Гасоводот на делницата – 1 Клечовица – Штип – Неготино поминува на 0,9 km јужно од локацијата.

Трасата на изведениот нафтовод Скопје – Солун минува на 3,8 km југозападно од локацијата.

**Телекомуникации**

Телекомуникациските корисници на ова подрачје во електронско комуникацискиот сообраќај приклучени се преку телефонската централа во Неготино.

Оператори на мобилната телефонија се А1 Македонија и М-Телеком.

**Комунална инфраструктура**

Снабдувањето со санитарна вода на населението како и на другите потрошувачи кои користат вода за пиење на подрачјето на општина Неготино се врши во најголем процент преку градскиот водоводен систем "Лукар" од општина Кавадарци, изграден и предаден во употреба во 1974 год. На овој систем приклучен е градот Неготино. Максималниот проток на вода во системот изнесува 105 l/s, а во сушни години 60 l/s, заради што во летниот период не ги задоволува потребите.

Водоводниот систем во општина Неготино се состои од објектите:

- резервоар на ниска зона
- резервоар за висока зона
- водоводна мрежа за ниска зона
- водоводна мрежа за висока зона
- подземни противпожарни хидранти за обезбедување на објектите од пожар

Вкупната должина на изградената водоводна мрежа е 45km. На оваа мрежа врзани се 12- 13 подземни пожарни хидранти. Должината на главниот цеовод е 28750m, од кои 18000m се ПВЦ цевки, а 10750m се челични цевки. Должината на разводната мрежа во градот изнесува 32226m, од кои 13397m се ПВЦ цевки, 14917m се цевки изработени од салонит, а 3912m се челични цевки.

Водата од постојниот градски водовод "ЛУКАР" се оценува како хигиенски исправна согласно санитарно хигиенските норми и важечките законски прописи. Контрола на квалитетот на водата за пиење редовно се врши од страна на Заводот за здравствена заштита Велес, Организациона единица Неготино. Според иформацијата за водоснабдувањето и квалитетот на водата за пиење во општина Неготино добиена во месец март оваа година, состојбата на квалитетот на водите за пиење од локалните водоводи е хигиенски неисправна при што процентот на неисправност се движи од 65 до 100% и тоа во следните населени места: Тремник (над 60%), Курија (75%), Долни Дисан, Горни Дисан и Вешје (80%), Војшанци (90%) и Црвени Брегови (65%). Единствено во населено место Пепелиште, според извршените проверки водата е сосема чиста и исправна за користење.

Одржувањето на водоснабдителните објекти е во надлежност на ЈП Комуналец-Неготино. Вкупна потрошувачка на вода од градскиот водоснабдителен систем изнесува 6 000 $m^3$. Во текот на целата година, а особено во летните месеци кога потрошувачката на вода е зголемена и се јавува недостиг од околу 30 l/s. Исклучувањата и рестрикциите на водата го зголемуваат ризикот од бактериолошко загадување на истата. Загубата на вода во системот достигнува и до 50%, а се должи на старата градска водоводна мрежа изградена пред повеќе од 20 години и дивите приклучувања на системот. Во водоснабдителската мрежа на одредени потези постои намалување-загуби на притисокот заради што се наметнува потреба од реконструкција или проширување на мрежата.

Одведувањето на фекалните и отпадните води во општината Неготино се врши преку мрежа од затворен тип – сепаратен систем. Испуштањето на фекалните и отпадните води се врши директно во Неготинска река без претходно механичко или биолошко прочистување. Должината на фекалната канализација изнесува 45km, изработена од азбестно-цементни цевки. Во населените места Тимјаник, Криволак, Пепелишта и Војшанци фекалната канализација е делумно изградена, а во тек е нејзина изградба во Тремник.

Во планскиот опфат АД Водостопанство на Македонија и ЈП Комуналец Неготино немаат свои објекти и инфраструктура[4].

## РЕЛЕВАНТНИ АСПЕКТИ

### 4.10 | КУЛТУРНО И ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО

На подрачјето на КО Неготино, што е предмет на анализа има еден со решение регистриран недвижен споменик на културата (експертен елаборат):

1. Саат кула, Неготино, турски период.

На територијата која ја опфаќа КО Неготно, има евидентирани недвижни споменици а културата (експертен елаборат):

1. Археолошки локалите Гробишта, Неготино, доцноантички период,
2. Археолошки локалитет Криво мовче-Расадник, Неготино, римски и византиски период,
3. Археолошки локалите Крстопат, Неготино, доцноантички период,
4. Археолошки локалите Мост, Неготино, римски период,
5. Археолошки локалите Раткин Дол, Неготино, од праисториски до римски период,
6. Археолошки локалите Чанак Чешма, Неготино, доцноантички период,
7. Црква Св. Атанасие, Неготино, 1867 год.
8. Црква Св. Ѓорѓи, Неготино.

[4] Известување, Арх.бр.2817 од 19.12.2023 год.: Известување, УП1-08-05/2 од 26.02.2024 год.

Во Археолошката карта на РМ[5] што ги проучува предисториските и историските слоеви на човековата егзистенција, од најстарите времиња до доцен среден век, на анализираното подрачје на катастарската општина, евидентирани се следните локалитет:

- Градиште, утврдена населба од хелинистичко, римско и доцноантичко време,
- Криво Мовче (Расадник), населба од римско и доцноантичко време.

Предметната локација припаѓа на Средно-Вардарски туристички регион, во којшто се утврдени 6 туристички зони и 24 туристички локалитети и припаѓа на транзитниот коридор.

Според достапните податоци и комуникацијата со надлежните органи од областа на заштитата на културното наследство, на подрачјето на предметниот плански опфат нема заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство[6].

## 4.11 | Хидролошки карактеристики и квалитет на водите

Водата претставува ограничен и основен ресурс, неопходен за одржување на животот,со којшто се обезбедува социјална добросостојба, економски просперитет и здравје на екосистемот. Според хидрографската состојба во земјата, постојат четири подрачја на речен слив (Вардар, Црн Дрим, Струмица и Јужна Морава) и три природни езера (Охридско Езеро, Преспанско Езеро и Дојранско Езеро). Најголем дел од водите се домицилни, формирани на територијата преку врнежи. Република Македонија не е богата со површински води и тие главно зависат од појавата, времетраењето и интензитетот на врнежите. Како резултатат на морфолошката, хидрогеолошката и хидрогеографската структура на релјефот, површинските теченија брзо се втекуваат во хидрографската мрежа (реките, потоците, и езерата) и водата истекува надвор од земјата. Единствевени исклучоци се карстните области, каде што водата се задржува подолго време под површината и ги прихранува протечните води од речната мрежа.

Во хидрогеографски контекст, поширокото подрачје на локацијата е дел од територијата на средниот тек на сливното подрачје на реката Вардар. Реката Вардар е најголема и најзначајна река во Република Македонија. Извира од карстен извор кај с. Вруток во југозападнито дел на Полошката Котлина во подножјето на Шар Планина на надморска височина од 683 m. Нашата земја ја напушта кај Гевгелија на кота од 43 m. Потоа тече низ Грција и се влева во Егејското Море. Вкупната должина на реката изнесува 388 km, од кои на нашата земја и припаѓа 301 km. Од изворот до вливот зафаќа сливна површина од 28.588 km2 од кои во Република Македонија се наоѓаат 20.535 $km^2$, во соседна Грција 6.843 $km^2$ и на север во Србија и Косово 1.210 $km^2$ (горните текови на реките Лепенец и Пчиња).

Низ Тиквешката Котлина реката Вардар своето корито главно го формирала во палеогени слоеви составени од песочници, лапорци и глинци како и слоеви од варовници. Теренот е брановиден, а алувијалното подрачје е доста ограничено. Овде реката Вардар прима седум притоки и тоа три од левата страна: реката Слатина (15,5 km), Пепелишка Река (10,5 km) и Брусничка Река (16,0 km) и четири од десната страна: Црна Река (207,0 km), Ваташка Река (33,5 km), Дисанска Река (17,0 km) и реката Бошава (38,0 km).[7]

Согласно состојбата од теренот и достапните податоци, низ планскиот опфат поминуваат повремени површински водотеци.

Локална хидрологија

За потребите на процесот на урбанизација, подготвена е хидрологија на водотеци во планскиот опфат[8]. Документот е изработен за непостојани водотеци што поминуваат низ целиот плански опфат.

Низ опфатот на КП 3038/1 поминуваат 4 непостојани водотеци што се влеваат во реката Вардар.

---

[5] МАНУ, Скопје, 1996 год.
[6] Известување, 17-3631/2 од 28.12 2023 год.
[7] Риболовна основа за "Слив на Вардар - долно течение" за период 2023-2028, Институт за сточарство, 2022
[8] Хиконс инженеринг, март 2024 год.

Првиот водотек поминува на југоисточната страна од опфатот. Тој нема сопствена катастаска парцела како останатите водотеци, односно припаѓа во самата парцела во опфатот т.е. на дел од КП 3038/1, КО Неготино. Неговата сливна површина (слив_1) изнесува 0.290 км2. Тој е непошумен и се простира на надморска висина од 140 до 200 м.

Вториот водотек поминува на југоисточната страна од опфатот (над водотек_1) на КП 4167, КО Неготино. Неговата сливна површина (слив_2) изнесува 0.213 км2. Тој е непошумен и се простира на надморска висина од 135 до 200 м.

Третиот водотек поминува во средишниот дел од опфатот (над водотек_2) на КП 4166, КО Неготино. Неговата сливна површина (слив_3) изнесува 0.164 км2. Тој е непошумен и се простира на надморска висина од 118 до 190 м.

Четвртиот водотек поминува во горниот - северниот дел од опфатот на КП 4165, КО Неготино. Неговата сливна површина (слив_4) изнесува 0.245 км2. Тој е непошумен и се простира на надморска висина од 120 до 200 м.

Низ предметниот опфат на КП 3099/1, КО Неготино, (необработено земјоделско земјиште или нискостеблеста шума) поминуваат три непостојани водотеци, кои се вливаат источно во река Вардар.

Првиот водотек поминува на североисточната страна од опфатот на КП 4161, КО Неготино. Неговата сливна површина (слив_1) изнесува 0.145 км2. Тој е непошумен и се простира на надморска висина од 115 до 194 м. Има два подсливови, низ кои поминуваат водотеците 1.1 и 1.2.

Вториот водотек поминува на источната страна од опфатот на КП 4162, КО Неготино. Неговата сливна површина (слив_2) е многу мала и изнесува 0.025 км2.

Третиот водотек поминува во долниот - јужниот дел од опфатот на КП 4163, КО Неготино. Неговата сливна површина (слив_3) изнесува 0.640 км2. Тој е непошумен и се простира на надморска висина од 115 до 200 м. Има два подсливови, низ кои поминуваат водотеците 3.1 и 3.2

Низ предметниот опфат на КП 3135/1, КО Неготино, (необработено земјоделско земјиште или нискостеблеста шума) поминуваат два непостојани водотеци, кои низводно се соединуваат и вливаат југоисточно во река Вардар.

Првиот водотек поминува на североисточната страна од опфатот на КП 4174, КО Неготино. Неговата сливна површина (слив_1) изнесува 0.123 км2. Тој е непошумен и се простира на надморска висина од 145 до 182 м.

Вториот водотек поминува на југозападната страна од опфатот на КП 4173, КО Неготино. Неговата сливна површина (слив_2) изнесува 0.150 км2. Тој е непошумен и се простира на надморска висина од 140 до 195 м. Има два подсливови, низ кои поминуваат водотеците 2.1 и 2.2.



**Слика** Ажурирана геодетска подлога и локација на водотеци во планскиот опфат

За сите водотеци утврдени во планскиот опфат е направена хидрауличка пресметка. Прво е извршено нумерирање на водотеците и нивните сливови Целта на хидрауличките пресметки е да се утврди меродавна голема вода за секој од нив со цел нивна регулација за целите на урбанистичкиот план, односно заштита.

Во прилог 9 се дадени топографски ситуации на непостојаните водотеци во планскиот опфат (извор: Хидрологија на водотеци).

Квалитет на води

Со Уредбата за класификација на водите, а според намената и степенот на чистотата, површинските води (водотеците, езерата и акумулациите) и подземните води се распоредуваат во класи, и тоа:

| Класа | Употреба / користење на водата |
|---|---|
| I | Класа многу чиста, олиготрофична вода, која во природна состојба со евентуална дезинфекција може да се употребува за пиење и за производство и преработка на прехранбени производи и претставува подлога за мрестење и одгледување на благородни видови на риби - салмониди. Пуферниот капацитетот на водата е многу добар. Постојано е заситена со кислород, со ниска содржина на нутриенти и бактерии, содржи многу мало, случајно антропогено загадување со органски материи (но не и неоргански материи). |
| II | Класа малку загадена, мезотрофична вода, која во природна состојба може да се употребува за капење и рекреација, за спортови на вода, за одгледување на други видови риби (циприниди), или која со вообичаени методи на обработка-кондиционирање (коагулација, филтрација, дезинфекција и слично), може да се употребува за пиење и за производство и преработка на прехранбени производи. Пуферниот капацитет и заситеноста на водата со кислород, низ целата година, се добри. Присутното оптоварување може да доведе до незначително зголемување на примарната продуктивност. |
| III | Класа умерено еутрофична вода, која во природна состојба може да се употребува за наводнување, а по вообичаените методи на обработка (кондиционирање) и во индустријата на која не и е потребна вода со квалитет за пиење. Пуферниот капацитет е слаб, но ја задржува киселоста на водата на нивоа кои сеуште се погодни за повеќето риби. Во хиполимнион повремено може да се јави недостиг на кислород. Нивото на примарната продукција е значајно, и може да се забележат некои промени во структурата на заедницата, вклучувајќи ги и видовите на риби. Евидентно е оптоварување од штетни супстанци и микробиолошко загадување. Концентрацијата на штетните супстанци варира од природни нивоа до нивоа на хронична токсичност за водниот живот. |

| | |
|---|---|
| IV | Класа силно еутрофична, загадена вода, која во природна состојба може да се употребува за други намени, само по одредена обработка. Пуферниот капацитетот е пречекорен, што доведува до поголеми нивоа на киселост, а што се одразува на развојот на подмладокот. Во епилимнионот се јавува презаситеност со кислород, а во хиполимнионот се јавува кислороден недостиг. Присутно е "цветање" на алги. |

Природните и вештачките водотеци, делниците на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води, чии води според намената и степенот на чистотата се распоредуваат во класи, согласно Уредбата за категоризацијана водите, се делат на пет категории. Во I категорија се распоредуваат водотеците чии води мораат да ги исполнуваат условите на I класа, во II категорија условите на II класа, во III категорија условите на III класа, во IV категорија условите на IV класа, а во V категорија се распоредуваат водотеците чии води мораат да ги исполнуваат условите на V класа.

Според Уредбата за категоризација на водотеците, Езерата, акумулациите и подземните води, водите на Река Вардар во околина на општина Неготино се класифицирани во II категорија.

Површинскиот мониторинг на водите на реките во Македонија се врши од страна на Републичкиот завод за здравствена заштита (РЗЗЗ) / Информации за опасност за хемикалии и пакување (CIHPs) и Управата за Хидрометеоролошки работи (УХМР). Додека РЗЗЗ/CIHPs се фокусираат повеќе на параметрите од санитарна важност, имено микробиолошките параметри, УХМР се фокусира на хидролошките параметри како и на квалитетот на водата.

Целите на RIMSYS вклучуваат долгорочна проценка на квалитетот на водата и истекувањата, како и воспоставување на ефикасен систем за прогноза и аларм систем. Во рамки на Македонскиот информативен центар за животна средина, воспоставена е база на податоци за квалитетот и квантитетот на водотеците. Базата на податоци се формира врз основа на соодветно собирање, обработка, анализа и презентирање на податоците од мониторингот на водите од страна на Управата за хидрометеоролошки работи, Хидробиолошкиот завод од Охрид, Институтот за јавно здравје, Централната лабораторија за животна средина, ЈП Водовод и канализација – Скопје, како и од сите субјекти кои се инволвирани во мониторирањето на водата, а кои се обврзани да доставуваат податоци до Македонскиот информативен центар за животна средина.




Слика Карта на RIMSYS мониторинг станици[9]

Квалитетот на водата во реките во однос на кислородните показатели е прикажан преку анализа на средногодишни концентрации на следниве параметри: растворен кислород, биолошката

[9] Извор: Хидрометеоролошки завод на Република Македонија

петдневна потрошувачка на кислород - БПК5 и хемиската потрошувачка на кислород - ХПК, споредено со пропишаните вредности за класификација на водите. Квалитетот на реката Вардар во близина на општина Неготино се следи на мерното место Ногаевци.

Планскиот опфат на површински соларни и фотоволтаични електрани на КО Неготино, општина Неготино, спаѓа во водостопанско подрачје (ВП) Среден Вардар, кое ги опфаќа сливот на Река Вардар, од вливот на Река Пчиња до водомерниот профил Демир Капија. На ова ВП припаѓаат сливовите на реките Тополка, Бабуна, Луда Мара, Бошава, Отавица и Иберијска Река, но не и сливовите на реките Брегалница и Црна Река.

Според податоците содржани во годишниот извештај за квалитетот на животната средина во Македонија за 2023[10], издаден од страна на МЖСПП година, резултатите од ова мерно место покажуваат:

- по однос на концентрацијата на концентрација на растворен кислород, водите генерално спаѓаат во IV категорија.
- по однос на концентрацијата на концентрација на петдневна биолошка потрошувачка на кислород, водите генерално спаѓаат во III категорија.
- по однос на концентрацијата на концентрација на хемиска потрошувачка на кислород, водите генерално спаѓаат во II категорија.
- по однос на средногодишните концентрации на нитрати, водите спаѓаат на квалитет на водата од I-II класа.
- по однос на средногодишните концентрации на нитрити, водите спаѓаат на квалитет на водата од II класа.
- концентрацијата на опасните и штетни материи следена преку концентрациите на железо, кадмиум, цинк, олово, бакар, никел, хром и манган се во рамките на пропишаните концентрации за води од II класа.

## 4.12 | Биодиверзитет и предел

Природните услови во општина Неготино, геолошката градба, релјефната структура, климата, хидрографијата, педолошкиот состав, овозможуваат богато разнообразие на растителниот и животински свет.

Во општина Неготино локалитетот Орлово брдо како значаен флоралистички локалитет е прогласен за споменик на природата. На овој простор се среќава степолика вегетација, а од посебно значење за науката е присуството на растителни видови кои се македонски ендемити. Во овој регион постои богатство на голем број видови лековити и ароматични растенија, шумски плодови, семиња, печурки и др.

Грижата за заштитата на одделни растителни заедници, реликти и ендемити е незначителна и покрај заложбите за надминување на состојбите од страна на одредени научни работници, институции и еколошки друштва. Богатството на дендрофлората се огледа со присуство на многу видови дрвја. Шумскиот покривач има огромно влијание во заштитата на водите, земјиштето и биолошката разновидност. Шумското земјиште се карактеризира со недостатна покриеност. Голем дел е под голини или под пасишта. Во последните 20 години проблемот со пошумувањето не е значително подобрен.

Шумскиот фонд се карактеризира со присуство на нискостеблени и деградирани шуми, а мал е процентот на високостеблени. Заштитата на шумите се врши со класични методи и е насочена во правец на превентивна заштита на шумите од штетни инсекти и габи и од нелегалната дива сеча на шумите. Поголеми оштетувања на шумските насади предизвикува „боровиот четник" кој придонесува за уништување на лисната маса на просторот на „Гоцева шума" и „Тимјаничка цуцка".

Најголеми штети за шумите претставуваат пожарите. Најчести причини за пожарите се долготрајните суши проследени со високи температури. Пожарите во 90% случаи се последица на директното или индиректното влијание на човекот. Според планските предвидувања утврдени

[10] Годишен извештај од обработени податоци за квалитет на животната средина за 2023 година, МЖСПП

со Просторниот план на РСМ, во регионот на Неготино се планира пошумување во шума и вон шума на околу 6.200 ha. Врз основа на тоа се предвидува дека во Неготинскиот регион во 2020 год. вкупната површина под шуми ќе изнесува 29.800 ha, дрвната маса се проценува на износ од околу 1.810.000 $m^3$ и вкупен годишен прираст од 40.000 $m^3$.

Живеалиштата во околината на предметната локација се претставени од природни и антропогени. Од природните живеалишта се застапени благун-габерови шуми, брдски пасишта со грмушки, водни текови и појаси со трска. Антропогените хабитати се претставени со земјоделски површини.

Според достапните податоци и надлежниот орган (МЖСПП), предметна локација се наоѓа надвор од границите на заштитените подрачја, нема идентификувани Емералд и натура 2000 подрачја[11].

Околу 1,7 km источно од локацијата на планскиот опфат се наоѓа споменикот на природата Орлово Брдо. Орлово брдо е прогласен како Споменик на природата (2003), флористички локалитет, каде се евидентирани ендемични растителни видови како се: Марианово Лале (Hedysarium macedonicum), Јуришицева Жалфиа (Salvia jurisicii) и др. Орлово брдо се наоѓа од левата страна на реката Вардар во подножјето на Конечка Планина. Истиот се простира на ридот Орлов Баир (Орлово Брдо) кај с. Пепелиште (Неготино) и ги вклучува крајречните хабитати покрај реката Вардар.




**Слика** Шумски екосистеми во Република Северна Македонија по форма на одгледување со прикажана предметна локација[12]

[11] Известување, 11-696/3 од 19.12.2023 год.
[12] Извор: Просторен план на Република Македонија 2002-2020




**Слика** Локација на плански опфат во однос на Емералд[13] подрачјата во Македонија

2 km северно од локацијата на планскиот опфат се наоѓа значајното растително подрачје[14] Криволак-Серта. Подрачјето зафаќа површини главно со тревеста вегетација – брдски пасишта на палеогени седименти и претставува дел од степоликото подрачје во Македонија (хелено-балкански степи). На повисоките места се среќаваат остатоци од термофилни дабови шуми. ЗРП Криволак-Серта вклучува шест видови од критериумот А: *Galium rhodopeum, Hedysarum macedonicum, Astraglalus cernjavskii, Tulipa marinade, Salvia jurisicii, Anchusa macedonica*. Сопственоста на земјиштето во регионот е мешана, но поголемиот дел од земјиштето во самото ЗРП Криволак е државно. Главен тип на искористување на земјиштето е сточарство (зимски пасишта) и помалку шумарсво. Во рамничарските делови главно занимање на луѓето е полјоделство. Голем дел од територијата на ЗРП Криволак-Серта е наменета за воени цели. Главна закана на регионот е бесправна сеча.

[13] Емералд мрежата претставува мрежа на подрачја од посебен интерес за зачувување (ASCI), назначени со цел зачувување на мрежата на природни живеалишта и се развива на територијата на земјите членки на Бернска конвенција (Конвенција за зачувување на дивиот свет и природните живеалишта во Европа).

[14] Значајните растителни подрачја (ЗРП) се дефинираат како простори со природни или полуприродни живеалишта кои изобилуваат со посебен растителен диверзитет, односно со ретки, засегнати и/или ендемични растителни видови и/или растителни заедници кои имаат голема ботаничка вредност.




**Слика** Локација на плански опфат во однос на ЗРП Криволак-Серта во Македонија

## 4.13 | Квалитет на амбиентен воздух

Мониторинг на квалитетот на воздухот се врши автоматски со фиксни мониторинг станици, семплери и со рачно земање проби од однапред определени мерни места.

Квалитетот на амбиентниот воздух во Р.Македонија го следат следните институции:

- Институт за јавно здравје, Скопје и Велес,
- Мониторинг мрежата на овие институции вклучува вкупно 10 мерни места, од кои седум се во скопје. на мерните места се мерат концентрации на $SO_2$ и црн чад,
- Управата за хидро-метеоролошки работи,
- Мониторинг мрежата на оваа институција вклучува вкупно 19 мерни места, од кои девет се во скопје. на мерните места се мерат концентрации на $SO_2$ и црн чад,
- Министерството за животна средина и просторно планирање.

Мониторинг мрежата на министерството вклучува вкупно 13 фиксни автоматски мониторинг станици. Во скопје се инсталирани 4 станици, и тоа во Карпош, Центар, Лисиче и Гази баба. Овие станици ги мерат еколошките параметри: CO, $SO_2$, азотни оксиди $NO_x$, суспендирани честички $PM_{10}$ и озон $O_3$.

Граничните вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух се дадени во следната табела.

Табела Гранични вредности, целни вредности и долгорочни целиза квалитетот на воздух, вредности на праговите за информирање и алармирање за заштита на човековото здравје

| | **Гранична или целна вредност** | | | **Долгорочна цел** | **Прагови на информирање и алармирање** | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Загад. супст.** | **Просечен период** | **Вредност** | **Макс. број дозволени надмин.** | **Вредност** | **Период** | **Вредност на прагот** |
| $SO_2$ | Час<br>Ден | 350 μg/m$^3$<br>125 μg/m$^3$ | 24<br>3 | | 3 часови | 500 μg/m$^3$** |
| $NO_2$ | Час<br>Година | 200 μg/m$^3$<br>40 μg/m$^3$ | 18<br>0 | | 3 часови | 400 μg/m$^3$** |
| Бензен ($C_6H_6$) | Година | 5 μg/m$^3$ | 0 | | | |
| CO | Максимална дневна 8-часовна просечна | 10 mg/m$^3$ | 0 | | | |
| $PM_{10}$ | Ден<br>Година | 50 μg/m$^3$<br>40 μg/m$^3$ | 35<br>0 | | 2 дена<br>2 дена | 150 μg/m$^3$*<br>200 μg/m$^3$ со маргина на толеранција 50 μg/m$^3$ (25%) при денот на отпочнување на примената, со намалување натаму на секои 12 месеци во еднакви годишни проценти, за да достигне 0 % до 1 јануари 2022 година ** |
| $PM_{2.5}$ | Година | 25 μg/m$^3$ | 0 | | | |
| Pb | Година | 0.5 μg/m$^3$ | 0 | | | |
| As | Година | 6 ng/m$^3$ | 0 | | | |
| Cd | Година | 5 ng/m$^3$ | 0 | | | |
| Ni | Година | 20 ng/m$^3$ | 0 | | | |
| BaP | Година | 1 ng/m$^3$ | 0 | | | |
| $O_3$ | Максимална дневна 8-часовна просечна во текот на 3 години | 120 μg/m$^3$ | 25 | 120 μg/m$^3$ | 1 час<br>3 часови | 180 μg/m$^3$*<br>240 μg/m$^3$** |

* праг на информирање
** праг на алармирање

Автоматските мониторинг станици за квалитет на воздух мерат еколошки и метеоролошки параметри, кои пристигнуваат модемски во централната станица секој час. Од еколошки параметри се мерат:

- CO - јаглероден моноксид изразен во mg/m$^3$
- $SO_2$ - сулфур диоксид, изразен во μg/ m$^3$
- Азотни оксиди, изразени во μg/ m$^3$
- $O_3$ - озон, изразен во μg/ m$^3$
- $PM_{10}$ - суспендирани честички во воздухот со големина помала од 10 микрометри, изразени во μg/ m$^3$

Овие мониторинг станици ги мерат и следните метеоролошки параметри:

- брзина на ветер, изразена во m/s
- насока на ветер, изразена во степени
- температура, изразена во степени целзиусови

- влажност, изразена во %
- притисок, изразен во hPa
- глобална радијација, изразена во W/m$^2$

**Квалитет на воздух во општина Неготино**

Според податоците на ЛЕАП-от за општина Неготино, доминантен загадувач на воздухот во општина Неготино е Термоелектраната Неготино. И покрај тоа што Термоелектраната работи повремено, сепак со својот техничко-технолошки процес при максимално производство, влијае врз квалитетот на воздухот. Во однос на загадувањето на воздухот треба да се истакне и начинот на затоплување на домаќинствата, деловните објекти и институциите во Неготино. Имено, затоплувањето на станбените објекти (индивидуални и колективни) се врши со: дрва, јаглен, електрична енергија и други горива. Овие видови на затоплување од еколошки аспект се неоправдани, заради тоа локалната самоуправа во наредниот период треба да размислува во насока на преземање активности за воведување централен систем на затоплување во градот, со цел елиминирање на последиците што произлегуваат од постојните начини на затоплување во однос на загадување на воздухот и заштеда на горивата. Доминантен загадувач на воздухот во општина Неготино е Термоелектраната Неготино. Освен во индустриските капацитети котелски постројки има во училиштата и јавните установи во Општината. Сите овие котли работат на фосилни горива (нафта) и истите се постари од 30 години. Според податоците од мерењата на загаденост на воздухот кои повремено се вршат во општина Неготино, параметрите за концентрациите на сулфур диоксид, јаглероден двооксид, јаглероден моноксид, азотните оксиди и прашината укажуваат дека постојат одредени количини на загадувачки супстанции во воздухот, кои се пониски од максимално дозволените концентрации во амбиентниот воздух.

## 4.14 | Управување со отпад

Комуналниот и индустрискиот неопасен отпад е во корелација со развојот на Општината. Поголем дел од комуналниот отпад се создава од домаќинствата и од комерцијалните дејности (трговија, угостителство и туризам), а индустрискиот-неопасен отпад се продуцира од производните дејности. За општина Неготино со оглед на стопанската структура, значајно влијание врз количината на отпадот покрај индустријата имаат земјоделието и сточарството, кои создаваат органски отпад. Управувањето со отпадот во град Неготино е во надлежност на ЈП „Комуналец" основано во 1957 година од Неготино кој врши собирање и транспортирање на комуналниот отпад, одржувањето на јавната чистота и третманот на комуналниот отпад, како и ракување и одржувањето на местата за селективно собирање на отпадот. Во моментот, услугите на ЈП Комуналец ги добива само градот Неготино но не и останатите приградски населби што претставува проблем кој треба во иднина да се решава. Годишната количина на цврст отпад во градот изнесува околу 30.000 m$^3$. Ако кон оваа количина се додаде и отпадот од приградските населби, кој се складира на диви депонии, сериозноста на проблемот добива уште поголема димензија. Динамикатра на изнесување, транспортирање и депонирање на комунален отпад е димензионирана во зависност од количината на отпадот, густината на населението како и расположивоста на превозните средства (специјални возила и трактори). Моментално ЈП Комуналец располага со две специјални возила-Смеќарки, 1 возило за подигање контејнери и 2 трактори. Според предвидената динамика за подигање, транспорт и отстранување на отпадот во централното градско подрачје празнењето на кантите во урбаните заедници се врши еднаш неделно. Во Неготино нема пракса за мерење на количините создаден отпад. Како репер се користи Стратегијата за управување со отпад, Сл. Весник на РМ бр. 39/08), според која се зема 290 кг/жител за урбана средина и 140 кг/жител за рурални средини. Согласно овие показатели количината на отпад кој се создава во градот Неготино се проценува дека изнесува 3915 тони/годишно, додека во руралните средини изнесува 784 тони/годишно, или вкупно 4699 тони/годишно.

Отстранувањето на отпадот што е производ на животните и работни активности на луѓето, како и од работата на индустриските капацитети е еден од најсериозните проблеми во општината, од причина што се отстранува на депонијата во место викано Бучето кое е оддалечено на 6 км од градот и е од времен карактер и не ги задоволува соодветните санитарни стандарди и прописи. Депонијата не е оградена, има делумна инфраструктура, отпадот се отстранува без никаков третман и постои јама за угинати животни која како и другите видови инертен отпад само се

нивелира и затрупува со земја. Просторот на депонијата е деградиран, неуреден, се шират непријатни миризби, во ветровито време полесниот отпад се пренесува и во околниот простор, чести се појавите на самозапалување на сметот и ширење чад, прашина и други честички. За привремено уредување на депонијата се преземаат низа парцијални активности како што се уредување на пристапни патеки и обновување на постојната ограда. Депонијата е во непосредна близина на регионалниот пат и железничката пруга и објективно претставува сериозен проблем и потенцијален извор на заразни заболувања и епидемии. Исцедокот и атмосферските води од депонијата ги загадуваат подземните и површинските води кои се само дел од сливното подрачје на реката Вардар. Истата локација е одобрена за определување на депонии за времено депонирање на комунален и технолошки отпад на подрачјето на општина Неготино.

Општина Неготино нема назначено локација за депонирање на шут и инертен отпад но презема активности за расчистување на дивите депонии или нерегуларното отстранување на цврст отпад кои се наоѓаат во периферните делови од градот. Секоја година во годишните програми за одржување на јавната чистота се определуваат средства за нивно расчистување. За намалување на отпадот неопходно е создавачот на отпадот да го селектира, клсифицира според листата на отпадот, врши контролана влијанието на отпадот врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Примарното селектирање на отпадот во град Неготино се врши на пластика со поставување на метални мрежести контејнери на најфреквентните места во градот од каде ЈП Комуналец врши собирање еднаш неделно и доставува до фирма која е регистрирана за откуп на пластика. Од вкупно 4966 тони отпад годишно на отпад од пластика отпаѓаат 9,7% што претставиува 481 тон. Собирање и откуп на старо железо врши фирма која има лиценца за постапување со ваков тип на отпад и за таа намена има регистрирано локација за откуп на овој отпад.

Присуството на голем број конфекции во градот влијае врз количината на отпадот од текстил и кој според горенаведената студија изнесува 2,9% односно 144 тони. Поради габаритноста на отпадот од хартија и картон, овој тип на отпад задава најмногу проблеми при негово собирање од причина што зафаќаат најголем простор и честопати доаѓа до реакции од граѓаните за преполнетост на контејнерите.

Со оглед дека биоразградливиот отпад, како фракција на комуналниот отпад, се сретнува со 26,2% проценетите количини што се создаваат на територијата на општина Неготино изнесува 1301 тон. На територијата на општината нема соодветно управување со овој тип на отпад кој може да претставува добар економски потенцијал.

За општина Неготино една од карактеристиките е и лозарското производство. Имено, во текот на периодот на кроење на лозите се создаваат големи количини на лозови прачки, кои неорганизирано се собираат и палат во близина на лозовите насади. Иако овој отпад е органски, потребни се мерки за негово организирано собирање и преработка. Постојат можности со процес на обработка од нив да се добие секундарен производ а со тоа и негова повторна употреба. На територијата на општина Неготино има 4200 ха површини под лозови насади и се претпоставува дека овој тип на отпаден материјал изнесува околу 300 тони.

## 4.15 | Бучава

Бучавата во животната средина е во постојан пораст, особено тешко се контролира, во густо населените агломерации и резиденцијалните средини во близина на автопатишта, железнички пруги и аеродроми. Таа зазема значајно место во редот на негативните последици врз животната средина и претставува бучава предизвикана од несакан или штетен надворешен звук, создаден од човековите активности, којшто, предизвикува непријатност и вознемирување.

Најголеми извори на бучавата во животната средина се превозните средства од патен, железнички и воздушен сообраќај, индустриската активност, бучава од соседството и особено значајна и специфична за Македонија е бучавата од градежните активности. Влијанијата на бучавата врз луѓето се сумирани на следната слика.

Мерењето и следењето на бучавата се потребни за постигнување и одржување на нивоа на бучава во животната средина во рамки на граничните вредности, дефинирани во четири подрачја според степенот за заштита од бучава, со крајна цел да се заштити здравјето и добросостојбата

на населението. Согласно постојната законска регулатива, податоците од мерењето и следењето на нивото на бучава се доставуваат до Министерството за животна средина и просторно планирање, Македонски информативен центар за животна средина. Законот ги определува основните носители на обврската за заштита од бучава во животната средина, а тоа се:

- Органите на државната управа;
- Општините, градот Скопје и општините во градот Скопје;
- Правните и физички лица.

Според Законот за заштита од бучава во животната средина, бучава во животната средина е бучава предизвикана од несакан или штетен надворешен звук создаден од човековите активности кој што е наметнат од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување, вклучувајќи ја и бучавата емитувана од превозни средства, патен, железнички и воздушен сообраќај и од места на индустриска активност.

Непријатност од бучава значи вознемиреност предизвикана од емисија на звук кој е чест и/или долготраен, создаден во определно време и место, а кој ги попречува или влијае на вообичаената активност и работа, концентрација, одморот и спиење на луѓето. Вознемиреност од бучава се дефинира преку степенот на вознемиреност на населението од бучава определена со помош на теренски премери или увиди. Граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина се утврдени во Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава. Според степенот за заштита од бучава, граничните вредности за основните индикатори за бучавата во животната средина предизвикана од различни извори не треба да бидат повисоки од:

| **Подрачје дефинирано според степенот за заштита од бучава** | **Ниво на бучава изразено во dB** | | |
|---|---|---|---|
| | **Лд** | **Лв** | **Лн** |
| Подрачје од прв степен | 50 | 50 | 40 |
| Подрачје од втор степен | 55 | 55 | 45 |
| Подрачје од трет степен | 60 | 60 | 55 |
| Подрачје од четврт степен | 70 | 70 | 60 |

Лд - ден (период од 07,00 до 19,00 часот), Лв - вечер (период од 19,00 до 23,00 часот) / Лн - ноќ (период од 23,00 до 07,00 часот)

Подрачјата според степенот на заштита од бучава се определени во Правилникот за локациите на мерните станици и мерните места (2008).

- Подрачје со I степен на заштита од бучава е подрачје наменето за туризам и рекреација, подрачје во непосредна близина на здравствени установи за болничко лекување и подрачје на национални паркови и природни резервати.
- Подрачје со II степен на заштита од бучава е подрачје кое е примарно наменето за престој, односно станбен реон, подрачје во околина на објекти наменети за воспитна и образовна дејност, објекти за социјална заштита наменети за сместување на деца и стари лица и објекти за примарна здравствена заштита, подрачје на игралишта и јавни паркови, јавни зеленила и рекреациски површини и подрачја на локални паркови.
- Подрачје со III степен на заштита од бучава е подрачје каде е дозволен зафат во околината, во кое помалку ќе смета предизивикувањето на бучава, односно трговско - деловно - станбено подрачје, кое истовремено е наменето за престој, односно во кое има објекти во кои има заштитени простории, занаетчиски и слични дејности на производство (мешано подрачје), подрачје наменето за земјоделска дејност и јавни центри, каде се вршат управни, трговски, услужни и угостителски дејности.
- Подрачје со IV степен на заштита од бучава е подрачје каде се дозволени зафати во околината, кои можат да предизвикаат пречење со бучава, подрачје без станови, наменето за индустриски и занаетчиски или други слични производствени дејности, транспортни дејности, дејности за складирање и сервисни дејности и комунални дејности кои создаваат поголема бучава.

Според карактеристиките, а особено со усвојувањето на локалната урбанистичка планска документација за просторно уредување на локацијата на проектот, таа припаѓа во подрачје со IV степен на заштита.

# 5 | ЦЕЛИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Во продолжение се дадени целите на заштита на животна средина на ниво на законодавство релевантно за планскиот документ, поединечно за секој медиум и аспект.

## 5.1 | Цели поставени во законодавството за животна средина

Целите за заштита на животна средина се поставени во националното законодавство за животна средина претставени со законот за животна средина и останатите закони што произлегуваат од него. Покрај во законодавството, цели за заштита на животна средина се поставени и во стратешките документи за животна средина.

Во продолжение се дадени целите на заштита на животна средина на ниво на законодавство релевантно за планскиот документ, поединечно за секој медиум и аспект.

**Заштита на животна средина – генерално**

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
- Заштита на животот и на здравјето на луѓето;
- Заштита на биолошката разновидност;
- Рационално и одржливо користење на природните богатства и
- Спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

**Заштита на воздухот**

- Избегнување, спречување и намалување на штетните ефекти врз човековото здравје и животната средина како целина, вклучувајќи ги и биолошката разновидност, природното богатство и историското и културното наследство;
- Обезбедување на соодветна информација за квалитетот на амбиентниот воздух;
- Спречување и намалување на загадувањата кои предизвикуваат промена на климата и
- Одржување на квалитетот на амбиентниот воздух таму каде што е добар и подобрување во други случаи.

**Управување и заштита на водите**

- достапност до доволно количество квалитетна вода, во согласност со начелата за одржливо управување со водите за пиење и за производство на храна, за потребите на земјоделството, индустријата, хидроенергетските потреби, за потребите на парковите и други јавни површини, туризмот, пловидбата и за други потреби,
- заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни екосистеми и на екосистемите зависни од водата, заштита и унапредувањето на водната средина преку рационално и одржливо користење на водите, како и прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материи суспстанции во водите,
- ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода и
- заштита и унапредување на животната средина и природата, на водните еко системи и на биолошката разновидност и заштита на здравјето на луѓето.

**Заштита на почва**

Со оглед на тоа што нема национално законодавство за почви, не постојат национални цели за заштита на почвите. Почвата се заштитува со почитување на останатото и целокупно законодавство за животна средина.

**Управување со отпадот**

Законот за управување со отпад ги поставува следните цели што истиот треба да ги обезбеди со негова имплементација:

- избегнување и, во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;
- искористување на употребливите состојки на отпадот;
- одржлив развој, преку зачувување и заштеда на природните ресурси;
- спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
- отстранување на отпадот, на начин што е прифатлив за животната средина и
- висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

**Заштита од бучава во животната средина**

- создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава,
- преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата,
- преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување,
- отстранување или намалување на штетните ефекти кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина и
- обезбедување на основа за развивање на мерки за намалување на бучавата што ја емитуваат поголемите извори, особено патните, железничките и водните превозни средства и инфраструктура, воздухопловите, опремата што се користи на отворен простор и во индустријата, како и мобилните механички средства за работа.

**Заштита на биолошката и пределската разновидност и заштита на природното наследство**

- Утврдување и следење на состојбата на природата;
- Зачувување и обновување на постојната биолошка и пределска разновидност во состојба на природна рамнотежа;
- Установување на мрежа на заштитени подрачја поради трајна заштита на својствата врз основа на кои го стекнале статусот на природно наследство;
- Обезбедување на одржливо користење на природно богатство во интерес на сегашниот и идниот развој, без значително оштетување на деловите на природата и со што помали нарушувања на природната рамнотежа;
- Спречување на штетните активности на физички и правни лица и нарушувања во природата како последица на технолошкиот развој и извршување на дејности, односно обезбедување на што поповолни услови за заштита и развој на природата и
- Обезбедување на правото на граѓаните на здрава животна средина.

**Здравје на човекот**

- Минимизирање на бучавата, вибрациите, емисиите од сообраќајот, индустриските процеси и експлоатацијата на суровини во некои индустриски гранки.

**Материјални средства**

- Избегнување на ризик од поплави или крајбрежна ерозија при избор на локацијата за инвестирање.

**Културно наследство**

- Промовирање на заштита и зачувување на културното, вклучувајќи архитектонско и археолошко наследство.

## 5.2 | Релевантни СОЖС цели

Направена е идентификација на СОЖС цели релевантни за планскиот документ.

Табела СОЖС цели за планскиот документ

| Аспект | СОЖС цели |
|---|---|
| Институции, законодавство | • Зајакнување на капацитетот на општина Неготино со цел доследно спроведување на законските обврски од областа на животна средина.<br>• Идентификација и поставување на правни, финансиски, фискални и други можности за поттикнување и поддршка на имплементацијата на мерки и постигнување на целите. |
| Население, здравје | • Да се заштити здравјето на луѓето од потенцијалните негативни влијанија од активности за управување со отпадот,<br>• Да се придонесе за подобрено здравје и удобности на локалните заедници,<br>• Да се заштитат условите за живот, квалитетот на животот и удобностите на локалните жители од можни негативни ефекти поврзани со емисии во воздух, вода, создавање отпад, вклучително и бучава, влијанија од вибрации, прашина, мирис и сообраќај. |
| Воздух | • Да се заштити квалитетот на воздухот од производни, преработувачки и согорувачки активности и активности за управување со отпад и / или да се намали загадување на воздухот до нивоа што не ја оштетуваат природната средина или човекот здравје,<br>• Да се спречат до најмално можно ниво нивоата на емисии на загадувачките материи во воздухот од активности за управување со отпадот. |
| Клима | • Да се минимизираат емисиите на стакленички гасови поврзани со управување со отпад (вклучително и транспорт),<br>• Да се промовира употреба на ефикасни и одржливи извори на енергија и употреба на обновлива енергија,<br>• Да се промовира отпорност кон влијанија на климатските промени,<br>• Да се прилагоди кон потенцијалните ефекти од климатските промени (ризик од поплавување, пораст температури, засилен ветер, поголем ризик од слегнување) |
| Води | • Да се користи водата рационално и ефикасно,<br>• Да се заштити квалитетот на водата од влијанието на активностите,<br>• Да се постави заштита од зголемен ризик од поплавување како резултат на управување со отпад активности,<br>• Да се заштитат водните ресурси, |
| Почви | • Да се заштитат квалитетот и квантитетот на почвата од активностите и да се намали контаминацијата на почвата, |
| Социјални аспекти | • Да се зголеми учеството на заедницата во донесувањето одлуки,<br>• Да се промовира социјалното вклучување во активностите за управување со животна средина,<br>• Да се заштити безбедноста и благосостојбата во заедницата,<br>• Да се заштитат идните, како и сегашните генерации од влијанието на активностите,<br>• Да биде правичен / фер во влијанието врз различните заедници / локации,<br>• Да се компензираат заедниците кои се погодени од влијанието од активности. |
| Културно наследство | • Да се минимизираат влијанијата од активностите при нови изградби и случајни пронаоѓања на објекти од историско, културно и археолошко значење |
| Економски аспекти | • Да придонесе за можности за вработување,<br>• Да се даде приоритет на локални заедници,<br>• Да се помага околината и заедниците секогаш кога тоа е можно. |

## 5.3 | ЦЕЛИ НА НАЦИОНАЛНО НИВО РЕЛЕВАНТНИ ЗА ПЛАНСКИОТ ДОКУМЕНТ

Генералните цели за заштита на животната средина земени во предвид при подготовката на урбанистичкиот план, односно кои се очекува да се постигнат со мерките за избегнување, ублажување и/или компензација на потенцијалните влијанија предложени во овој извештај се:

- Зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина,
- Заштита на квалитетот на амбиентниот воздух, избегнување, спречување или намалување на штетни емисии во воздухот,
- Достапност до доволно количества квалитетна вода, заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, спречување или намалување на штетни испуштања, одведувањето и третман на комуналните отпадни води, третман на отпадни индустриски води од страна на самите субјекти,
- Избегнување и намалување на создадениот отпад, негово повторно искористување, отстранување на прифатлив начин,
- Рамномерен просторен развој, рационално уредување и користење на просторот,
- Рационално користење и заштита на земјоделското земјиште,
- Рационално и одржливо користење на природните ресурси,
- Користење на обновливи извори на енергија,
- Зачувување и заштита на растителниот и животинскиот биодиверзитет,
- Избегнување, спречување или намалување на бучавата.

Во рамки на националната правна рамка, следните национални документи релевантни за планскиот документ се земени предвид во однос на целите на животна средина:

- Просторен План на Република Македонија (2002-2020)
- Стратегија за развој на енергетиката на Република Северна Македонија до 2040 година
- Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија во Република Македонија
- Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија (2009-2030)
- Национална стратегија за води на Република Македонија (2012-2042)
- Национален план за заштита на амбиентен воздух на Република Македонија (2013 – 2018)
- со изминат рок
- Национална стратегија за управување со отпад 2024-2032
- План за управување со отпадот на Република Северна Македонија 2021- 2031
- Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027
- Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2021- 2027)
- Четврт Национален План на Република Македонија кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (2020)
- Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција (2005)

**Просторен План на Република Македонија (2002-2020)**

Просторниот план на РМ претставува стратегија за просторен развој на земјата, кој дава насоки за намената, користењето, заштитата, организацијата, уредувањето и управувањето со просторот, преку:

- Зголемување на вработеноста и постојано подобрување на материјалните, културните, општествените и другите услови за живот и работата на граѓаните;
- Остварување на порамномерен регионален развој, со побрз развој на стопански недоволно развиените краишта;
- Остварување на рационално користење, организирање и уредување на просторот со рационално разместување на производните сили;

- Подобрување на степенот на искористеноста на енергетскиот систем и зголемување на неговата флексибилност и сигурност;
- Подобрување на енергетската ефикасност-употреба на поквалитетни горива и пречистување на гасовите пред испуштањето во средината;
- Заштеда на енергија од индустриско производство, аграр, енергетика и комунални дејности;
- Обезбедување доволно количини квалитетна вода за пиење и ревитализација и модернизација на системите за наводнување и водоснабдување;
- Транспортен систем со минимални штетни влијанија на транспортот врз животната средина;
- Утврдување на програмски индикатори и мониторинг за следење на здравствената состојба на населението, во релација со квалитетот на средината;
- Зачувување и заштита на сите простори (места) со исклучиви и неповторливи природни вредности од значење за научната, културно образовната, воспитната, рекреативната и други функции.

**Стратегија за развој на енергетиката на Република Македонија до 2040 година**

- Одржување, ревитализација и модернизација на постојната и изградба на нова, современа инфраструктура за потребите на производство и користење на енергијата,
- Подобрување на енергетската ефикасност во производството, преносот и користењето на енергијата,
- Користење на домашните ресурси (резервите на лигнит, хидроенергетскиот потенцијал, ветерната и сончевата енергија) за производство на електрична енергија,
- Зголемување на користењето на обновливите извори на енергија,
- Воспоставување на економска цена на енергијата,
- Интегрирање на енергетскиот сектор на Република Македонија во регионалниот и европскиот пазар на електрична енергија и природен гас со изградба на нови конекции и со усогласување на законодавството со постојната правна регулатива на Европската унија (acquis communautaire) за енергија, животна средина, конкуренција и за обновливи извори на енергија.

**Стратегијата за искористувањето на обновливите извори на енергија во Република Македонија**

Главна цел на оваа стратегија е да се добијат информации за потенцијалот и можната експлоатација на обновливи извори на енергија во Македонија. Заштита на животната средина и намалување на емисиите на стакленички гасови, намалување на увозната зависност на Македонија од енергија, како и потребата за обезбедување на поголема разнообразност и со тоа и сигурност во снабдувањето со енергија што неминовно наметнуваат зголемено учество на обновливите извори во финалната потрошувачка на енергија.

**Национална стратегија за одржлив развој во Република Македонија (2009-2030)**

Стратешка определба бр. 2: Зголемување на свеста и посветеноста за одржлив развој

Стратешка определба бр. 5: Насочување на финансискиот сектор кон одржлив развој

Стратешка определба бр. 6: Насочување на приватниот сектор кон одржлив развој

Стратешка определба бр. 7: Имплементирање на пилот и демонстрациски проекти за одржлив развој

**Национална стратегија за води на Република Македонија (2012-2042)**

Стратегијата за води ги утврдува долгорочните чекори за управување со водите, кои вклучуваат:

- одржлив развој на водните ресурси за задоволување на потребите на сите корисници;
- рационално и економично користење на водата;
- заштита на водата и мерки за спречување на загадувањето;
- заштита и подобрување на водните екосистеми, и
- заштита од штетните ефекти на водите.

**Национален план за заштита на амбиентен воздух на Република Македонија (2013 – 2018) - со изминат рок**

Дефинира генерални и конкретни мерки за подобрување на квалитетот на воздухот (по сектори) на целата територија на РМ, воедно ги наведува и сите релевантни институции одговорни за имплементација на мерките со цел подобрување на квалитетот на воздухот на локално и глобално ниво.

**Национална стратегија за управување со отпад 2024-2032**

- Собирање на 90% од создадениот комунален отпад и опслужување на 95% од населението.
- Изградба на регионални депонии во 6-8 региони.
- Зголемување на капацитети за третман на опасен отпад.
- Спроведување на повторувачки кампањи за подигање на јавната свест и информации насочени кон домаќинствата, како и кон оние што не создаваат отпад од домаќинствата.
- Затворање и санација на несоодветни и нелегални места за отстранување каде што е утврдено присуство на опасен отпад.
- Регионалните претпријатија обезбедуваат услуги за управување со отпад на општини од најмалку 6 од 8 региони.

**План за управување со отпадот на Република Северна Македонија 2021- 2031**

Управувањето со отпадот, заради поголема ефикасност на ресурсите има за цел:

- Да се управува со отпадот како со ресурс,
- Отпадот кој се создава по глава на жител да се намалува,
- Да се изнајдат економски опции за повторна употреба и рециклирање,
- Поголемо рециклирање на материјалите согласно висококвалитетни стандарди,
- Преработката за добивање енергија да биде лимитирана на материјали кои не може да се рециклираат,
- Депонирањето да биде сведено на минимум,
- Да нема повеќе незаконски пратки на отпад.

**Национална стратегија за заштита на природата 2017-2027**

Главни цели на Националната стратегија за заштита на природата е идентификација, проучување, заштита и перманентен мониторинг на имплементацијата во заштитата на објектите и појавите од интерес за заштита во областа на геодиверзитетот и геолошкото наследство на Република Македонија и другите компоненти на природата (биолошка и пределска разновидност).

**Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (2021- 2027)**

Стратешки цели:

- подобрување на конкурентноста на земјоделско-прехрамбениот сектор, економската одржливост и приходот на земјоделските стопанства,
- примена на еколошки практики во производството кои водат кон намалување на влијанието на климатските промени и прилагодување кон истите и
- обезбедување на одржлив развој на руралните средини.

**Четврт Национален План на Република Македонија кон Рамковната конвенција на ОН за климатски промени (2020)**

Преку својот национално определен придонес (НОП), Македонија се обврза „да ги намали емисиите на $CO_2$ од согорувањето на фосилните горива за 30%, односно за 36% на повисоко ниво на амбиција, до 2030 година во споредба со вообичаено сценарио (BAU)."

Засилениот НОП на Македонија ги зајакна своите цели за стакленички гасови до 2050 година на 53% намалување на емисиите во однос на 1990 година, што е 82% нето намалување на емисиите на стакленички гасови. Заложбата на Македонија за исполнување на нејзините меѓународни обврски според UNFCCC е претставена во овој четврт национален извештај.

Овој извештај дава позадина на националните околности и политиката и институционалната рамка на земјата за климатските промени. Ги вклучува резултатите од новата евиденција на

стакленички гасови за 2019 година и обезбедува планови и мерки за намалување на емисиите во клучните сектори. Овој национален извештај го прикажува и климатскиот профил на земјата, истакнувајќи ги секторите и регионите најранливи на влијанијата од климатските промени, истовремено обезбедувајќи анализа на потенцијалните мерки за адаптација.

Просторното планирање исто така има клучна улога во префрлањето кон нискојаглеродна иднина и во прилагодувањето кон климатските промени. За сè ова, просторното планирање мора да развие и имплементира нови пристапи.

**Стратегија и акционен план за имплементација на Архуската конвенција (2005)**

Владината политика за оваа Стратегија е да спроведе детална анализа за статусот на имплементација на Конвенцијата, да обезбеди насоки и препораки за надминување на проблемите кои произлегуваат од имплементацијата на Конвенцијата и да препорача акционен план за спроведување на предложените мерки и следење на дадените насоки.

## 5.4 | Цели релевантни за планскиот документ на регионално ниво

**Програма за развој на вардарски плански регион 2021-2026**

Среднорочна цел бр. 1: Унапредување на инфраструктурата во регионот

Среднорочна цел бр. 2: Унапредување на економскиот развој во регионот

Среднорочна цел бр. 3: Заштита на животна средина во регионот

Среднорочна цел бр. 5 - Задржување на младите во Регионот

## 5.5 | Цели релевантни за планскиот документ на локално ниво

**Стратегија за локален економски развој на општина Неготино**

1. Поттикнување на вработливоста преку развој на вештини на човечкиот капитал за потребите на постоечкиот пазар на трудот како и можностите за претприемништво и самовработување;
2. Подобрување на постојната и изградба на нова комунална инфраструктура
3. Поттикнување и привлекување на странски директни и домашни инвестиции
4. Понатамошен развој и унапредување на земјоделското производство и поттикнување на пчелното производство;
5. Подобрување на енергетската ефикасност во јавните установи на Општината.
6. Развој на транзитен туризам преку различни алтернативни форми кои ќе се базираат на природните, културните и рециптивните капацитети на Општината.

## 6 | АНАЛИЗА НА АЛТЕРНАТИВИ

Подготовката на плански и програмски документи со кои се планира имплементација на плански документи, предвидува и разгледување на алтернативи. Разгледувањето на алтернативите може да се однесуваат на различни аспекти, од локација, опфат, обем итн. Алтернативите подразбираат разгледување и на аспекти како економска оправданост, финансиски можности и заштита на животната средина.

Согласно барањата на директивата за стратегиска оцена СОЖС извештајот за животната средина треба да ги земе во предвид "разумните алтернативи" и географскиот опсег на планот или програмата и ефектите врз животната средина од избраните алтернативи.

Колку е повисоко нивото на планот, толку повеќе стратешки се опциите кои најверојатно ќе бидат достапни. Спротивно на тоа, колку на пониско ниво е планот, стратешките опции се ограничени. Алтернативите треба да бидат реални и спроведливи и треба да вклучуваат различни приоди во рамки на законските и оперативните барања на одреден план.
Во граници на трите плански опфати се планира по една градежна парцела. Границата на трите плански опфати е идентична со границата на градежните парцели. Основна намена на трите градежни парцели е Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани.

Комплементарни намени кои се во функција на фотоволтаичната електрана се:

Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,

Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,

Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,

Е1.8 – трансформаторски станици.

Предметниот плански документ не носи информации за разгледувани алтернативни локации и намени за развој во планскиот опфат. Алтернативи на ниво на активност произлезена од намената на планот, во смисла на техника и технологија и слично би биле разгледувани во фазата на подготовка на архитектонско урбанистички план, односно техничко технолошки проект.

# 7 | ВЕРОЈАТНО ЗНАЧАЈНИ ВЛИЈАНИЈА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Извршена е анализа на влијанијата од имплементацијата на предвидениот плански документ. Анализата е направена согласно упатствата дадени во *Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето*[15]. При извршената анализа земени се предвид сите релевантни влијанија и нивните карактеристики, како и целите и насоките од повисоките и поврзаните релевантни планови, и целите на животна средина релевантни за планскиот документ.

Имплементацијата на планскиот документ е во насока на просторно организирање на предметниот плански опфат, во насока на искористување на сите просторни можности на локацијата и нивно ставање во функција на локален и регионален економски развој.

Имајќи ја предвид главната намена на планскиот документ, имплементација на урбанистичката планска документација за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW може да предизвика промени и влијанија врз животната средина, поради што во продолжение на ова поглавје се врши анализа на истите.

Имплементацијата на планскиот документ, онака како што е предвиден со сите негови цели, нема конфликти со постоечките поврзани и релевантни плански документи и документи од повисок ранг.

Подетално разгледување на влијанијата врз животната средина и планирање на соодветни мерки за спречување и контрола на загадувањето неопходно е да се направи на ниво на техничка и проектна документација при познати технички детали за намерата на инвеститорите, односно на ниво на оценка на влијанието врз животната средина од проект за поставување на фотоволтации на локација во опфатот. Тие детални анализи ќе бидат дел од идните документи за заштита и управување со животната средина на ниво на конкректна активност (елаборат/студија за оценка на влијанието врз животната средина, еколошки дозволи, планови/програми за управување со поедини прашања од аспект на животна средин итн.).

Заклучоците од овој извештај треба да бидат земени во предвид при сите идни анализи на влијанијата што ќе се прават на пониско и техничко ниво.

## 7.1 | ВЛИЈАНИЈА ВРЗ НАСЕЛЕНИЕ, ЧОВЕКОВО ЗДРАВЈЕ, ИНСТИТУЦИОНАЛНИ АСПЕКТИ

Имајќи предвид намената на планскиот документ, имплементацијата на планскиот документ не се очекува да има значителни влијанија од аспект на население и здравје, не сметајќи го тука социо – економскиот аспект, иако одредени влијанија би можеле да бидат поврзани за намената.

Интензивни влијанија врз животната средина не се очекуваат од опфатот, со оглед на предвидената намена и какви видови и по интензитет влијанија би можеле да бидат поврзани со таква намена. Имплементацијата на мерките поединечно наведени по аспект во продолжение на ова поглавје треба да обезбеди контрола на влијанијата и заштита на животната средина.

Имплементацијата на УП ќе придонесе за зголемено производство на енергија од обновливи извори и намалена зависност од увоз, намалена употреба на фосилни горива, што ќе даде придонес кон ублажување на климатските промени, обезбедување стабилност во енергетскиот систем, отворање можности за нови вработувања, создавање услови за подобар економски развој, зголемени приходи во општинскиот и државниот буџет и сл.

Имплементација на УП нема да предизвика раселување на населението. За потребите на фотоволтаичните електроцентрали ќе биде изградена или подобрена постојната инфраструктура (патна) во ова подрачје, од која придобивки ќе имаат и најблиските населени места и корисниците на парцелите околу планскиот опфат.

---

[15] „Службен весник на РМ" бр. 144 од 30.11.2007 година

Потенцијални неповолни влијанија од опфат со ваква намена генерално е поврзано со изгледот и менување на пејсажот, отсјај и евентуално ограничување на пристапот до останатите земјишта во околината кои претходно минувале низ планскиот опфат.

Имајќи предвид дека оваа Стратешка оцена на влијанијата се превзема во раната фаза на планскиот процес, со примена на соодветни мерки и препораки може да се влијае да се спречат загадувањата и да се заштити здравјето на луѓето.

Детална анализа на влијанијата врз човековото здравје од поединечните проекти неопходно е да биде дел од соодветната документација за оценка на влијанието врз животната средина.

## 7.2 | Влијанија врз социо-економската состојба

Имплементацијата на планскиот документ е во насока на поддршка на стопанскиот и економскиот развој, како на локално така и на регионално ниво. Планскиот документ ќе овозможи поддршка за негов развој и модернизација да одговори на современите техничко-технолошки барања и потреби поврзани со индустријата, барањата на пазарот, но и на производните стандарди.

Имплементацијата на планскиот документ ќе доведе до трајна пренамена на земјиштето. Имплементирањето на Планот во градежната фаза ќе допринесе за генерирање емисии во животната средина, кои може да предизвикаат нарушување на квалитетот на животната средина во опкружувањето на опфатот, што може да допринесе за намалување на вредноста на подрачјето чија приоритетна намена е земјоделие.

Имплементација на Планот може да предизвика негативни влијанија врз постојните материјални добра, идентификувани во рамките на опфатот и неговото опкружување, како резултат на оштетувања, што може да резултира со социо-економски влијанија. Покрај останатото, во градежната фаза локалното население може да биде засегнато од зголемената фреквенција на возила по сообраќајните, што може да биде причина за застој, времена непристапност до имоти и сл.

Имплементацијата сепак се очекува да има долгорочно позитивно влијание врз социо-економскиот развој на општината и пошироко. Поставувањето на површински соларни и фотоволтаични електрани во КО Неготино ќе биде во функција на одржливиот развој на опшината и регионот, преку производство на енергија од обновливи извори.

Имплементацијата на Планот се очекува да предизвика позитивни социо - економски ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти.Имплементацијата на Планот се очекува да предизвика позитивни социо - економски ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти.

## 7.3 | Влијанија врз квалитетот на амбиенталниот воздух

Со оглед на предвидените класи на намена, имплементацијата на планскиот документ не би имал значително влијание врз квалитетот на амбиентниот воздух. Влијанијата од фазата на градба во планската документација би биле краткотрајни и ограничени на времетраењето на самата фаза, во смисла на воспоставување на потребната инфраструктура. Изградбата на секој објект во рамките на опфатот би значело краткорочно и ограничено обновување на влијанијата од оваа фаза. Фазата на работа не е поврзана со негативни влијанија врз квалитетот на воздухот.

Имплементацијата на Планот ќе овозможи производство и користење на енергија од обновливи извори, односно намалување на употребата на фосилни горива, што ќе допринесе за намалување на емисиите на стакленичките гасови и ќе даде придонес кон ублажување на климатските промени на национално, регионално и локално ниво.

Со изградба на ваква фотоволтаична централа за производство на електрична енергија ќе се постават добри темели за остварување на развојните цели на Р. С. Македонија во областа на одржливиот развој и намалувањето на емисии на стаклени гасови во атмосферата. За да се одреди избегнатата емисија, се споредува со емисијата која би се создала доколку се користи

јаглеродно гориво или природен гас за производството на електрична енергија еднакво на она што го произведува фотоволтаичната централа[16].

| Гориво | Средно годишно производство на енергија | Фактор на емисијата | Годишни избегнати емисии | Вкупни избегнати емисии |
|---|---|---|---|---|
| kWh | kg CO2 / kW | t CO2 | t CO2 | |
| Јаглен (η=35,5) | 161.940.000 | 0.976 | 158.033.920 | 3.950.848.000 |
| Природен гас (η=51%) | 161.940.000 | 0.395 | 63.966.3000 | 1.599.157.500 |
| Сончево зрачење | 161.940.000 | / | / | / |

Имплементацијата на планскиот документ во предвидениот опфат би имала долгорочно позитивно влијание врз квалитетот на воздухот во смисла на намалување на загадувачки материи и стакленички гасови поврзани со конвенционално производство на енергија од фосилни горива.

Влијанието на активностите од планскиот опфат врз квалитетот на амбиентниот воздух неопходно е да биде предмет на анализи и оценки на влијанија на ниво на поединечни проектни активности (технички проекти) во рамките на опфатот, во услови на познати технички детали за активностите. Во зависност од обемот на активноста и други релевантни критериуми, тие би биле предмет на анализа и оценка на ниво на елаборат за животна средина (или евентуално студија на оцена на влијанието врз животната средина), а дополнително за истите може да биде потребно интегрирана еколошка дозвола. Во рамките на овие идни оценки неопходно е детално да се идентификуваат сите влијанија кои може да произлезат со имплементацијата на проектот и да се изврши оценка на влијанието врз квалитетот на амбиентниот воздух и здравјето на луѓето.

## 7.4 | ВЛИЈАНИЈА ВРЗ КВАЛИТЕТОТ НА ПОВРШИНСКИТЕ И ПОДЗЕМНИТЕ ВОДИ И ПОЧВАТА

Со оглед на видот на активностите предвидени со планскиот документ, имплементацијата може да има одредено влијание од аспект на води и почви.

Во текот на фазата на изградба, влијанијата не се очекува да бидат значителни, освен во случаи на инциденти со суровини и помошни материјали (горива, масла и сл.) што може да имаат потенцијал на загрозување на квалитетот на површинските и подземните води и квалитетот на почвата.

Неправилното управување со суровини, помошни материјали и отпад исто така може да доведе до потенцијално влијание врз квалитетот на површински и подземни отпадни води.

При изградбата на проектната активност, отстранувањето на вегетацијата и нарушувањето на почвата може да иницира процеси на ерозија и површинско истекување, што може да носи седименти и загадувачи во блиските водотеци. Големите соларни фарми можат да влијаат на природниот дренажен систем, со што се менува режимот на инфилтрација и истекување, а тоа да влијае врз квалитетот и квантитетот на подземните води. Сепак ФВЕ не бараат големи количини вода за функционирање, што е поволно за зачувување на водните ресурси.

Планскиот опфат се наоѓа во ВП Среден Вардар што е сиромашен со вода. Изградбата на површинските соларни и фотоволтаични електрани со кои ќе се користи сончева енергија како обновлив ресурс за производство на електрична енергија, во регион што е сиромашен со вода, ќе допринесе за подобрување на енергетската покриеност на регионот во согласност со принципите за еколошко и одржливо искористување на природните ресурси. Ова уште повеќе е

[16] Студија за изводливост

важно споредено со потрошувачката на вода кај конвенционалното производство на енергија од фосилни горива, каде потребата е значајно поголема од вода.

Имплементацијата на Планот ќе овозможи производство на електрична енергија со искористување на потенцијалот на сончевата енергија, што ќе придонесе за намалување на влијанијата врз водите на национално, регионално, локално ново, кои произлегуваат како резултат на емисиите при производство на енергија од необновливите извори на енергија, а исто така и со искористување на хидро-потенцијалот за производство на енергија. Намалувањето на емисиите на стакленички гасови ќе допринесе за ублажување на климатските промени и подобрување на состојбата на водите, кои се засегнати како резултат на климатските промени.

Разгледувано на ниво на локација, планскиот документ ги зема предвид сосотјбата на теренот и присуство на непостојани водотеци и насоките на надлежниот орган и и барање на нивна заштита. Од таа причина, направена е анализа на хидрологијата на водотеците и согласно надоите, предвидена е нивна регулација и избегнување на нивните корита соодветно на нмаодите во самите границите на планскиот опфат. На тој начин, се предвидува заштита на водотеците присутни во планскиот опфат.

Влијанија во фазата на работа може да се очекуваат и при неправилно управување со атмосферски води во опфатот, при што доаѓа со измивање на теренот, а при нивно влевање во водотеци истите носат големи количини на суспендирани материи. Од тие причини, неопходно е да бидат предвидени соодветни мерки.

Планирањето на користењето на води и нивно управување неопходно е да биде во согласност со целите[17] за долгорочна заштита и одржливо користење, управувањето со водите од законодавството за води:

- достапност до доволно количество квалитетна вода, во согласност со начелата за одржливо управување со водите за пиење и за производство на храна, за потребите на земјоделството, индустријата, хидроенергетските потреби, за потребите на парковите и други јавни површини, туризмот, пловидбата и за други потреби,
- заштита, зачувување и постојано подобрување на расположливите водни ресурси, рационално и одржливо користење на водите, како и прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни материии супстанции во водите.

Притоа, задолжително се земаат во предвид начелата[18] за одржливо управување со водите:

- Начело на претпазливост - доколку постои ризик дека одредена активност може да предизвика штетното дејство врз водите, но за тоа нема научни докази, се преземаат мерки засновани на содветна процена на ризикот, неопходни за да се обезбеди високо ниво на заштита на водите и од водите, пред да стане достапен научниот доказ дека може да настане штетно дејство;
- Начело на превенција - неопходните мерки и активности за заштита на водите треба да се преземаат во раната фаза, спречувајќи да се појави ризик или да дојде до какви било штетни последици по водите, крајбрежното земјиште и водните живеалишта;
- Начело на минимизирање на употребата на ресурсите - при вршење на активности кои би можеле да имаат влијание врз водите и животот и здравјето на луѓето, секој е должен да се однесува внимателно и рационално да ги користи водите, да го спречи загадувањето на водите и да избегнува други негативни ефекти и ризици за животот и здравјето на луѓето и за животната средина;
- Начело "загадувачот плаќа" - загадувачот на водите ги надоместува трошоците за враќање во поранешна состојба на водите и крајбрежното земјиште;
- Начело на спречување на загадувањето на местото на настанување на загадувањето - емисијата на загадувачки материи и супстанции се спречува на местото на нивното настанување.

[17] Член 2 од Закон за води (Сл. весник на СРМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 52/16)
[18] Член 5 од Законот за води (Сл.весник на СРМ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 52/16)

## 7.5 | Влијание поврзано со управување со отпадот

Имплементацијата на планскиот документ може да резултира со влијанија по однос на прашањето на отпад.

Во фазата на градба, најголем дел од отпадот би потекнал од активностите за расчистување на теренот со цел отпочнување на изградба на стопанската зона, расчистување на теренот и поставување на потребната инфраструктура, како и изградбата на поединечни објекти.

Имплементацијата на планскиот документ може да се очекува да донесе нови количини и видови комерцијален и индустриски неопасен и опасен отпад со изградбата на објектите во зоната, имајќи ја предвид намената во опфатот.

При планирањето на сите идни активности, неопходно е да се планира и управувањето со отпад за да се земат предвид соодветни мерки за заштита на животната средина. Во таа насока, планирањето на отпадот треба да биде усогласено со локалните и регионалните цели за управување со отпад, како и целите за управување со отпад од соодветното законодавство[19]:

1) избегнување и, во најголема можна мера, намалување на количеството на создадениот отпад;
2) искористување на употребливите состојки на отпадот;
3) одржлив развој, преку зачувување и заштеда на природните ресурси;
4) спречување на негативните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето;
5) отстранување на отпадот, на начин што е прифатлив за животната средина и
6) висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Притоа, задолжително треба се земаат во предвид начелата[20] за управување со отпадот:

Приоритет при управувањето со отпадот:

Создавачите на отпад се должни, во најголема можна мера, да го избегнат создавањето отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Начело на заштита на животната средина при управувањето со отпадот:

(1) При преземањето на одредени дејности и активности во врска со управувањето со отпадот, правните и физичките лица се должни да обезбедат висок степен на заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

(2) Правните и физичките лица кои преземаат одредени активности во процесот на производството, се должни да употребуваат суровини со чија преработка се создава помалку отпад, да применуваат технологии кои обезбедуваат почисто производство и кои ги штедат природните ресурси, односно да произведуваат производи коишто, при нивното производство и употреба, не ја загадуваат животната средина или загадувањето да го сведат на најмала можна мера, во согласност со начелата за одржлив развој.

(3) При преработката и отстранувањето на отпадот мора да се користат најдобрите достапни техники и технологии.

Начело на претпазливост:

Доколку, врз основа на современите научни и техничко-технолошки сознанија, се заключи дека одредена активност или вршењето на одредена дејност при управувањето со отпадот би предизвикале штетни последици за животната средина, животот и за здравјето на луѓето, ќе се преземат соодветни мерки и активности за отстранување на опасноста, пред да се добијат научни докази дека би можело да дојде до штетни последици.

---

[19] Член 3 од Закон за управување со отпад (Сл.весник на СРМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 51/11, 123/12, 163/13, 39/16, 32/20, 216/21)
[20] Член 5 од Закон за управување со отпад (Сл.весник на СРМ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 134/08, 09/11, 51/11, 123/12, 163/13, 39/16, 32/20)

Начело на блискост

(1) Отпадот треба првенствено да биде преработен на местото каде што е создаден.

(2) Отпадот кој поради оправдани техничко-технолошки или економски причини не може да биде преработен на местото каде што е создаден, мора да биде пренесен на преработка или да биде отстранет во најблиските места определени за таа намена односно во регионот во кој е произведен.

Со оглед на непостоењето на интегриран систем за управување со отпадот (комунален, инертен, индустриски, неопасен, опасен) на територијата на општината, новите количини отпад би претставувале дополнителен товар и влијание за животната средина во општината. Во услови на непостоење на соодветни локации за финално отстранување на отпадот и недоволно развиен пазар на услуги за собирање, транспорт, преработка на различни видови отпад, ова прашање би било особено важно при изнаоѓањето на мерки за спречување и контрола. Ова прашање има глобален карактер и важност, со оглед на тоа што фотоволтаичните панели се предмет на истражување во смисла на решавање на отпадот поврзан со нив при престанување на векот на траење на глобално ниво.

Влијанието врз животната средина по ова прашање неопходно е биде соодветно анализирано и оценето во рамки на студија, односно елаборати за заштита на животната средина. Во нив треба да бидат детално анализирани процесите што ќе резултираат со создавање на отпад, да се определат сите можни видови отпад кои ќе биде веројатно да се создаваат, да се опишат карактеристиките, да се предвидат количините, како и да се предвиди соодветен систем за правилно управување во текот на сите фази. Покрај тоа, потребно да се анализираат можностите за повторно искористување на отпадот или нивно рециклирање и враќање во процесот. За оној отпад чија единствена опција е финално одлагање потребно е да се проценат годишните количини, да се предвидат начините и можните локации за финално одлагање.

## 7.6 | Влијание од бучава

Имплементацијата на планскиот документ може да има влијание врз животната средина по однос на ова прашање.

Во рамки на фазата на изградба, појавата на бучава е поврзана со работата на градежна механизација и транспротни возила и истата во голем дел не може да се избегне. Влијанието се очекува да биде неконтинуирано, локално и временски ограничено на фазата на изградба.

При планирањето на сите идни активности за изведба на инфраструктура и градба на поединечни објекти, неопходно е да се планира и управувањето со амбиенталната бучава за да се земат предвид соодветни мерки за заштита на животната средина. Во таа насока, во планирањето и управувањето со бучавата неопходно е да се земат предвид целите од соодветното законодавство[21]:

- создавање здрави услови за животот на луѓето и заштита на животната средина од бучава,
- преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата,
- преземање на мерки за заштита од бучава која е наметната од блиската средина и предизвикува непријатност и вознемирување,
- отстранување или намалување на штетните ефекти кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина и
- обезбедување на основа за развивање на мерки за намалување на бучавата што ја емитуваат поголемите извори, особено патните, железничките и водните превозни средства и инфраструктура, воздухопловите, опремата што се користи на отворен простор и во индустријата, како и мобилните механички средства за работа.

[21] Член 2 од Законот за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на СРМ бр. 79/2007, 124/10, 47/11, 163/13)

Со оглед на големината на опфатот и оддалеченоста на населените места во околината, имплементацијата на планскиот документ не се очекува да има значителен карактер врз рецепторите во околината. Неопходно е ова прашање да биде соодветно анализирано во рамките на постапката на оценка на влијанието врз животната средина при достапни технички податоци за активноста предвидена во планскиот опфат и предвидување на соодветни мерки за намалување на влијанијата.

## 7.7 | Влијание врз природното наследство, биолошката и пределската разновидност

Прегледот на постоечките релевантни документи за природа и биодиверзитет и природните вредности во планскиот опфат и неговата околина не укажуваат на постоење на засегнати заштитени подрачја, поради што идната намена на овој простор, односно планскиот документ нема конфликт со планските и стратешки документи по однос на ова прашање.

Имплементацијата на Планот ќе овозможи производство и користење на енергија од обновливи извори, односно намалување на употребата на фосилни горива, што ќе придонесе за намалување на емисиите на стакленичките гасови и останатите видови емисии во животната средина што се генерираат како резултат на производство на енергија од необновливи извори, ублажување на климатските промени што ќе допринесе за подобрување и заштита на биолошката разновидност и природата на национално ниво, регионално и локално ниво.

Пренамената на земјиштето во планскиот опфат подразбира одредено губење или намалување на живеалишта и потенцијални влијанија за одредени видови поврзани со овој тип на живеалишта (инсекти, птици што гнездат на земја итн.). Неопходни се истражување на биодиверзитетот во рамките на постапката за оценка на влијанието врз животната средина и предвидување на соодветни мерки за заштита во техничката документација.

## 7.8 | Влијание врз културно и историско наследство

Согласно достапните податоци по однос на ова прашање, имплементацијата на планскиот документ не се очекува да има влијание врз културното и историско наследство.

Доколку при изведување на земјаните работи за изведба на инфраструктура во опфатот, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, ќе се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ 20/04), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 29 од Законот.

## 7.9 | Влијание од несреќи и хаварии

Можните несреќи и хаварии што би можеле да настанат од имплементација на планскиот документ во текот на фазата на градба или оперативната фаза се неправилно управување со материи, појава на пожар, метеоролошки појави со карактеристики на елементарни непогоди, поплави, како и инциденти и хаварии предизвикани од најразлични дефекти. Покрај тоа, несреќи и хаварии може да бидат предизвикани од воени разурнувања и природни катастрофи.

Доколку се применат мерките дефинирани во нормативно-правната регулатива за заштита од природни хазарди и технолошки ризици, влијанијата од овој вид значително би се намалиле.

Во насока на превентивност и контрола на ризкот и влијанијата, неопходно е детално да се анализира овој тип на ризик од влијанија на ниво на конкректна активност, односно во текот на подготовката на идните студии, елаборати или еколошки дозволи.

## 7.10 | Прекугранично влијание

Имплементација на планскиот документ не се очекува да има прекугранични влијанија, ниту во фазата на изградба, ниту во оперативната фаза.

# 8 | ПРЕДВИДЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА, НАМАЛУВАЊЕ И НЕУТРАЛИЗИРАЊЕ НА НЕГАТИВНИТЕ ВЛИЈАНИЈА

Идентификуваните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина ќе бидат неутрализирани или намалени доколку бидат доследно почитувани и имплементирани одредбите на Законот за животна средина и другите вертикални релевантни закони за секој медиум или област соодветно, и соодветните национални стратешки политики.

Примената на соодветни мерки уште во најраната фаза од планирањето, вклопени во процесот на урбанистичко планирање или архитектонско проектирање ќе придонесе кон спречување на загадувањата и заштита на здравјето на луѓето.

Дополнителна заштита на животната средина се постигнува со мерките за контрола вклучени во различни фази од процесите, а кои треба да бидат дел од успешна имплементација на системите на заштита и управување со животната средина предвидени за идните активности и тоа на ниво на елаборат или студија за оценка на влијание активностите предвидени во планскиот опфат.

Постојаната комуникација со надлежниот орган и навременото известување за сите позначајни ризици или хаварии ќе доведат до правилно и навремено реагирање, односно спречување и контрола на влијанијата врз животната средина.

Анализите на влијанијата и мерките утврдени во овој документ неопходно е да бидат земени во предвид при спроведувањето на оценката на влијанието врз животната средина од проектот предвиден со планскиот документ и истите да претставуваат насоки при постигнувањето на целите на животната средина.

## 8.1 | Мерки за намалување на влијанија врз население, човеково здравје и институционални аспекти

Примената на сите предложени мерки поодело по различни влијанија, почнувајќи од фазата на планирање, преку фазата на проектирање и градење, па се до оперативната фаза, ќе овозможи спречување и контрола на идентификуваните можни влијанија, кои пак може да се рефлектираат на директен или индиректен начин врз населението и човековото здравје.

Предвидувањето и имплементацијата на мерки за редовна контрола, мониторинг и известување за работата и имплементацијата на мерките за заштита и контрола, исто така ќе придонесе кон намалување на сите влијанија и можните ризици.

Дополнително, неопходно е значително зајакнување на постоечките институционални капацитети за управување со животна средина и надзор над спроведувањето на законодавството, со цел ефикасно спроведување на поставените мерки и релевантните законски одредби.

Неопходно е зајакнување на институционалните капацитети на општината со цел спроведување на нејзините надлежности во делот на животна средина, а тоа подразбира зајакнување на човечките капацитет и донесување на потребни локални стратешки документи:

- Локален Еколошки Акционен План,
- План и Програма за управување со отпад,
- Локална агенда 21, како локален стратешки, плански и програмски документ за одржлив развој,
- Програма на мерки со цел за подобрување на квалитетот на водите за капење,
- Програма за заштита на водите во рамките на нивните речни сливови,
- Усвојување и имплементација на оперативни планови за заштита на загрозени области од поплави.

Дополнително, со цел пренесување на обврските на идните инвеститори неопходно е идните одобренија за градење да содржат конкретни насоки и обврски во делот на управување со отпад, заштита на воздух, води и бучава.

## 8.2 | Мерки за намалување на влијанија врз социо-економската состојба

Имплементацијата на планскиот документ ќе има значајно позитивно позитивно влијание на социо-економската состојба. Следните мерки се предвидени за намалување на вљанијата:

- Планирањето на просторот за урбанизација и имплементацијата на Планот да се врши во согласност со издадените мислења, согласности, дозволи и одобренија од институциите надлежни за урбанизација на просторот, пренамена на земјиштето, одобрението за градба, дозволите за работа и сл.;
- Проектирањето на објектите во планскиот опфат да се врши со рационално искористување на површините;
- Засегнатото население преку претставници на граѓани и засегнати страни да биде активно вклучено во процесот на донесување одлуки за усвојување и имплементација на предвидените активности во Планот;
- Примена на компензациони мерки за евентуално одземено приватно земјиште;
- Во случај на предизвикана штета или загуба на земјиште или култури (при инфраструктурно поврзување, хаварии и несреќи, неконтролирани емисии и сл.), да се обезбеди соодветен финансиски надомест за предизвиканата штета;
- Да се ограничи пристапот во планскиот опфат, со спроведување на безбедносни процедури, оградување и сл.;
- Примена на мерки за ефикасно намалување на емисиите во медиумите од животната средина, кои може да влијаат врз населението на директен и индиректен начин, мерките за заштита од несреќи и хаварии, предложени во планската документација, Извештајот за СОЖС, како и мерките кои ќе произлезат на ниво на проектна документација.

## 8.3 | Мерки за намалување на влијанија врз квалитетот на амбиенталниот воздух

Со цел контрола на влијанијата што би можеле да произлезат од фазата на градба, неопходно е да се почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, како и условите за безбедна работа и градба поставени во соодветните документи и регулатива што се однесуваат на фазата на изградба, заедно со примена на добра градежна пракса.

Доколку се утврди потреба во текот на фазата на градба, надлежниот орган може да побара и донесе рестриктивни мерки во форма на краткотрајни или долготрајни прекини на работата, наложување на примена на поефикасни мерки за контрола на влијанијата и слично.

*Зелени површини*

Според Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање, Д2 заштитно зеленило се дефинира како простор во кој спаѓаат уредени зелени површини чија основна намена е да ги изолираат зоните со инкомпатибилни намени и имаат улога на тампон зони. Функциите на урбаното зеленило[22], во случајот заштитно зеленило, се:

- подобрување на квалитетот на воздухот,
- подобрување на здравјето на граѓаните,
- намалување на бучавата,
- намалување на загадувањето на почвата,
- естетско облагородување и декорација на теренот.

Во граници на градежната парцела се планира зеленило 20% согласно Законот за урбано зеленило (Сл. Весник на РМ бр.11/18 и Сл.весник на РСМ бр.42/20).

*Енергетска ефикасност и примена на обновливи извори*

Намалување на притисокот врз квалитетот на амбиентниот воздух ќе се постине преку намалување на потрошувачката на енергија, примена на обновливи извори на енергија и примена на мерки за енергетска ефикасност, согласно релевантните стратешки документи[23].

[22] Закон за урбано зеленило, Сл.весник на СРМ 11/2018 од 18.01.2018

[23] Акционен план за обновлива енергија на РМ до 2025 и визија до 2030 година, Трет акционен план за енергетска ефикасност на Р. Македонија

Следните препораки треба да бидат земени во предвид од страна на инвеститорот при модернизација и изградба:

- Модернизација на енергетска инфраструктура,
- Диверзификација на снабдување со енергија,
- Употреба на метан како гориво, намалување на непродуктивна потрошувачка,
- Промоција и стимулација на енергетска ефикасност,
- Користење на обновлива енергија,
- Анализи за енергетска ефикасност како дел од проектирање,
- Енергетски контроли,
- Подобрено осветлување, подобрени системи за греење,
- Подобрување на технологиите, опремата и системите за контрола на процесите,
- Примена на ЕЕ мерки кај градежните објекти, процеси и опрема,
- Примена на најдобрите достапни технологии (НДТ) преку посебни процеси за лиценцирање (ИСКЗ и енергетски контроли на процесите) при вршењето на своите дејности,
- Комбинираното производство треба да добие приоритет кога се бара локално снабдување со енергија,
- Помошните системи и активности, како што се системите за греење, вентилација и климатизација, снабдувањето со компримиран воздух, контрола на електричните мотори, осветлување, итн. треба постепено да се подобруваат за да се постигне поефикасно искористување на енергијата,
- Помошните системи и активности, како што се системите за греење, вентилација и климатизација, снабдувањето со компримиран воздух, контрола на електричните мотори, осветлување, итн. треба постепено да се подобруваат за да се постигне поефикасно искористување на енергијата,
- Воведување ефикасни електрични мотори,
- Енергетско управување.

Други конкретни мерки  за намалување на влијанијата врз квалитетот на воздухот се очекува произлезат од оценката на влијанието за поединечните активности предвидени во планската документација.

Потенцијални специфичните влијанија ќе се спречат и контролираат преку почитување и имплементација на мерките поставени во соодветните документи за заштита на животната средина, односно мерките во согласност и поставени од страна на надлежните органи.

## 8.4 | Мерки за намалување на влијанија врз квалитетот на површинските и подземните води и почвата

За намалување на влијанијата врз квантитетот и квалитетот на водите што може да произлезат од оперативноста на активностите поврзани со имплементацијата на планскиот документ, се предлагаат следните мерки:

- доследна имплементација на мерките за управување со отпадните води предвидени во планската документација,
- спроведување на мерки за управување со атмосферски / поројни води согласно претходно спроведена соодветна анализа на теренот,
- рационално користење на водата за сите примени во рамки на опфатот;
- примена на мерки за повторна употреба на водата, секогаш кога тоа е можно;
- оцена на апсорпцискиот капацитет на животната средина;
- соодветно управување со отпадот;
- правилно чување и складирање на суровини, масла, масти и др;
- соодветно складирање на опасни материи на места предвидени за таа намена.

Со цел контрола на влијанијата од атмосферските води, неопходно е планирање на управувањето со овие води и предвидување на соодветна инфраструктура за собирање и одведување на водите од планскиот опфат, како и нивно третирање пред испуштање надвор од

опфатот. Истите треба да бидат предмет на анализа во следното ниво на планирање и проектирање. Со случај на решение со испуштање на третирани води во реципиент, непходно е добивање на дозвола за испуштање на води од надлежниот орган, министерство за животна средина и просторно планирање.

Дополнителна заштита на водите и правилно управување со истите во оперативната фаза ќе се постигне со доследна имплементација на мерките предвидени со планскиот документ и обврските поврзани со законската документација поврзана со користење и испуштање на води, како и спроведување на соодветна проценка на еколошка одговорност и ризиците кои би можеле да се појават од спроведувањето на активностите и имплементација на мерките од истата.

Правилното управување со сите суровини, помошни материјали и отпад и воспоставување на систем од мерки за таа цел, како и почитувањето на обврските поставени од надлежниот орган во соодветните документи за заштита на животната средина, ќе допринесе кон спречување и контрола на влијанијата кои носат ризици за квалитетот на површинските и подземните води. Реискористување на водите секогаш кога е можно неопходно е да биде земено во предвид.

Редовната контрола на квалитетот и квантитетот на третираните отпадни води, управувањето со отпадните води и создадениот отпад, како и редовна комуникација со надлежните органи ќе доведе кон елиминирање или намалување на можните ризици за влијание врз квалитетот на површинските и подземните води. Со цел редовно следење на имплементацијата на планскиот документ, неопходно е спроведување на соодветна мониторинг програма на водите утврдена во согласност со потребите и фактичката состојба на теренот.

Контрола на влијанијата врз квалитетот на почвите и нивна заштита ќе се постигне и со спроведување на соодветни мерки за спречување на појави на ерозија, испуштање на материи во почвата, онака како што е утврдена во релевантната техничка документација што се однесува на овие активности.

Намалувањето на влијанијата врз почвата зависи и од имплементацијата на директните мерки што се однесуваат на правилно управување со води и отпадни води, отпад, ракување со суровини, помошни материјали, масла, масти, горива, со кои ќе се спречат или избегнат негативните влијанија врз почвата, а индиректно и на подземните води.

Доколку оценката на влијанието направена во рамки на студијата, односно елаборатите за заштита на животната средина идентификува потреба од дополнителни мерки за контрола и заштита, истите треба да бидат земени предвид во рамки на соодветната техничка документација за конкретните активности.

## 8.5 | Мерки за намалување на влијание поврзано со управување со отпадот

Правилно управување со отпадот подразбира постоење на добар и ефикасен систем за управување со сите количини и видови отпад во општината и регионот.

За избегнување на влијанијата врз животната средина поврзани со управувањето со отпадот се очекуваат од примената на следните мерки што треба да бидат имплементирани како од страна на општината, така и од постоечките и идните инвеститори:

- рационално искористување на суровините,
- намалување на создавање на отпад,
- селектирање,
- собирање и обезбедување на соодветни услови за правилно привремено складирање на отпад,
- рециклирање
- превземање.

Во фазата на градба и инсталација, неопходно е да се направи идентификација и селекција на видовите отпад со цел одделно управување со отпадот, и нивно превземање или предавање на лиценцирани фирми[24] за управување со отпад. За таа цел, инвеститорот и изведувачот

[24] Дозволите за управување со отпад ги дава МЖСПП

неопходно е да поставaт цели и мерки за управување на ниво на план за управување со отпадот од градежната фаза.

Фазата на работа во пракса резултира со ограничени видови и количини отпад што се поврзани со поправки на опремата по потреба, управување со комунален мешан отпад и управување со инертен и зелен отпад при активностите за управување со земјиштето под панелите и чистење на одводните канали за атмосферски води.

Престанокот со работа по крајот на животниот век подразбира управување со електричен и електронски отпад, што вклучува демонтажа и рециклирање согласно насоките на производителот или насоките на надлежните органи.

Во таа смисла, добро управување со отпадот вклучува подготовка и имплементација на:

- План за управување со отпад во градежна и оперативна фаза.
- Регистар на опрема со следење на животниот век на панели и делови.
- Договор со овластени компании за собирање и постапување со различни видови отпад, особено во управувањето со електричен и електронски отпад.
- Програми за повторна употреба или продажба на панели со намалена ефикасност (на пр. за помали корисници).
- Заложби на инвеститорот за рециклажа преку внимателен избор на материјали итн.

Со цел правилно управување со отпадот, неопходно е доносителот на планскиот документ врз основа на самиот документ и неговите идни намени да направи соодветни проценки на видовите и количините на отпад, а управувањето со истите да биде во согласност со целите на локалните стратешки документи за управување со отпадот. Согласно усвоените и ажурирани стратешки насоки, треба да се одвива имплементацијата на мерките за правилно управување со отпадот во општината. Согласно одредбите од законот за управување со отпадот, локалната самоуправа е надлежна за управување со комуналниот и инертниот отпад за кој е потребно определување на соодветна локација за крајно отстранување.

Редовно следење на создавањето отпад и постапувањето со него е важно за да се обезбедат стандардите за животна средина и управување со отпад. Ова е обврска на создавачот на отпадот пред се, но и на локалниот и државниот инспекторат за животна средина.

## 8.6 | Мерки за намалување на влијание од бучава

Планирањето на заштитата од бучава на ниво на урбанистичко планирање е предвидување на мерки за заштита во смисла на појас на изолација или намалување на звукот. Во таа насока, планскиот документ предвидува заштитен зелен појас, а дополнителен треба да се предвиди на нивоа на градежни парцели во рамките на урбанистичкиот план. За бучавата важат заштитните мерки предвидени во делот на воздух, погоре опишани.

Други заштитни мерки од бучава се на ниво на проектирање и изведба и притоа инвеститорот треба да ги има предвид и спроведе следните мерки за заштита од бучава[25]:

- да одбира, набавува и употребува опрема, инсталации, уреди и средства за работа и превозни средства кои создаваат ниско ниво на бучава,
- да одбира, набавува и употребува производи на кои постои ознака за јачината на звукот кој го предаваат,
- да изведува градежни работи, како и да превзема заштитни мерки, на начини и со цел намалување на бучавата и нејзино доведување во рамките на граничните вредности на ниво на бучава,
- да изведува градби што ги задоволуваат стандардите за заштита од бучава што се однесуваaат на вградување на соодветна звучна изолација на градбите со цел бучавата и изворите на бучава во работните простории и просториите за престојување на луѓе да се сведе во рамките на граничните вредности на ниво на бучава од соседството,

[25] Член 19 од Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на СРМ бр. 79/2007, 124/10, 47/11, 163/13)

- да вгради или постави соодветна звучна изолација на градбите во кои постојат работни простории и простории за престојување на луѓе, а се јавуваат како извори на бучава,
- да ги извршува своите активности на начин што не дозволува предизвикување на бучава во животната средина над граничните вредности на ниво на бучава,
- да се воздржува од преземање на дејствија и активности што создаваат непријатност од бучава кај луѓето,
- мониторинг на бучавата согласно со соодветнито законодавство за бучава и
- да преземаат други мерки со цел за заштита од бучава.

Редовно следење на нивоата на бучава е една од мерките за контрола на влијанието од бучавата во оперативната фаза.

Доколку оценката на влијанието направена во рамки на студијата, односно елаборатите за заштита на животната средина идентификува потреба од дополнителни мерки за контрола и заштита, истите треба да бидат земени предвид во рамки на соодветната техничка документација за конкретните активности.

## 8.7 | Мерки за намалување на влијание врз природното наследство, биолошката и пределската разновидност

Примената на сите предвидени мерки за спречување и контрола на влијанијата врз квалитетот на почвата, површинските и подземните води и правилното управување со отпадот ќе придонесе кон елиминирање или намалување на ризикот за индиректно влијание на активноста врз биолошката разновидност.

Следењето на состојбата на биодиверзититетот во рамки на проектната активност треба да вклучи:

- сезонски мониторинг на биодиверзитетот на птици, влекачи, инсекти и мали цицачи.
- идентификување на места за гнездење на птици и нивна заштита.
- рекултивација на локацијата со автохтони видови по завршување на градежните активности.
- обезбедување на проодност на цицачите и влекачите преку изведба на биокоридори, отворени простори меѓу панелите, подземни премини  сл.
- минимална употреба на вештачко осветлување (само ако е неопходно), и тоа со светилки што не ја нарушуваат ноќната фауна.
- Косење на тревата под панелите со еколошки методи (без пестициди или хербициди).
- Можност за одгледување на опрашувачи (пчели, пеперутки) или паша со овци – практики познати како „соларно пасење“.

Доколку во текот на реализација или оперативната фаза се дојде до други поразлични сознанија во однос на ова прашањето, неопходно е навремено да се информира надлежниот орган и да се превземат соодветни мерки за спречување и контрола на влијанијата.

## 8.8 | Мерки за намалување на влијание врз културно и историско наследство

Доколку при изведување на земјаните работи за изведба на инфраструктура и поединечни објекти, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, ќе се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ 20/04), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 29 од Законот.

## 8.9 | Мерки за намалување на влијание од несреќи и хаварии

Мерките за овој тип влијанија во најголем дел се инженерско проектантски, па поради тоа се очекува истите да произлезат во следната фаза на проектирање. Секако, истите треба да ги земат предвид заклучоците од овој извештај дадени во рамки на секое поглавје со цел интегриран пристап.

Доколку во фазата на изградба на опфатот се применат мерките дефинирани во нормативно-правната регулатива за заштита од земјотреси, поплави, воени разурнувања, заштита од пожар и други влијанија од природен карактер, значително би се намалиле влијанија кои би можеле да резултираат.

Во останатиот дел, мерките за заштита од несреќи и хаварии во најголем дел преставуваат урбанистички мерки пропишани со планскиот документ. Во рамки на овие мерки спаѓаат следните:

- Мерки за заштита и спасување
- Заштита и спасување од урнатини
- Мерки за заштита од поплави
- Мерки за заштита од пожар
- Мерки за заштита од технолошки катастрофи

Со цел навремено информирање и заштита, а во зависност од активостите што ќе бидат дел од зоната, потребно е да се разгледа потребата од изработка на соодветни планови и програми за заштита на населението и едукација и тренинг на персоналот во случај на евентуална техничка катастрофа.

Доколку во општината или во рамките на идната стопанска зона има субјекти што на било кој начин располагаат или управуваат со опасни супстанции присутни во количините определени со прописот од членот 145 став (2) од Законо за животна средина, истите имаат обврска да подготват внатрешен план за вонредни состојби, што ќе содржи мерки што треба да се преземат внатре во системот во случај на хаварија и планот да им го достави на општината, врз основа на кој општината е должна да изготви надворешен план за вонредни состојби. При изработката на просторните и урбанистичките планови треба да се земат предвид мерките и активностите за спречување на хавариите и за ограничување на нивните последици и да се води сметка за оддалеченоста.

## 8.10 | Мерки за намалување на прекугранично влијание

Имплементацијата на планскиот документ не се очекува да предизвика значајни прекугранични влијанија, не се препорачуваат мерки за намалување на влијанијата.

# 9 | ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Целта на Планот за мониторинг на животната средина е следење на ефектите од спроведувањето на планскиот документ. Планот за мониторинг ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Согласно Законот за животна средина, Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ, со цел во рана фаза да се согледаат непредвидените негативни ефекти и да се преземат соодветните дејствија за поправање на состојбата.

Планот треба да овозможи согледување на непредвидените негативни ефекти и превземање на соодветни дејствија за поправање на состојбата. Во случај на согледани негативни ефекти од спроведувањето на планскиот документ, органот кој го подготвува планскиот документ како и друго правно или физичко лице и здруженија на граѓани од областа на животната средина се должни за тоа да го известат органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Основните цели и бенефитот од мониторингот на ефектите врз животната средина се:

- Следење на имплементацијата на активностите предвидени со планскиот документ;
- Следење на имплементацијата на мерките за контрола на влијанијата;
- Да се обезбедат податоци за понатамошно следење на состојбите во животната средина;
- Следење на состојбата во животната средина со цел навремено согледување на непредвидените влијанија од имплементацијата на Планот и управување со истите;
- Да се потврди дека со примена на мерките за ублажување се зголемуваат придобивките во однос на заштитата на животната средина;
- Утврдување кои активности треба да бидат превземени за редуцирање на влијанијата врз животната средина.

Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста на планскиот документ, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина.

Процесот на мониторинг треба да започне кога планскиот документ е донесен и треба, во принцип, да продолжи во текот на траењето на планот.

Планот за мониторинг ги содржи официјалните индикатори за животна средина предложени од МЖСПП и усвоени од Владата на РСМ. Покрај официјалните државни индикатори за животна средина, Планот носи и погенерални индикатори со цел полесно следење на имплементацијата на предлог програмата и состојбата на животната средина од страна на органот задолжен за имплементација на планскиот документ.

Следењето на состојбата на животната средина ја потврдува оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Табела 1 План за мониторинг на животната средина

| СОЖС елемент | Поставени цели | Индикатори | Начин на мониторинг | Одговорен |
|---|---|---|---|---|
| Население, здравје, социо-економски аспекти | Заштита на здравјето на луѓето, подобрување на социо-економските прилики. | - Прибавени дозволи, одобренија и согласности за урбанизација на просторот, изградба и оперирање на фотоволтаичните електроцентрали;<br>- Количина на произведена енергија;<br>- Трендови на увозот на енергија на национално ниво;<br>- Намалени емисии на стакленички гасови во енергетскиот сектор на национално ниво;<br>- Намалени емисиите во медиумите и областите од животната средина на национално ниво;<br>- Концентрациите и нивоата на емисиите во медиумите на животната средина во планскиот опфат се во согласност со пропишаните законски гранични вредности;<br>- Број на евидентирани ризици по здравјето и безбедноста на населението и преземени мерки за обесштетување;<br>- Број на евидентирани жалби и поплаки од засегнатите страни; | - Следење на имплементацијата на мерките за заштита на животната средина предложени во Планот, Извештајот за СОЖС и останатите проекти со кои ќе се потврди оправданоста за изградба на планските содржини;<br>- Следење на количина на произведена енергија;<br>- Следење на трендот во намалување на емисиите на стакленички гасови во енергетскиот сектор;<br>- Следење на трендот на увоз на енергија;<br>- Следење на трендовите на емисии во медиумите и областите од животната средина на национално и локално ниво;<br>- Контрола над имплементација на мерките за заштита од несреќи и хаварии и сл.;<br>- Контрола на пристигнати жалби и поплаки од засегнатите страни | - Министерство за транспорт и врски;<br>- Министерство за економија;<br>- Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија;<br>- Министерство за животна средина и просторно планирање;<br>- Министерство за финансии;<br>- Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство;<br>- Министерство за здравство;<br>- Министерство за труд и социјална политика;<br>- Локална самоуправа на општина Неготино;<br>- Дирекција за заштита и спасување;<br>- Центар за управување со кризи;<br>- Јавни претпријатија и др.;<br>- Комунални претпријатија и овластени собирачи на отпад;<br>- Завод за вработување;<br>- Државен завод за статистика; |

| СОЖС елемент | Поставени цели | Индикатори | Начин на мониторинг | Одговорен |
|---|---|---|---|---|
| | | - Површина на одземено приватно земјиште и преземени мерки за компензација;<br>- Зголемени приходи на државно и локално ниво;<br>- Стапка на вработеност. | | |
| Воздух | - Контрола на влијанија врз воздух,<br>- усогласеност со прописи,<br>- Заштита на квалитетот на амбиетниот воздух | - Имплементација на мерките од елаборати/студии за оценка на влијание,<br>- Отсуство на надминувања на гранични вредности.<br>- Финален процент на зеленило,<br>- Имплементација на мерките од документи за животна средина<br>- Примена на мерки за енергетска ефикасност,<br>- Користење на обновливи извор на енергија.<br>- Трендови на произведена енергија;<br>- Намален увоз на енергија на национално ниво;<br>- Намалени емисиите во медиумите и областите од животната средина на национално ниво;<br>- Концентрациите и нивоата на емисиите во медиумите на животната средина во планскиот опфат се во согласност со пропишаните законски гранични вредности. | - Следење на метеоролошки услови<br>- Зголемување на производството на енергија од обновливи извори на енергија<br>- Намалување на емисијата зна загадувачки супстанции во воздухот од енергетски објекти<br>- Подобрен квалитет на амбиентниот воздух и на намалена концентрација на загадувачки супстанции. | - Локален овластен инспектор за животна средина,<br>- Општина Неготино |

| СОЖС елемент | Поставени цели | Индикатори | Начин на мониторинг | Одговорен |
|---|---|---|---|---|
| Површински и подземни води, и почва | Рационално користење на води,<br>Заштита на подземни и површински води и почва | - Запазени стандарди за квалитет на подземни и површински води,<br>- Имплементација на мерки од студија/елаборат за животна средина.<br>- Изведена инфраструктура за управување со атмосферски води,<br>- Добиена дозвола за испуштање на третирана вода (во случај на испуштање во реципиент)<br>- Намалено загадување на водите,<br>- Минимизирање на ерозија,<br>- Подобрување на состојбата на почвата. | - Мониторинг над спроведување на мерките дефинирани во студија/елаборат,<br>- Мониторинг на спроведување на мерки, активности и планови од стратешки документи на општината,<br>- Мониторинг на емисии, квалитет на површински и подземни води,<br>- Мониторинг на квалитет на третирана отпадни води | - Локален овластен инспектор за животна средина,<br>- Општина Неготино<br>- Државен инспекторат за животна средина |
| Отпад | - Заштита на медиумите на животната средина, Правилно управување со отпад,<br>- Усогласеност со законски барања | - Усогласеност со План и програма за управување со отпад на општината,<br>- Подготвени документи за управување со отпад и нивна имплементација<br>- Количества на собран и транспортиран отпад | - Степен на имплементација на мерки од елаборат/студија,<br>- Степен на имплементација на Плановите за управување со отпад,<br>- Мониторинг на селектирање, собирање и транспорт отпад. | - Локален овластен инспектор за животна средина,<br>- Општина Неготино,<br>- МЖСПП<br>- Државен инспекторат за животна средина |
| Бучава | Намалување на бучава | - Имплементација на мерки за намалување на бучава<br>- Вознемиреност на околното население | - Мониторинг на спроведување на мерки<br>- Мониторинг на амбиентална бучава согласно услови од елаборат/студија<br>- Мониторинг на работа на извори на бучава | - Локален овластен инспектор за животна средина,<br>- Општина Неготино |

# 10 | УЧЕСТВО НА ЈАВНОСТА ВО СОЖС

Вклучувањето на јавноста во постапката за стратегиска оцена на животна средина е задолжително и начинот на нејзиното учество е точно пропишан со законодавството за животна средина (член 65 од Законот за животна средина и Уредбата за учество на јавноста[26]). Практичното учество на јавноста се остварува преку: а) објавување на информациите пред јавноста; б) учество на јавноста, при што јавноста активно може да биде вклучена во јавните дискусии и писмено да ги поднесува своите мислења; в) преку механизмот за пристап до правдата, кога јавноста може да влијае врз донесувањето одлуки преку поднесување жалби.

Главните цели на учеството на јавноста се:

- да се добие локално и традиционално знаење што би можело да биде корисно при донесувањето на одлуките;
- да помогне во размислувањата за алтернативите и мерките за ублажување;
- да осигури дека главните влијанија не се занемарени, а придобивките се максимални;
- да го намали конфликтот преку рано идентификување на „проблематичните" прашања;
- да ја подобри транспарентноста на целокупниот процес за СОЖС и да ја зголеми довербата на јавноста во целокупниот процес.

Учеството на јавноста во СОЖС може да помогне во утврдување на мислењето на јавноста во однос на дадената активност. Јавноста може да придонесе во воспоставувањето на целите на СОЖС, може и да не резултира со решенија/договори кои се однесуваат на животната средина/одржливиот развој, имајќи предвид дека јавноста се вклучува само тогаш кога се чувствува загрозена, каде што доаѓа до израз пристапот "подалеку од мојот двор".

Јавноста може да учествува во СОЖС преку основни консултации - обезбедување на основни информации и можности за коментирање, па се до поголеми ангажмани, како што е член на тимот за подготовка на СОЖС и процесот на планирање, во зависност од големината и обемот на планскиот документ.

Методите за вклучување на јавноста што имаат поголема веројатност за добри резултати се оние кои што се насочени во вистинскиот правец и интензивни, кои по потреба вклучуваат организирање на работни групи и консултации помеѓу членовите на групите.

Пред започнувањето на постапката за донесување на планскиот документ, доносителот е должен да ја информира јавноста за изработката на планскиот документ, со цел да овозможи учество во неговата изработка. Во таа насока, одлуката за спроведување, односно спроведување на стратегиска оцена доносителот ја објавува на својата интернет страница и истите ги доставува до МЖСПП.

Министерството за транспорт и врски ги достави СОЖС Формуларот и Одлуката до МЖСПП, врз основа на што МЖСПП го извести дека истите се прифатливи со потсетување дека неопходно е тие да бидат објавени на интернет страната на доносителот на планскиот документ. Доносителот на предметниот плански документ, Министерство за транспорт и врски (МТВ), врз основа на претходно подготвен СОЖС формулар, донесе Одлука за спроведување на стратегиска оцена, по што Одлуката и Формуларот се објавени на интернет страната на доносителот на планскиот документ. МТВ ги достави СОЖС Одлуката и Формуларот до МЖСПП согласно СОЖС процедурата, по што е добиено известување дека одлуката за СОЖС се прифаќа.

За да овозможи учество на јавноста, доносителот определи простор каде предлог планскиот документ и Извештајот за животна средина може да бидат разгледани – објава на интернет страна на доносителот со што истите се достапни за јавноста и може да се доставуваат забелешки, мислења и предлози.

Јавниот увид на нацрт планскиот документ и на Извештајот за животна средина траеше најмалку 30 работни дена. Нацрт извештајот за стратегиска оценка беше ставен на јавен увид 30 дена од 22.07.2025 до 22.08.2025 год. Во текот на времето за увид, копија од нацрт извештајот беше

[26] Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл.весник на РМ бр.147/08)

достапна за увид во просториите на општина Неготино и на нивната интернет страната. Соопштението за спроведување на овој процес беше објавен во дневниот весник Слободен печат на 22.07.2025 година. Нацрт извештајот беше објавен и на интернет страната на општината (линк) и на интернет страната на министерството за транспорт (линк) (прилог 10 и 11). Соопштението за организирање на јавната расправа е објавено во дневен весник дадено е во прилог 12.

Согласно одредбите, доносителот на планскиот документ е должен да организира најмалку една јавна расправа, која се одржува најмалку 15 дена од денот на обезбедување на јавна достапност на предлог планскиот документ и на извештајот за животна средина, а најдоцна пет дена од денот на истекот на рокот за јавниот увид. Јавната расправа се одржа во просториите на општина Неготино на ден 13.08.2025 година во 10 часот. Копија од извештајот од спроведената јавна расправа и консултации во јавноста за стратегиската оценка за животна средина е дадена во прилог 13.

Доносителот на планскиот документ исто така нацртот на планскиот документ и извештајот за стратегиска оцена ги доставува на мислење до МЖСПП. МЖСПП, органите на централната и локалната власт, јавноста и други правни и физички лица имаат право да достават свое мислење до субјектот во рок од 30 дена од денот на објавување на нацрт/предлог плански документ и извештајот за стратегиска оцена.

Во текот на периодот за доставување на мислења, на официјалниот e-mail на општина Неготино не беа доставени мислења, коментари и забелешки за нацрт СОЖС извештајот.

На следната слика е даден приказ на начинот на вклучувањето на јавноста во постапката за стратегиска оцена на животна средина.



Слика 1 Вклучувањето на јавноста во СОЖС постапката

# 11 | НЕТЕХНИЧКО РЕЗИМЕ

Целта на постапката за стратегиска оцена на животната средина е идентификација и анализа на влијанијата врз животната средина, животот и здравјето на луѓето кои би произлегле со имплементација на планскиот документ. Постапката се спроведува уште во фазата на планирање со цел сите идентификувани влијанија, односно соодветните мерки за елиминирање или контрола на влијанијата да се предвидат во најраната фаза на подготовката на документот.

Постапката за стратегиска оцена на животната средина треба да обезбеди високо ниво на заштита на животната средина, спроведување на насоките од релевантни стратешки и плански документи и интегрирање на целите на животната средина во подготовката и усвојувањето на стратегии, планови и програми (плански документи), а во насока на промовирање на одржливиот развој.

Врз основа на одобрените плански програми согласно член 44 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/2020), изработен е и донесен Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино, согласно член 25, став 1 од истиот закон. При изработката на планот, основната класа на намена е усогласена со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр.225/2020).

Трите плански опфати се наоѓаат во КО Неготино, општина Неготино. До планските опфати се пристапува од некатегоризирани патишта (КП 4195 и КП 4198, КО Неготино).

Планските опфати се надвор од границите на урбанистички планови и урбанистичко плански документации за што општина Неготино има издадено Потврда (бр. 11-1/39 од 23.11.2023). Површина на планскиот опфат 1, дел од КП 3038/1, КО Неготино е 61,01 ha.

Во Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино планирани се три плански опфати со површини:

- Плански опфат 1 на дел од КП 3038/1 610 107 m²
- Плански опфат 2 на дел од КП 3099/1 470 673 m²
- Плански опфат 3 на дел од КП 3135/1 273 884 m²

ВКУПНА ПОВРШИНА 1 354 664 m²

Во граници на трите плански опфати се планира по една градежна парцела. Границата на трите плански опфати е идентична со границата на градежните парцели. Основна намена на трите градежни парцели е Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани.

Комплементарни намени кои се во функција на фотоволтаичната електрана се:

Г4 – складови за резервни делови и простор за вработени,

Г4.5 – градби за чување и складирање на енергија,

Е1 – сообраќајна, линиска и друга инфраструктура,

Е1.8 – трансформаторски станици.

Со изградба на ваква фотоволтаична централа за производство на електрична енергија ќе се постават добри темели за остварување на развојните цели на Македонија во областа на одржливиот развој и намалувањето на емисии на стаклени гасови во атмосферата.

Во насока на анализа на врската на имплементацијата на планскиот документ со други повисоки и поврзани стратешки документи, анализирани се повеќе релевантни планови и програми на локално, регионално и национално ниво. Имплементацијата на планскиот документ, онака како што е предвиден со сите негови цели, нема конфликти со постоечките поврзани и релевантни плански документи и документи од повисок ранг. Истиот е усогласен со целите на локалните, регионални и национални стратешки плански документи.

Состојбата без имплементација на планскиот документ подразбира иднина на подрачјето на планскиот документ без имплементација на планираните активности од планскиот документ, односно продолжување на актуелната состојба онаква каква што е сега во моментот. Нереализацијата на планскиот документ може да резултира со:

- зголемено загадување на воздухот поради користење на биомаса за сагревање на објектите во општината,
- успорување на економскиот развој на територијата на општината;
- послаба атрактивност за инвестиции;
- намалени општински буџетски приходи, а со тоа стагнација во однос на општинските инвестиции во инфраструктурата.

Планскиот концепт е поставен врз основа анализата на просторот, анализата на можностите за просторен развој и планската програма и потребите на концесионерот. Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот согласно намената. Планскиот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.

Во подготовката на извештајот земени се предвид целите на заштита на животната средина одредени на национално, како и локално ниво, а кои се релевантни за планскиот документ. Постапката за стратегиска оцена бара идентификација само на оние цели кои се релевантни за планскиот документ па според тоа неопходна е селекција. Целите треба да бидат адаптирани на локалните услови во животната средина.

Извршена е анализа на влијанијата од имплементацијата на предвидениот плански документ. Анализата е направена согласно упатствата дадени во Уредбата за содржината на извештајот за стратегиска оцена. При извршената анализа земени се предвид сите релевантни влијанија и нивните карактеристики, како и целите и насоките од повисоките и поврзаните релевантни планови, и целите на животна средина релевантни за планскиот документ.

Имплементацијата на планскиот документ е во функција на просторно организирање на предметниот плански опфат, во насока на искористување на сите просторни можности на локацијата и нивно ставање во функција на локален и регионален економски развој.

СОЖС Извештајот има за цел да посочи на можните значајни влијанија врз животната средина од имплементација на планскиот документ, како и на можноста од формирање на индиректни, синергистички или кумулативни влијанија.

Имплементацијата на планскиот документ, онака како што е предвиден со сите негови цели, нема конфликти со постоечките поврзани и релевантни плански документи и документи од повисок ранг.

Заклучоците од овој извештај треба да бидат земени во предвид при сите идни анализи на влијанијата што ќе се прават на пониско и техничко ниво.

Идентификуваните влијанија врз специфичните медиуми и области на животната средина ќе бидат неутрализирани или намалени доколку бидат доследно почитувани и имплементирани одредбите на Законот за животна средина и другите вертикални релевантни закони за секој медиум или област соодветно, и соодветните национални стратешки политики.

Примената на соодветни мерки уште во најраната фаза од планирањето, вклопени во процесот на урбанистичко планирање или архитектонско проектирање ќе придонесе кон спречување на загадувањата и заштита на здравјето на луѓето.

Дополнителна заштита на животната средина се постигнува со мерките за контрола вклучени во различни фази од процесите, а кои треба да бидат дел од успешна имплементација на системите на заштита и управување со животната средина предвидени за идните активности и тоа на ниво на елаборати, студии за оценка на влијание или интегрирани еколошки дозволи.

Постојаната комуникација со надлежниот орган и навременото известување за сите позначајни ризици или хаварии ќе доведат до правилно и навремено реагирање, односно спречување и контрола на влијанијата врз животната средина.

Имплементацијата на планскиот документ е во функција на просторно организирање на дадената локација, во смисла на искористување на сите просторни можности на локацијата и нивно ставање во насока на економски развој на регионот. Извештајот има за цел да посочи на можните значителни влијанија од имплементација на планскиот документ и можноста од формирање на кумулативни влијанија.

Подетално разгледување на влијанијата врз животната средина и планирање на соодветни мерки за спречување и контрола на загадувањето и компензација потребно е да се направи на ниво на имплементација на конкретни активности предвидени со намената на урбанистичкиот план.

Планскиот документ не носи информации за разгледувани алтернативни локации за планскиот опфат. Алтернативи на ниво на активност произлезена од намената на планот, во смисла на технологија и слично ќе бидат разгледувани во фазата на подготовка на архитектонско урбанистички план, односно техничко технолошки проекти.

Анализите на влијанијата и мерките утврдени во овој документ неопходно е да бидат земени во предвид при спроведувањето на оценката на влијанието врз животната средина од проектот предвиден со планскиот документ и истите да претставуваат насоки при постигнувањето на целите на животната средина.

Целта на Планот за мониторинг на животната средина е следење на ефектите од спроведувањето на планскиот документ. Планот за мониторинг ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

Планот треба да овозможи согледување на непредвидените негативни ефекти и превземање на соодветни дејствија за поправање на состојбата. Во случај на согледани негативни ефекти од спроведувањето на планскиот документ, органот кој го подготвува планскиот документ како и друго правно или физичко лице и здруженија на граѓани од областа на животната средина се должни за тоа да го известат органот на државна управа надлежен за работите од областа на животната средина. Со цел да се изврши мониторинг на ефективноста на Планот, потребно е следење на поставените индикатори и нивниот развој со што ќе се потврдат целите на Планот. За следење на индикаторите потребно е да се земат во предвид и податоците за тековната состојба на животната средина. Следењето на состојбата на животната средина ја потврдува оправданоста и примената на предложените мерки за ублажување и нивната функционалност, што претставува голема придобивка во однос на заштитата на животната средина.

Согласно Законот за животна средина, Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да ги следи ефектите врз животната средина и врз здравјето на луѓето од спроведувањето на планскиот документ, со цел во рана фаза да се согледаат непредвидените негативни ефекти и да се преземат соодветните дејствија за поправање на состојбата.

# 12 | КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


- Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13- површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино, Тектон ДООЕЛ Скопје, 2024
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3038/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. (Тех. Бр. Y 64623, Јануари 2024)
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3099/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. (Тех. Бр. Y 64723, Јануари 2024)
- Услови за планирање на просторот со намена површински соларни и фотоволтаични електрани на дел од КП 3135/1, КО Неготино – општина Неготино кои произлегуваат од Просторен план на РМ. (Тех. Бр. Y 64823, Јануари 2024)
- Студија на оправданост за изработка на Урбанистички план за подрачје и градби од државно значење (која е дел од Планската програма – Решение за одобрување бр.67-1438/3 од 26.04.2024)
- Хидрологија на водотеци (Основен проект за Фотонапонска централа (ФНЦ) Неготино со тех.бр.Е010_03/24, Март 2024 изработена од ХИКОНС-Скопје)
- Годишен извештај од обработени податоци за квалитет на животната средина за 2023 година, МЖСПП
- Риболовна основа за “Слив на Вардар - долно течение” за период 2023-2028, Институт за сточарство, 2022
- Просторниот план на Република Македонија
- Стратегијата за заштита на природата на РМ (2017-2027)
- Стратегијата за биолошка разновидност
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија 2009 – 2019
- Национална стратегија за управување со отпад на Република Македонија (2008-2020)
- Национален план за управување со отпад на Република Македонија (2009-2015)
- Национална стратегија за води на Република Македонија (2012-2042)
- Национален план за заштита на амбиентен воздух на Република Македонија (2013 – 2018)
- Национална стратегија за биолошка разновидност со акциски план

# 13 | ПРИЛОЗИ

**Прилог 1 Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

**Прилог 2 Известување за прифаќање на одлука**

**Прилог 3 Граници на планскиот опфат**

**Прилог 4 Користење на земјиште**

**Прилог 5 Систем на населби и сообраќајна мрежа**

**Прилог 6 Водостопанска и енергетска инфраструктура**

**Прилог 7 Реонизација и категоризација на просторот за заштита**

**Прилог 8 Местоположба на локацијата и ружа на ветрови**

**Прилог 9 Ситуација на непостојани водотеци во планскиот опфат (извор: Хидрологија на водотеци)**

**Прилог 10  Објава на нацрт СОЖС на интернет страна на министерство за транспорт**

**Прилог 11  Објава на нацрт СОЖС на интернет страна на општина Неготино**

**Прилог 12  Објава во дневен весник**

**Прилог 13  Извештај од спроведена јавна расправа и консултации со јавноста по повод нацрт ивештајот за стратегиска оценка за животна средина**

## Прилог 1 Одлука за спроведување на стратегиска оцена

Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Северна Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 и 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22), Министерството за транспорт на ден 08.05.2025 донесе:

Одлука за спроведување на стратегиска оцена

За планскиот документ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW НА ДЕЛ ОД КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО НЕГОТИНО - ОПШТИНА НЕГОТИНО што се усвојува од страна на Владата на Република Северна Македонија, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

Како органи засегнати од имплементацијата на планскиот документ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW НА ДЕЛ ОД КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО НЕГОТИНО - ОПШТИНА НЕГОТИНО, се определуваат: Министерство за транспорт, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Агенција за планирање на просторот, Општина Неготино, Државен инспекторат за животна средина, регионални и локални невладини организации, локални бизнис заедници и стопанските комори, локални земјоделци и земјоделски здруженија итн.

За планскиот документ, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW НА ДЕЛ ОД КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО НЕГОТИНО - ОПШТИНА НЕГОТИНО чија изработка е одговорно Министерството за транспорт и што се усвојува од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на Министерството за транспорт, усвојувањето на планскиот документ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕ СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ НАД 10MW НА ДЕЛ ОД КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО НЕГОТИНО - ОПШТИНА НЕГОТИНО ќе има влијание врз животната средина.

Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: идентификација на можните влијанија врз медиумите и областите на животната средина: воздух, површински и подземни води, почва, бучава, управување со отпад, природа и биолошка разновидност, климатски промени, здравје на луѓето и социо- економски аспекти. Во извештајот треба да се предвидат мерки за

надминување на сите идентификувани влијанија, како и да се утврдат мерки за следење на влијанијата.

Одлуката заедно со формуларот за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на интернет страната на Министерството за транспорт, www.mtc.gov.mk.

Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 67-2379/2
Датум: 08.05.2025
Место: Скопје

Министер
Александар Николоски

## Прилог 2 Известување за прифаќање на одлука

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
MINISTRIA E TRANSPORTIT
Скопје - Shkup
Примено: 10.06.2025
67-2379/8

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Арх.бр./Nr. Arkivi. 15-2243/2
Дата/Data: 03-06-2025

672

До: Министерство за транспорт
Ул. Црвена Скопска Општина бр. 4
1000 Скопје
Република Северна Македонија

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 67-2379/4 од 08.05.2025 год.

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за просторно планирање под бр. 15-2243/1 од 12.05.2025 год., поврзано со постапка за носење на планска документација за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП бр. 3038/1, на дел од КП бр. 3099/1 и на дел од КП бр. 3135/1, КО Неготино – Општина Неготино, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Сл.весник на РСМ" бр. 89/22 и 171/22) Вашата Одлука за спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина бр. 67-2379/2 од 08.05.2025 год. и Формуларот бр. 67-2379/3 од 08.05.2025 год., Министерството за животна средина и просторно планирање **ги прифаќа.**

Deri te: Ministria e Transportit
Ulica Crvena Skopska Opshtina nr. 4
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Lënda: Njoftim
Lidhja: Nr. Juaj 67-2379/4 nga data 08.05.2025

Të nderuar,

Në lidhje me kërkesën Tuaj të dërguar në Ministrinë e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor - Sektori për planifikim hapësinor me nr. 15-2243/1 nga data 12.05.2025, e cila lidhet me procedurën për miratimin e dokumentacionit planifikues për Plan urbanistik me rëndësi shtetërore për zona dhe objekte për rregullimin e tokës me destinim E1.13 – Centrale diellore dhe fotovoltaike në sipërfaqe me kapacitet mbi 10 MW në pjesë të PK nr. 3038/1, pjesë të PK nr. 3099/1 dhe pjesë të PK nr. 3135/1, KO Negotinë – Komuna e Negotinës, ju informojmë se, në përputhje me Ligjin për mjedisin jetësor ("Gazeta Zyrtare e RM" nr. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 dhe 99/18 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV" nr. 89/22 dhe 171/22), Vendimi juaj për realizimin e Vlerësimit strategjik të ndikimit në mjedisin jetësor me nr. 67-2379/2 nga data 08.05.2025 dhe Formulari nr. 67-2379/3 nga data 08.05.2025, Ministria e mjedisit jetësor dhe planifikimit hapësinor **i pranon.**


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
SEKTORI I PLANIFIKIMIT HAPËSINOR

Одлуката заедно со формуларите задолжително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Vendimi së bashku me formularët detyrimisht të publikohen në faqen e internetit të organit që përgatit dhe miraton dokumentin planifikues.

Со почит,

Me respekt,

МИНИСТЕР/MINISTËR
Izet Mexhiti

Изработил/Përpiloi: Zariye Abazi
Контролирал/Kontrolloi: Дајана Марковска Ристеска
Одобрил/Miratoi: Nebi Rexhepi

Одобрил/Miratoi: Resmi Ejupi, Државен секретат/Sekretar shtetëror
Кабинет на министер / Kabineti i ministrit
Согласен / Me pëlqim të:
Husamed Agushovski


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

**Прилог 3 Граници на планскиот опфат**



**Прилог 4 Користење на земјиште**



**Прилог 5 Систем на населби и сообраќајна мрежа**



**Прилог 6 Водостопанска и енергетска инфраструктура**



**Прилог 7 Реонизација и категоризација на просторот за заштита**



**Прилог 8 Местоположба на локацијата и ружа на ветрови**

**Плански опфат 1**



**Плански опфат 2**

**Местоположба на локацијата и ружа на ветрови**



**Плански опфат 3**

Местоположба на локацијата и ружа на ветрови



**Прилог 9 Ситуација на непостојани водотеци во планскиот опфат (извор: Хидрологија на водотеци)**




VARDAR
VARDAR
VARDAR
Dunjica
Manastirska skrka
Skrkite
Dubrovačka skrka
Bučeto
Šturlenc
124.1
136.5
112.3
113.4
189
194
195
150
130
K 15/3.5
СЛИВНИ ПОВРШИНИ НА ВОДОТЕЦИ
- НУМЕРИРАЊЕ
- СЛИВ_1 ... F = 0.145 $км^2$
т.е. СЛИВ НА НЕП. ВОДОТЕК-1
- ПОДСЛИВ_1.1 ... F = 0.075 $км^2$
т.е. СЛИВ НА НЕП. ВОДОТЕК-1.1
- ПОДСЛИВ_1.2 ... F = 0.037 $км^2$
т.е. СЛИВ НА НЕП. ВОДОТЕК-1.2
- СЛИВ_2 ... F = 0.025 $км^2$
т.е. СЛИВ НА НЕП. ВОДОТЕК-2
- СЛИВ_3 ... F = 0.640 $км^2$
т.е. СЛИВ НА НЕП. ВОДОТЕК-1
- ПОДСЛИВ_3.1 ... F = 0.192 $км^2$
т.е. СЛИВ НА НЕП. ВОДОТЕК-3.1
- ПОДСЛИВ_3.2 ... F = 0.384 $км^2$
т.е. СЛИВ НА НЕП. ВОДОТЕК-3.2
СИТУАЦИЈА
1 : 10 000
Лист бр. 1


СЛИВНИ ПОВРШИНИ НА ВОДОТЕЦИ
- НУМЕРИРАЊЕ
- СЛИВ_1 ... F = 0.123 км²
т.е. СЛИВ НА НЕП. ВОДОТЕК-1
- СЛИВ_2 ... F = 0.150 км²
т.е. СЛИВ НА НЕП. ВОДОТЕК-2
- ПОДСЛИВ_1 ... F = 0.071 км²
т.е. СЛИВ НА НЕП. ВОДОТЕК-2.1
- ПОДСЛИВ_2 ... F = 0.064 км²
т.е. СЛИВ НА НЕП. ВОДОТЕК-2.2
СЛИВ НА ВОДОТЕК-1
СЛИВ_1
F = 0.123 км²
СЛИВ НА ВОДОТЕК-2
СЛИВ_2
F = 0.150 км²
водотек_2.1
водотек_2.2
Непостојан водотек_1
Непостојан водотек_2
VARDAR
Manastirska skrka
Skrkite
Dubrovačka skrka
Bučeto
Staro dubrovo
Šturlenc
ЛЕГЕНДА:
СЛИВНА ПОВРШИНА НА СЛИВ
СЛИВНА ПОВРШИНА НА ПОДСЛИВ
НЕПОСТОЈАН ВОДОТЕК
ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ
СИТУАЦИЈА
1 : 10 000
Лист бр. 1

**Прилог 10  Објава на нацрт СОЖС на интернет страна на министерство за транспорт**


Република Северна Македонија
Министерство за транспорт
Мени
МК
Пребарај

Нацрт Извештај за УППГДЗ уредување на земјиште со намена Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани над 10 MW на дел од КП 3038/1, на дел од КП 3099/1 и на дел од КП 3135/1, КО Неготино

nacrt-izvestaj-za-uppgdz-ureduvanje-na-zemjiste-so-namena-e113-povrsinski-solarni-i-fotovoltaicni-elektrani-nad-10-mw-na-del-od-kp-30381-na-del-od-kp-30991-i-na-del-od-kp-31351-ko-negotino-file-aK8l.pdf

**Прилог 11  Објава на нацрт СОЖС на интернет страна на општина Неготино**





22/07/2025 | Животна средина, Новости, Соопштенија | admin

Известување за организирање на општ јавен повик за одржување на јавна презентација по урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани над 10MW на деп од КП 3038/1, 3099/1, 31355/1 КО Неготино- Општина Неготино, изработен од ДУПИ ТЕКТОН ДООЕЛ, друштво за консалтинг за животна средина Манеко Солушнс ДООЕЛ Скопје изработи нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина.Нацрт извештајот е изработен согласно одлуката за спроведување на стратегиска оцена на животната средина на Министерството за транспор, арх.бр.67-2379 од 09.05.2025год.

Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина ќе биде прикачена на веб страната на Општина Неготино www.negotino.gov.mk , а заинтересираната јавност може да направи увид во документацијата од 22.07.2025 до 22.08.2025 година.

Забелешки, мислења и предлози може да се достават во електронска форма на следната е-адреса: info@negotino.gov.mk или во писмена форма за време на стручно презентирање на Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина, кое ќе се одржи на ден 13.08.2025год. (среда) во 10 часот во салата на Опшина Неготино.

Nacrt SOZS – UPPGDZ za folovoltaicna centrala, Negotino

Previous: 32 вонредна седница на Советот на општина Неготино 18.07.2025 година

Next: Барање за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола

Барај

Последни вести

62 редовна седница на Советот на општина Неготино 26.08.2025 година

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на

**Прилог 12  Објава во дневен весник**



WWW.SLOBODENPECAT.MK

## Известување за организирање на општ јавен повик за одржување на јавна презентација за Нацрт СОЖС извештај

Известување за организирање на општ јавен повик за одржување на јавна презентација по урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани над 10MW на дел од КП 3038/1, 3099/1, 31355/1 КО Неготино- Општина Неготино, изработен од ДУПИ ТЕКТОН ДООЕЛ, друштво за консалтинг за животна средина Манеко Солушнс ДООЕЛ Скопје изработи нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина.Нацрт извештајот е изработен согласно одлуката за спроведување на стратегиска оцена на животната средина на Министерството за транспор, арх.бр.67-2379 од 9.5.2025 год.

Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина ќе биде прикачена на веб страната на Општина Неготино www.negotino.gov.mk, а заинтересираната јавност може да направи увид во документацијата од 22.07.2025 до 22.08.2025 година.

Забелешки, мислења и предлози може да се доставaт во електронска форма на следната е-адреса: info@negotino.gov.mk или во писмена форма за време на стручно презентирање на Нацрт Извештај за Стратегиска оцена на животната средина, кое ќе се одржи на ден 13.8.2025 год. (среда) во 10 часот во салата на Општина Неготино.

**Прилог 13 Извештај од спроведена јавна расправа и консултации со јавноста по повод нацрт ивештајот за стратегиска оценка за животна средина**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НЕГОТИНО
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
НЕГОТИНО
Примено: 14. 08. 2025
11 | 795/2

**ЗАПИСНИК**

од одржана јавна презентација за

**Нацрт извештај за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) за**

**Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани над 10mw на делови од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино**

Согласно законските обврски дадени во Законот за животна средина, на ден 13.08.2025 година (среда) во салата на општина Неготино се одржа јавна презентација на нацрт извештај за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани над 10mw на делови од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино.




**Слика** Презентирање на нацртизвештај за стратегиска оцена на животната средина (СОЖС) за Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани над 10mw на делови од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино - општина Неготино

На јавната презентација присуствуваа 13 лица, претставници од општина Неготино, претставници на инвеститорот и консултантите за животна средина одговорни за подготовка на нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина. Листата на присутни на јавната презентација дадена е во прилог 1.

Јавната презентација ја водеше м-р Марјан Михајлов, експерт за СОЖС, одговорно лице за подготовка на нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина.



**Слика** Присутни на јавната презентација

М-р Марјан Михајлов, им се заблагодари на сите за присуството и истакна дека ова е постапка што се спроведува согласно законот за животна средина и има за цел уште од најрана фаза на подготовка да ги анализира потенцијалните влијанија поврзани со планскиот документ и да идентификува евентуални конфликти со други поврзани плански документи и да се направат сите неопходни промени во најрана фаза заради избегнување или ублажување на влијанија. Напомена дека колку е планскиот документ од повисоко ниво, толку неговото стратешко значење е поголемо. Исто така нагласи дека овој документ не се бави со технички детали, односно тоа се врши во рамки на студија за оценка на влијание врз животна средина или елаборат за заштита на животна средина, што ќе следи во наредната фаза на подготовка на проектно техничка документација.

Ги презентираше основните информации за планскиот документ, одговорната институција што го подготвува планскиот документ и кој надлежен орган за СОЖС постапката.

Истакна дека целта на СОЖС извештајот е да се идентификуваат и анализираат влијанијата врз ж.с. од планскиот документ уште во фазата на неговата подготовка и да се предвидат соодветни мерки за спречување и контрола на влијанијата, да се обезбеди можност за вклучување на еколошки, социјални и економски размислувања во подготовката на планскиот документ, да се обезбеди транспарентен процес и широко вклучување на сите заинтересирани и засегнати страни преку конструктивна дискусија и размена на мислења и да се направи обезбеди транспарентен процес и широко вклучување на сите заинтересирани и засегнати страни преку конструктивна дискусија и размена на мислења. Значајно е тоа што документот се разгледува во врска со локални, регионлни и национални стратешки документи за да се идентификуваат сите можни конфликти.

Нагласи дека вклучувањето на јавноста во постапката е од особено значење. Оваа планска документација има обврска за јавен увид и дека треба да се направи на посеопфатен начин.

Михајлов ја прикажа предметната локација на карта и ја објасни намената на планската документација.

Напомена дека се идентификувани области што се релевантни за планскиот документ, а тоа се водите и биолошката разновнидност, заради што во тек се годишни истражувања на биолошката разновидност, односно на живеалишта, птици, влечуги, водоземци, флора и цицачи.

Исто така во самата постапка вклучен е и социјалниот аспект, затоа што дел од површините се користат за одгледување на лозови насади, а има и пренамена на земјштето и тие што се засегнати треба да бидат соодветно компензирани.

На крајот, Михајлов ги истакна следните чекори поврзани со финалилизирање на СОЖС постапката и подготовка на финален СОЖС извештај:

- Подготовка на записник од јавната расправа,
- Подготовка на извештај од вклучување на јавноста во СОЖС постапката,
- Подготовка на финален СОЖС извештај и доставување до МЖСПП на одобрување.

По завршување на презентацијата за нацрт СОЖС извештајот се премина на прашања и дискусија.

Маја Јаневска рече дека бенефитот од активноста е моментален, со оглед на тоа што фотоволтаичните панели имаат рок на траење од 10-15 години и потоа стануваат електронски отпад со кој немаме стратегија за соодветно постапување. Исто така праша зошто мора да се поставуваат фотоволтаичните панели за земјиште, наместо природа, треба да се гледа во огледала. Зошто не се најде некоја алтернатива, да се постават на некои настрешници и сл.

Михајлов истакна дека изработката на планскиот документ ги следи акутелните правни правни насоки за подготовка на ваков тип на документиција од аспект на класи на земјиште што диктираат избор на локации. Освен овие, во овој момент не постојат други законски ограничувања или препораки за избор на земјиште, или приоритет на деградирано земјиште како локации за ваков тип на активности.

Весна Ѓорчева кажа дека има разлика кога се работи за државна и приватна парцела и кога станува збор за приватна парцела сопственикот може да прави што сака.

Јулијана Ристова, претставник на инвеститорот, кажа дека сите сопственици на парцелите биле контактирани и сите се согласиле да ги отстапат парцелите и биле направени соодветни измени во катастарот.

Општина Неготино

14.08.2025

**Прилог 1 Листа на присутни на јавната презентација**



**ЛИСТА НА ПРИСУТНИ**

Јавна расправа за Нацрт извештај за стратегиска оцена на животната средина за

Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за уредување на земјиште со намена Е1.13 -површински соларни и фотоволтаични електрани над 10mw на делови од КП 3038/1, 3099/1 и 3135/1, КО Неготино, општина Неготино

Неготино, 13.08.2025 година

| Име и презиме | Институција | Контакт (телефон/E-mail) | Потпис |
|---|---|---|---|
| Орданчо [illegible] | / | [redacted] | [redacted] |
| Јулијана Ристова | Општина [illegible] | [redacted] julijana.ristova[illegible]@yahoo.com | [illegible] |
| Елена Атанасова | Општина Неготино | [redacted] elenaatanasova0406@gmail.com | [illegible] |
| Ванчо Петров | Општина Неготино | [redacted] p.vanco@yahoo.com | [redacted] |
| Маја Јаневска | Општина Неготино | [redacted] majajanevska73@yahoo.com | [redacted] |
| ВЕСНА ГОРЧЕВА | ОПШТИНА НЕГОТИНО | [redacted] vesnagorceva@gmail.com | [redacted] |
| [illegible] [illegible] | Општина Негот. | [redacted] | [redacted] |
| МАРЈАН МИХАЈЛОВ | МАНЕКО СОЛУШНС | [redacted] | [redacted] |
| Надежда Поп[illegible] | Манеко Солушнс | m.popova@maneko.com.mk | [redacted] |
| Гордана Лазова | Општина Неготино | gordanalazova2@gmail.com | [redacted] |
| Јасминка [illegible] | Општина Неготино ЛЕР | jasminka_[illegible]@yahoo.com | [redacted] |
| Виолета Бошкова | -//- | [redacted] | [redacted] |
| ВАСКА ЈОВАНОВА | општ. Неготино | vaskajovanova@hotmail[redacted] | [redacted] |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**KPAJ**